**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје**
**Филозофски факултет – Институт за социологија**
**Постдипломски студии по социологија**

Магистерски труд

# ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА И ЈАВНОСТА: МАКЕДОНСКИ КОНТЕКСТ



**Кандидат:**
Ивана Драговиќ
Број на индекс 4648/13

**Ментор:**
Доц. д-р Марија Дракуловска -Чукалевска

Скопје, октомври 2015

## Благодарност

Во оваа прилика ја изразувам мојата благодарност на следниве организации и индивидуи кои ми помогнаа и ми овозможија да го завршам овој дел од моето школување.

Пред сите останати изразувам благодарност на Филозофскиот факултет кој позитивно одговори на моите пријави на прв и втор цикус на студии и даде можност да бидам дел од академскиот живот на Филозфскиот факултет.

Моја искрена благоданост должам на моите драги професорки, професори на Институт за социологија на Филозофски факултет за постојаната поддршка и помош и изразена колегијалност во текот на студирањето на прв и втор циклус студиии, а особено во делот за пријавување и одобрување на магистерските тези.

Искрена благодарност до мојата менторка доц. д-р Марија Дракуловска-Чукалевска која покажа трпение и внимателно ме водеше низ овој академски степен. Моја длабока почит и топла благодарност до членовите на комисијата, проф. д-р Зоран Матевски и проф. д-р Антоанела Петковска, за коментарите и сугестиите.

Изразувам искрена благодарност до моето семејство и моите пријатели кои ме охрабруваа, помагаа и внимателно го следеа моето школување.

На сите нив од сè срце им се заблагодарувам.

**Апстракт**

Основна цел на овој магистерски труд е обработување на прашањата кои се однесуваат на глобализацијата, низ димензиите на економската, политичката и комуникациската перспектива. Предмет на истражувањето е анализа на мерењето за присуството на глобализацијата во македонски контекст, т.е. одредување на степенот на вклученоста на македонското општество во процесите на глобализацијата и оценките на јавноста во однос на глобализацијата. Појдовната претпоставка на овој магистерски труд е дека присуството и ставовите кон глобализацијата се одредуваат преку оценувањето на поголемото присуство на меѓународните фактори во политичките, економските и информациско-технолошките аспекти во земјава. Ставовите кон глобализацијата се оценуваат во однос на оценките на јавноста кон поголемо присуство на странски фирми, полесна комуникација, поголема трговија, поголема присутност на филмската продукција, полесно патување и комуницирање со странство. Очекувањата се дека ставовите ќе се разликуваат според социодемографските белези на испитаниците, нивните ставови кон економијата, секојдневниот живот, политичките ориентации и начинот на живот. Предметот на истражувањето на магистерскиот труд е обработен на ниво на теорија и на ниво на емпирија. Во теорискиот дел се користат релевантните сознанија за дефинирање на глобализацијата, со посебен осврт кон нејзиното присуство во социологијата, но и теориски се разработени економските, политичките и културните димензии на глобализацијата. Пред да се пристапи кон емпириските анализи на предметот на истражувањето, ќе се разгледа односот помеѓу јавноста и глобализацијата, осврнувајќи се на самиот поим *јавност*, истражувањата на јавното мислење за јавноста и генералните ставови на јавноста кон глобализацијата, засновани на постоечките истражувања. Основниот методолошки пристап е кватитативен, каде што се користи анкетирањето како метод, но и аналза на документацијата. Врз основа на тоа, за потребите на истражуавњето, се користат и секундарни (како што се статистичка документација и добиените информации од достапните истражувања) и примарни извори на податоци (се користи анкетниот *Прашалник* како техника за собирање податоци) врз основа на целен примерок. Соодветно на видот на варијанти и поставените цели на емпириското истражување, анализата на анализираниот материјал се претставува на ниво на униваријантно и биваријантно ниво на анализа. За статистичкото тестирање на хипотезите се користеше *хи-квадратот* како тест на асоцијација помеѓу варијантите. Коефициентот на контингенцијата го изразува интензитетот на поврзаноста.

## СОДРЖИНА


| | | стр. |
|---|---|---|
| | Благодарност | I |
| | *Апстракт* | II |
| | Содржина | III |
| | Листа на табели | V |
| | Листа на слики | VI |
| | Користени кратенки | VII |
| | **ПРВ ДЕЛ** | 1 |
| | **ВОВЕД ВО ПРОБЛЕМОТ** | |
| **1.1** | **Цели и задачи** | 5 |
| **1.2** | **Структура на трудот** | 6 |
| | **ВТОР ДЕЛ** | 8 |
| | **ПРЕДМЕТ И МЕТОДИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО** | |
| **2.1.** | **Дефинирање на предметот на истражувањето** | 8 |
| | *2.1.1 Теориско одредување на предметот* | 9 |
| | *2.1.2 Операционално одредување на предметот на истражување* | 11 |
| **2.2** | **Хипотетска рамка** | 12 |
| **2.3** | **Методолошки пристап** | 16 |
| | *2.3.1 Дизајнирање на примерокот* | 16 |
| | **ТРЕТ ДЕЛ** | 18 |
| | **ТЕОРИСКИ ПРИСТАПИ И ДИМЕНЗИИ НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА** | |
| **3.1** | **Сфаќања за глобализацијата во социологијата** | 18 |
| **3.2** | **Димензии за глобализацијата и практични импликации** | 25 |
| | *3.2.1 Економска димензија на глобализацијата* | 26 |
| | *3.2.2 Политичка димензија на глобализацијата* | 30 |
| | *3.2.3 Културна димензија на глобализацијата* | 34 |
| | *3.2.4 Глобализација и комуникација* | 37 |
| | **ЧЕТВРТИ ДЕЛ** | 43 |
| | **ЈАВНОСТА ЗА ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА** | |
| **4.1** | **Јавноста и јавното мислење** | 43 |
| **4.2** | **Истражување на јавното мислење за глобализацијата** | 48 |
| **4.3** | **Доминантните ставови на јавноста во однос на глобализацијата** | 54 |

| | | |
|---|---|---|
| | **ПЕТТИ ДЕЛ** **РЕФЛЕКСИИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО** | 61 |
| **5.1** | **Глобализацијата во македонското општество** | 61 |
| | *5.1.1 Присуството на меѓународната политика во македонското општество* | 61 |
| | *5.1.2 Присуството на меѓународната економија во македонското општество* | 67 |
| | *5.1.3 Присуството на новите информациски технологии за комуникација македонското општество* | 73 |
| **5.2** | **Ставовите на јавноста кон глобализацијата** | 76 |
| | *5.2.1 Оценки за глобализацијата* | 79 |
| | *5.2.1.1 Информираноста на испитаниците за глобализацијата* | 79 |
| | *5.2.2.2 Перцепциите на испитаниците за значењето на глобализацијата* | 80 |
| | *5.2.2.3 Личниот став на испитаниците кон глобализацијата* | 82 |
| **5.3** | **Оцени за присуството на глобализацијата во економијата** | 88 |
| **5.4** | **Оцени за присуството на глобализацијата во политиката** | 96 |
| **5.5** | **Оцени за присуството на глобализацијата во култура и информациската и комуникациската технологија** | 98 |
| | **Заклучок** | 107 |
| | **Библиографија** | 113 |
| | **Прилози** | 119 |

# ЛИСТА НА ТАБЕЛИ


| Број | Наслов | страна |
|---|---|---|
| Табела 1. | Карактеристики на либерално-демократскиот и утилитарно-демократскиот концепт во однос на јавноста и јавното мислење | 46 |
| Табела 2. | Меѓународни организации во Република Македонија | 62 |
| Табела 3. | Дистрибуција на испитанците според одредени белези, Р.Македонија, 2015 | 78 |
| Табела 4. | Процентуална дистрибуција и вкрстување на одговорите за 'личниот став кон глобализацијата', според социо-демографските и политичките фактори на влијание, РМ, 2015 | 83 |
| Табела 5. | Дистрибуција на одговорите за пазарна економија, модерниот начин на живот, масовната потрошувачка и комерцијализација, традиционалниот начин на живот | 85 |
| Табела 6. | Вкрстување на личниот став и влијанието на глобализацијата со *'симболичките варијабли'* за глобализацијата, РМ, 2015 | 86 |
| Табела 7. | Вкрстување на личниот став и влијанието на глобализацијата според промени во економијата и доволно храна, РМ, 2015 | 87 |
| Табела 8. | Вкрстување на одговорите за 'значењето на трговијата и бизнис врските' со социо-демографските и политичките фактори на влијание, РМ, 2015 | 89 |
| Табела 9. | Резултати од статистичко тестирање на хипотезите | 91 |
| Табела 10. | Вкрстување на *'трговијата и бизнис врските'* со *'симболичките варијабли'* за глобализацијата, РМ, 2015 | 92 |
| Табела 11. | Вкрстување на одговорите за *'трговијата и бизнис врските'* со *'промени во економијата'* и *'доволност на храна'*, РМ, 2015 | 93 |
| Табела 12. | Дистрибуција и вкрстувања на одговорите за 'значењето на економските врски и комуникацијата' според социо-демографките и политичките фактори на влијание, РМ, 2015 | 94 |
| Табела 13. | Преглед на статистичко тестирање на хипотезите | 95 |
| Табела 14. | Вкрстување на економски врски и забрзана комуникација со очекувањата од промените во економијата | 96 |
| Табела 15. | Процентуална дистрибуција на одговорите за влијанието на глобализацијата врз политиката во Р.Македонија, РМ, 2015-09-13 | 97 |
| Табела 16. | Дистрибуција на одговорите и вкрстувањата за значењето на побрзата комуникација и поголемите шанси за патувања според социо-демографските и политичките фактори на влијание, РМ, 2015 | 99 |
| Табела 17. | Преглед на статистичко тестирање на хипотезите | 100 |
| Табела 18. | Вкрстување на значењето на побрзата комуникација и поголемите шанси за патувања со „симболичките варијанти“ за глобализацијата, РМ | 101 |
| Табела 19. | Дистрибуција и вкрстување на одговорите за достапноста на филмовите, ТВ и музика според социо-демографски политички фактори на влијание, РМ, 2015 | 102 |
| Табела 20. | Преглед на статистичкото тестирање на хипотезите | 103 |
| Табела 21. | Вкрстување на достапноста на филмовите, ТВ и музикаката со „симболичките“ варијанти за глобализацијата, РМ, 2015 | 104 |
| Табела 22. | Процентуална дистрибуција на одговорите за користење на интернетот, РМ, 2015 | 106 |

# ЛИСТА НА СЛИКИ


| Број | Наслов | Страна |
|---|---|---|
| Слика 1. | Шематски приказ на истражувачките хипотези | 13 |
| Слика 2. | Ставови за глобализацијата | 54 |
| Слика 3. | Одговори на тврдењето *Сиромашните земји имаат иста полза од глобализацијата како и богатите* | 55 |
| Слика 4. | Трендот во меѓународната трговија и инвестициите | 68 |
| Слика 5. | Меѓународна трговска размена на Р.Македонија: 1992-2014 | 69 |
| Слика 6. | Странски директни инвестиции во Р.Македонија: 1998-2004 (во милиони американски долари) | 70 |
| Слика 7. | Промени во движењето на странските директни инвестиции во Р.Македонија, базичен период 2003 година | 71 |
| Слика 8. | Користење информациско комуникациска технологија во домаќинствата, според тип на населено место, по години (во %) | 74 |
| Слика 9. | Деловни субјекти кои користат интернет, РМ; 2006-2014 | 75 |
| Слика 10. | Процентуална дистрибуција на одговорите за степенот на информираност за глобализацијата, РМ, 2015 | 79 |
| Слика 11. | Процентуална дистрибуција на одговорите за значењето на глобализацијата во РМ, 2015 | 81 |
| Слика 12. | Процентуална дистрибуција на одговорите за присуството на глобализацијата во светски рамки и во РМ, 2015 | 82 |
| Слика 13. | Процентуална дистрибуција на одговорите за влијанието на глобализацијата во Р.Македонија, РМ, 2015 | 84 |
| Слика 14. | Процентуална дистрибуција на одговорите за присуството на глобалната економија и директните странски инвестиции во економијата во Р.Македонија, РМ, 2015 | 88 |
| Слика 15. | Процентуална дистрибуција на одговорите за организации кои се најприсутни во Р.Македонија | 97 |
| Слика 16. | Процентуална дистрибуција на одговорите за влијанието на глобализацијата врз медиумската сфера во Р.Македонија, РМ, 2015 | 105 |

## КОРИСТЕНИ КРАТЕНКИ

Акциони планови (АП)

Бруто домашен производ (БДП)

Бруто општествен производ (БОП)

Висок комесаријат за бегалци на Обединетите Нации (УНХЦР)

Државен завод за статистика на Република Македонија (ДЗС)

Европска комисија (ЕК)

Европска унија (ЕУ)

Закон за технолошко- развојни индустриски зони (ТРИЗ)

Институција на Обединетите нации за помош на децата (УНИЦЕФ)

Информатичка технологија (ИТ)

Информациски и комуникациски технологии (ИКТ)

Коефициент на контингенција (С.С)

Меѓународен монетарен фонд(ММФ)

Меѓународни невладини организации (МНВО)

Меѓународни организации  (МО)

Меѓународна организација на трудот (МОТ)

Национална стратегија за развој на информатичко општество (НСРИО)

Национална политика за информатичко општество (НПИО)

Народна банка (НБ)

Невладини организации (НВО)

Обединети нации (ОН)

Организации на Обединети нации (ООН)

Организација за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ)

Организација за образование, наука и култура на Обединетите нации (УНЕСКО)

Организација за економска соработка и развој (ОЕЦД)

Организација на Обединетите нации за развојни програми (УНДП)

Процес на соработка во Југоисточна Европа (ПСЈИЕ)

Република Македонија (РМ)

Светска банка (СБ)

Светска економска организација (СЕО)

Светска здравствена организација (СЗО)

Светска трговска организација (СТО)

Северно- американски договр за слобдна трговија (НАФТА)

Северно-атлантска алијанса (НАТО)
Совет на Европа (СЕ)
Соединети Американски Држави (САД)
Statistical Program of Social Sience (SPSS)
Странски директни инвестиции (СДИ)
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ (УКИМ)
Управа за јавни приходи (УЈП)
Хелсиншки комитет (ХК)
Централно-европска иницијатива (ЦЕИ)
Централо-европски договор за слободна трговија (ЦЕФТА)

# ПРВ ДЕЛ
# ВОВЕД ВО ПРОБЛЕМОТ

Меѓу најзначајните теми и области на истражување во современата општествена наука е глобализацијата. Таа е централна тема со која се преокупирани социјалните мислители од повеќе општествени дисциплини (социологија, културна антропологија, економија, политика, географија), кои настојуваат да ја истражат нејзината природа, карактеристиките и нејзините амбивалентни ефекти во различните општествени контексти. Нејзината актуелност се врзува и за интензивното продирање во сите сегменти од општествениот живот. Тоа е особено изразено во економијата, пазарот, капиталот, политиката, културата, комуникациите, туризмот, па сè до најинтимните делови од животот на современиот човек. Таа овозможи светот да го перципираме како една целина, да ја јакнеме свеста и припадноста за тој свет и, при тоа, да не сме изолирани од случувањата кои се одвиваат таму некаде. Оттука, произлегуваат и асоцијациите за глобализацијата дека таа претставува "процес на светското општество" (Урлих Бек), "глобално село" (Меклуан) и претставува феномен кој не може да се игнорира. За тоа, зборуваат, сведочат статистичките податоци, во однос на порастот на глобалните мрежни поврзувања. Бројот на интернет – корисниците, од 1995 година наваму, е пораснат од 16 милиони на нешто повеќе 1.565 милијарди во 2008, а се очекува во 2015 година да достигне и до 3 милијарди (Global Internet Report, 2014). Во таа смила, податоците покажуваат и експоненцијален пораст на туристи и мигранти. Сите овие движења упатуваат на забрзаното продирање на глобализацијата во сите делови од светот. Имено, најагресивниот продор на глобализацијата е во економската сфера, поточно, преку моќните транснационални компании и нивното инвестирање во помалку развиените земји во коишто имаат за цел да го акумулираат својот капитал. При тоа, ги наметнуваат своите културни вредности и инсистираат на глобалната локализација. Нејзиниот продор се забележува и во политичката сфера, посебно преку улогата на меѓународните институции и организации кои влијаат врз националните влади. Сепак, продорот на глобализацијата во овие сфери, е неможен без комуникациите. Тие, пред сè, ги промовираат рецентните

процеси на еден брз и лесен начин, наметнувајќи модерен начин на живеење преку културните идентификатори (јазикот, музиката, уметноста), коишто, од една страна, ги хомогенизираат, а од друга страна ги хетерогенизираат општествата и културите.

Сето ова упатува на заклучокот дека глобализацијата е неминовен феномен, како за центарот така и за периферијата и, при тоа, таа силно се чувствува во бихевиоралното однесување на современиот човек и претставува важен сегмент за нивната иднина. Како што забележува, Мануел Кастелс, во неговата книга *Моќта на идентитетот,* светот и животите на луѓето започнуваат да се оформуваат според конфликтните трендови на глобализацијата и идентитетот (Castells, 2002).

Токму поради конфликтната  и контроверзната природа на феноменот на глобализацијата, како во секојдневниот живот така и во академските кругови, дефинирањето на глобализацијата е мошне тешко. Тие се многу општи или пак се фокусирани на објаснувањето на некои пооделни аспекти од општественото делување, како, на пример, порастот на трговијата или ерозија на националната држава и нејзините белези и сѐ поголемата меѓузависност на општествата и културите. Овие импликации при дефинирањето на глобализацијата, произлегуваат и од бројните методолошки пристапи за нејзиното истражување, поточно, во непостоењето на консензус за прашањата кои се разгледуваат под името на глобализацијата.

Токму затоа, во социолошката литература за глобализацијата се среќаваат различни групи теории. Во првата група се авторите Урлих Бек, Имануел Волестин, Томас Фридман, коишто глобализацијата ја означуваат како историска нужност. Во втората група се теориите на Џон Томсон и Кенчи Охме, коишто глобализацијата ја сметаат за мит. Како 'противстав' на овие групи е групата теоретичари според кои глобализацијата се тематизира и се истражува како објективен процес. Оваа идеја ја наоѓаме во делата на Роналд Робертсон, Ентони Гиденс, Малком Вотерс, Мартин Елроу, во коишто глобализацијата е анализирана како објективен и планетарен процес.

Џорџ Рицер, Јан Арт Шолте и Џорџ Сорос ја застапуваат идејата дека глобализацијата е проект на Западот и истакнуваат дека светот сѐ повеќе се американизира. Во овој контекст, значајни се идеите на авторите кои зборуваат

за глобализацијата како интеграција на светот, но и оние кои размислуваат за глобализацијата како процес кој го фрагментира светот.

Токму поради сложената и контрадикторна природа на глобализацијата, во јавноста постојат различни ставови. Нивното идентификување зависи од оценките за глобализацијата во зависност од специфичниот општествен контекст. Во регионите од светот кои се помалку развиени, доминираат негативните ставови, додека, пак, во развиените делови од светотот кај јавноста се изразени позитивните ставови. Зошто? Едно од објаснувањата се поврзува со фактот дека глобализацијата претставува ланец на промени кои се случуваат во различни области на општественото живеење и влијаат врз трансформацијата на сите потсистеми на општественото живеење (Moren, 1989). Тие се видливи во сферата на економијата каде што, со формирањето на регионалните и светските пазари, преку доминација на моќта и влијанието на големите, светските корпорации, се одразуваат и во политичката сфера, во којашто националната држава го губи својот суверенитет, а со тоа се намалува и самостојното одлучување од страна на националните влади.

Колку е државата помалку економски богата, помалку влијателна на светската политичка сцена, а тоа значи помалку развиена, толку потенцијалите за ваквото *„поробувачко“* сценарио се повидливи во сите сфери од општественото живеење. Како противтежа на овој "поробувачки" аспект на глобализацијата, се јавуваат и отпори во смисла на регресивни процеси, а тоа значи враќање кон старите затворени држави и економии. Секако, дека ниту една ниту другата опција не се констатираат како исправни решенија. Единствено решение е развојот на модерно и демократско општество, општество во кое, без двоумење, треба да се исползуваат позитивните страни на глобализацијата во локален контекст. Но, за тоа да се случи, потребни се дискусии, дебати, истражувања и следење на оваа појава.

Актуелни се дебатите во однос на одредување на ефектите од глобализацијата во сите сфери на живеењето, но не помалку значајни се и следењето и изучувањето на односот на јавноста кон овој релативно нов феномен.

Во прилог на ова како значаен аспект на модерното општество се смета и аспектот како јавноста размислува за еден значаен феномен. Во оваа прилика, тоа се смета за особено значајно ако имаме предвид дека глобализацијата е

*неповикан* гостин и е секојдневно присутен во нивните животи. Во овој прилог, прашањата *какви се трендовите на размислувањата на јавноста во однос на глобализацијата?* Или: *Во кој обем објаснувачките варијанти може да ги опишат ставовите кон глобализацијата?* е поле за кое треба емпириски сознанија.

Јавноста игра особено важна улога во општеството, а нејзината улога не се менува ниту во процесот на глобализација. Јавноста, сама по себе, е мултидимензионален феномен, којашто во себе содржи нормативни компоненти и манифестира и бихејвиорални елементи (Shamir&Shamir, 2000).

Разбирањата за тоа како се доживува глобализацијата на локално ниво се сметаат за особено значајни како за теоријата, теориските сознанија, така и за практичните искуства, пред сè, во областите на социологијата, комуникацијата (меѓународната комуникација) и социологијата на комуникациите (Jie, 2013).

Република Македонија припаѓа во групата земји кои се помалку развиени и во таа смисла мерењето на присутноста на глобализацијата и истражувањето на мислењето за нејзина присутност е особено значајна, ако се има предвид дека државата припаѓа во групата земји во кои глобализацијата, можеби, има и негативно влијание во одредени сегменти. Имено, значењето е уште поголемо ако се знае дека глобализацијата ќе се чувствува уште повеќе во времето кое доаѓа.

Еден од обидите објективно да се истражи глобализацијата, преку 9претставување на теориските размисли во однос на присутноста на глобализацијата, е да се видат какви се согледувањата на македонската јавност во однос на овој феномен. Во таа смисла, може да се констатира дека проблемот на нашето истражување припаѓа во областа на социологијата на комуникациите и социологија на глобализацијата. Двете посебни социолошки дисциплини ги истакнуваат општествените аспекти, условеноста, анализирањето и објаснувањето на глобализацијата и процесите коишто, на непосреден начин, одат заедно со неа.

Поради комплексната и сложена природа на проблемот на истражувањето, во магистерскиов труд се фокусиравме на следниве истражувачките прашања:

*Во колкав степен е присутна глобализацијата во Република Македонија?*

*Какви се ставовите на јавноста во однос на глобализацијата?*

*Кои ставови се подоминантни?*

*Дали постои разлика во однос на одредени карактеристики на испитаниците во однос на искажаните ставови?*

Вкупниот истражувачкиот пристап во магистерскиов труд овозможува резултатите да дадат свој придонес, како во академските така и во применетите истражувања кои го следат односот на јавноста кон глобализацијата.

## 1.1 Цели и задачи

Основна цел на ова истражување е да го истражи прашањето на глобализацијата, да се анализира и да се објасни глобализацијата низ економската, политичката и комуникациската сфера, да го истражи односот на глобализацијата и јавноста воопшто, но и во македонски контекст. Исто така, основната цел е настојувањето да се истражат ставовите на македонската јавност за прашањето на глобализацијата, воопшто, како и за присуството на процесите на глобализацијата во македонски контекст.

Теориската цел на овие тези е согледувањето на присуството на глобализацијата во македонски контекст, а со што се очекува да се добие објективна и сеопфатна слика за глобализацијата. Со ова истражување очекуваме да се збогати постоечката литература од областа на глобализацијата, а воедно целта е да упати кон други насоки за поставување повисоки научни цели како појдовна точка за понатамошни анализи, но и за генерализирање на нови истражувачки потфати, во насока на следење на мислењето и откривање на трендовите во однос на глобализацијата.

Методолошката цел на истражувањето е развивање и збогатување на афирмираниот истражувачки пристап за вакви истражувања, а тоа е квантитативниот пристап, т.е. преку методот анкетирање.

Практичната цел на ова истражување е преку сознанијата добиени на теориско и научно ниво во однос на глобализацијата и нејзината присутност во

Р.Македонија, да бидат искористени во некои следни активности и истражувања кои би имале практичен карактер.

За тие цели, преку магистерскиов труд се обидовме да ги реализираме следниве задачи:

- да се претстави степенот, формите и димензиите на присутност на глобализацијата во Р.Македонија;
- да се истражат ставовите на јавноста за глобализацијата;
- да се истражат разликите во однос на ставовите од аспект на социо-демографските и социо-културните белези на испитаниците.

Актуелноста на поставените цели и задачи произлегуваат, пред сè, од значењето на глобализацијата во македонски контекст, во смисла на нејзиното интегрирање во меѓународните институции и мрежи. Сите поставени прашања се истражени и анализирани во трудов, во деловите што следат.

## 1.2 Структура на трудот

Магистерскиот труд е структуриран во пет дела. Во делот *Вовед* од трудов се истакнува проблемот на нашето истражување, како и основните цели и задачи. Вториот дел го дефинира предметот на истражувањето преку теориската рамка и неговата операционализација и дава преглед на литературата која се однесува на истражувањето на ставовите на јавноста во однос на глобализацијата. Теориското одредување на предметот на истражувањето во магистерскиов труд е претставен во третиот дел. Во него се обработуваат одредени аспекти од теориски гледишта за глобализацијата, а посебно нејзиното влијание во сферата на економијата, политиката, културата и комуникациите. Во посебен дел од трудов се разгледува односот помеѓу јавноста и глобализацијата, осврнувајќи се на самиот поим јавност, истражувањата на јавното мислење за јавноста и генералните ставови на јавноста кон глобализацијата, засновани на постоечките истражувања. Петтиот дел од трудот е посветен на резултатите и анализа на податоците од емпириското истражување, реалзирано за потребите на магистерскиот труд, коешто е поделено во два поддела. Во првиот поддел се анализите базирани на секундарните извори на податоци, а кои се осврнуваат на глобализацијата во

македонски контекст и тоа низ призмата на политиката, економијата и информациските технологии за комуникација во земјата. Вториот поддел е презентација на примарните извори на податоците, во којшто се истражува односот на македонската јавност кон глобализацијата. Во последниот дел се презентирани заклучните согледувања, базирани на теориските сознанија и емпириските резултати и анализи.

# ВТОР ДЕЛ
# ПРЕДМЕТ И МЕТОДИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Овој дел од магистерскиот труд е посветен на дефинирање на предметот на истражувањето, неговата теориска елаборација и операционализација. Соодветно на операционализацијата на варијантите е претставена хипотетската рамка која е изразена во истражувачкиот метод.

## 2.1 Дефинирање на предметот на истражувањето

Основно правило или, пак, едно од нив, во научниот пристап кон проучувањето на која било проблематика е дефинирањето на рамките на предметот на истражувањето. Од досега кажаното, може да се извлече заклучок дека фокус на истражувањето е анализа на мерењето на присуството на глобализацијата во македонски контекст и, пред сè, одредување на степенот на вклученоста на македонското општество во процесите на глобализацијата и оценките на јавноста во однос на глобализацијата.

Првиот аспект, а тоа е мерењето на присуството на глобализацијата, се анализира мерејќи ја глобализацијата преку следните три димензии: а) присуството на меѓународниот фактор во политичките активности; б) присуството во сферата на економијата и в) присуството и користење на новите информациски технологии за комуникација во македонското општество.

Вториот аспект во истражувањето е одредување на ставовите на јавноста кон глобализацијата и истата ќе биде проследена од аспект на мислењето на јавноста за глобализацијата, комуникацијата и патувањата, достапноста на филмови и телевизија, трговски и бизнис врски, трговија и комуникација. Објаснувачките варијабли за разликите во однос на гореспоменатите области се очекува да се разликуваат според одредени социодемографски фактори на влијание (пол, возраст, образование, работен статус), одредени ставови кон економијата, секојдневниот живот, политички ориентации и стилот на живот.

Согласно со расположивите капацитети за истражувањето во магистерскиот труд истражувањето е спроведено врз основа на целен

примерок, а резултатите добиени од истражувањево се однесуваат само на анкетираните единици за анализа.

### *2.1.1 Теориско одредување на предметот*

Бројноста и разновидноста во третирањето на глобализацијата, во смисла на постоечките теориски пристапи, се должи на нејзината доминација и влијание на развојот на општеството.

Глобализацијата потекнува од англискиот збор "the globe" што означува земја, округло или форма на топка. Она што е општо познато е дека постојат многу дефиници за одредување на глобализацијата. Така, на пример, во речникот глобализацијата се дефинира како проширување на влијанието на компаниите надвор од националните граници и зголемување на поврзаноста помеѓу економиите и културите на земјите (Your Dictionary.com,2008).

Во социолошката литература за глобализацијата се среќаваат повеќе теории кои, од различни аспекти, го анализираат овој феномен. Овде, пред сè, мислиме на Роналд Робертсон, Ентони Гиденс, Мартин Елброу, Дејвид Хелд, Малком Вотерс, Зигмунд Бауман, Џорџ Рицер, но и на автори кои ги истражуваат манифестациите на глобализацијата во сферите на економијата, политиката и комуникациите, за кои ќе стане збор подоцна во трудот.

Токму затоа, во магистерскиот труд тргнуваме од репрезентативното сфаќање на британскиот социолог Роналд Робертсон, кој се смета за одговорен за воведувањето на поимот глобализација во социологијата, во 80-тите години од минатиот век. Според него, глобализацијата претставува згуснување на светот и интензивирање на свеста за светот (Robertson, 1992: 8). Таа свест се зголемува како резултат на сè почестото разбирање на светот како една целина. На тој начин, можноста светот да се репродуцира, обновува како единствен, е сè поголема. За Робертсон зајакнувањето на свесноста за светот како целина е клучна во процесот на ширење на глобализацијата и, при тоа, се јакнат глобалните социјални релации. Во таа смисла, мошне коректна е и забелешката на Мартин Елброу, кој истакнува дека луѓето во светот се дел од едно светско општество. Глобализацијата упатува на сите процеси според кои луѓето на светот се составен дел од едно општество, глобалното општество (Ranten, 2005: 5).

Според Ентони Гиденс, глобализацијата е интензификација на општествените односи. Тој смета дека глобализацијата е "интензификација на општествените односи на светски план, којашто ги поврзува оддалечените места на таков начин што локалните случувања ги обликуваат настаните што се одиграле со километри далеку и vice versa" (Gidens, 1998: 69). На овој начин, глобализацијата може да се разбере како процес којшто, во исто време, го интегрира светот, но и го фрагментира. Оваа низа од идеи ни помага да ги разбереме и промените предизвикани од глобализацијата кои се јавуваат во сите сфери од општествениот живот според оската глобално – локално. Најголем дел од теориите, се интересираат за промените коишто се случуваат во економијата, политиката и комуникациите, на глобален план.

Во обидите глобализацијата емпириски да се документира, најголем број од истражувањата се фокусирани на тоа каков е односот кон економската глобализација. Како еден сеопфатен модел е моделот на Шеве и Слаугтер, кој се применува на податоците од истражувањата во Соединетите Американски Држави (САД). Во овие истражувања како важна одредница/детерминанта на глобализацијата се вештините кои ги поседуваат поединците. Оние коишто се високо квалификувани, имаат повисоко образование, имаат позитивен однос кон глобализацијата и последиците од неа, особено во делот на слободно движење на работните сили и слободната трговија (Scheve& Slaughter, 2001; Mayda & Rodrik, 2005).

Друга важна варијабла е партиската ориентација или партиско-идеолошката ориентација, којашто има своевидно влијание врз ставовите за глобализацијата. Се покажува дека лево ориентираните држави се отворени кон глобализацијата и мислењето на јавноста има влијание врз економските циклуси во земјите (Garrett, 1998). Истражувањата кои се однесуваат на ефектот на јавноста врз економските реформи, потврдуваат дека мислењето на јавноста е особено важно и е поважно во споредба со приходот во креирањето на реформите (Kaufman & Zuckermann, 1998; Przeworski, 1996).

Како значајна варијабла се и вредносните ориентации на јавноста. Податоците укажуваат дека испитаниците коишто имаат изразени чувства за државата и суверенитетот, покажуваат, во поголем дел, негативен однос кон глобализацијата, која е операционализирана преку (не)поддршката за државна контрола на трговијата (Mayda & Rodrik 2005; O'Rourke & Sinnott, 2001).

Врз основа на релевантните теориски и емпириски сознанија за глобализацијата и односот на јавноста кон овој современ мегатренд, во продолжение е претставен операционалниот концепт на предметот на истражувањето.

### *2.1.2 Операционално одредување на предметот на истражувањето*

Операционализацијата на предметот на истражувањето ја определуваат варијаблите и индикаторите користени во анализата. За одредување на присуството на глобализацијата во македонскиот контекст, како димензии за анализа, се следниве: а) присуството на меѓународниот фактор во политичките активности на земјата; б) сферата на економијата и в) присуството и практикувањето на новите информациски технологии за комуникација во македонското општество. За секоја димензија одделно определивме индикатори. Тоа се следниве:

- меѓународниот фактор во политичките активности на земјата. *Индикатори*: мерени преку странска помош, меѓународни организации и вовлеченоста на меѓународната заедница за одржување на мирот;
- меѓународна економска интеграција. *Индикатори:* остварена меѓународна трговија и странски директни инвестиции (СДИ);
- информациско технологиски аспекти. *Индикатори:* мерени преку бројот на интернет-корисници, веб-страни, меѓународни повици и патувања.

Како основа за операционализација на начинот на мерење на ставовите на јавноста кон глобализацијата е земено спроведеното истражување *Pew Global Attitudes Survey,* спроведено од страна на The Pew Research Centre (Edwards, 2006).

Зависната варијабла - глобализацијата која е предмет на ова истражување е операционализирана преку неколку аспекти. Тоа се следниве:

Прв аспект: *општ став за глобализацијата кој се мери преку*:

- личниот став и
- влијанието

Втор аспект: *став за глобализацијата во економијата, кој се мери преку*:

- значењето на трговијата и бизнис- врските;
- значењето на економските врски и комуникацијата.

Трет аспект: *став за глобализацијата во политиката,* кој се мери преку:

- влијанието во политиката.

Четвртиот аспект:*став за глобализацијата во културата,* кој се мери преку:

- значењето за достапноста на побрза комуникација и патувања;
- значењето за достапноста на филмови и телевизии.

Индикаторите претставуваат одговори добиени од анкетниот Прашалник, кој, во целост, е презентиран во *Прилози* – Прилог 2.

Објаснувачките варијабли за разликите во однос на гореспоменатите области, се очекува да се разликуваат според одредени социодемографски фактори на влијание (пол, возраст, степен на образование, работен статус) одредени ставови кон економијата, секојдневниот живот, политичките ориентации и начинот на живеење.

Очекуваните релации и насоки на влијание на независните променливи врз зависните променливи во форма на општа хипотеза и посебна хипотеза се претставени во следниот поддел.

## 2.2 Хипотетска рамка

Врз основа на поставените цели и задачи на нашето истражување, неговото теоретизирање и операционализирање на основните променливи ја определивме хипотетската рамка на истражувањето.

**Општа хипотеза:** Присуството и ставовите кон глобализацијата се одредуваат преку оценување на поголемото присуство на меѓународните фактори во политичките активности на земјата, економските и информациско-технолошките аспекти. Ставовите кон глобализацијата се оценуваат во однос на оценките на јавноста кон поголемото присуство на странски фирми, полесна комуникација, поголема трговија, поголема присутност на филмската

продукција, полесно патување и комуницирање со странство. Очекувањата се дека ставовите ќе се разликуваат според социодемографските белези на испитаниците, нивните ставови кон економијата, секојдневниот живот, политичките ориентации и начините на живеење.

Хипотетската рамка е претставена во слика 1, а насоките на влијанието на варијаблите се обележани со стрелките.

**Слика 1. Шематски приказ на истражувачките хипотези**




*Извор: Шематски приказ изведен врз основа на на шемата на Pew Global Attitudes Survey спроведено од страна на The Pew Research Centre (Edwards, 2006).*

Врз основа на општата хипотеза, одредени се следниве посебни хипотези кои покажуваат дека присуството на глобализацијата во Р.Македонија се оценува како поголемо колку повеќе се поприсутни политичките, економските и информациско-технолошките димензии на глобализација.

**Посебна 1.** Колку што е меѓународната заедница повеќе присутна и вклучена во земјата, толку и глобализацијата е поприсутна. Посебната хипотеза е разработена преку следниве три поединечни хипотези.

Поединечна 1.1. Доколку во земјата постои тренд на зголемување на бројот на меѓународни организации толку е поприсутна глобализацијата.

Поединечна 1.2. Доколку во земјата постои тренд на зголемени активности на меѓународните странски организации, толку е поприсутна глобализацијата.

Поединечна 1.3. Доколку во земјата постои тренд на зголемени активности на меѓународните странски организации во одржување на мирот и стабилноста, толку е поприсутна глобализацијата.

**Посебна 2.** Колку земјата покажува нагорен тренд во делот на економските димензии (меѓународна трговија и странски директни инвестиции(СДИ)), толку е поприсутна глобализацијата.

Поединечна 2.1. Доколку во земјата постои тренд на зголемување на меѓународната трговија, толку е поприсутна глобализацијата.

Поединечна 2.2. Доколку во земјата постои тренд на зголемување на странски инвестиици, толку е поприсутна глобализацијата.

**Посебна 3.** Колку земјата покажува нагорен тренд во делот на информациско- технолошки аспект, толку е поприсутна глобализацијата.

Поединечна 3.1. Доколку во земјата постои тренд на зголемување на интернет-корисниците, толку е поприсутна глобализацијата.

Поединечна 3.2. Доколку во земјата постои тренд на зголемување на интернет, веб- страни, толку е поприсутна глобализацијата.

Поединечна 3.3. Доколку во земјата постои тренд на зголемување на меѓународни повици, толку е поприсутна глобализацијата.

Поединечна 3.4. Доколку во земјата постои тренд на зголемување на меѓународни патувања, толку е поприсутна глобализацијата.

**Посебна 4.** Ставот кон глобализацијата зависи од социодемографските карактеристики на поединците.

Поединечна 4.1. Полот влијае врз личниот став кон глобализацијата, така што жените покажуваат попозитивни ставови кон глобализацијата.

Поединечна 4.2. Возраста влијае врз личниот став кон глобализацијата, така што помладите лица покажуваат попозитивни ставови кон глобализацијата.

Поединечна 4.3. Образовниот статус влијае врз личниот став кон глобализацијата, така што испитаниците покажуваат попозитивни ставови кон глобализацијата.

Поединечна 4.4. Работниот статус влијае врз личниот став за глобализацијата, така што испитаниците покажуваат попозитивни ставови кон глобализацијата.

**Посебна 5.** Личниот став кон глобализацијата зависи од политичките определба на поединците.

**Посебна 6.** Ставовите кон глобализацијата зависат од ставовите на поединците во однос на нивните ставови за економијата во земјата.

Поединечна 6.1. Ставовите кон економските трендови влијаат врз ставовите кон глобализацијата, така што лицата кои покажуваат позитивни очекувања имаат и попозитивни оценки кон глобализацијата.

Поединечна 6.1. Ставовите кон слободната економија влијаат врз ставовите кон глобализацијата, така што лицата кои покажуваат позитивни оценки во однос на слободната трговија, имаат и попозитивни оценки кон глобализацијата.

**Посебна 7.** Ставовите кон глобализацијата зависат од преферираниот животен стил на поединците така што лицата кои покажуваат позитивни одговори во однос на преференциите на модерниот стил на живеење имаат и попозитивни оценки кон глобализацијата.

**Посебна 8.** Ставовите кон глобализацијата зависат од ставовите на поединците во однос на значењето на потрошувачката и комерцијалзиацијата за националната култура.

**Посебна 9.** Ставовите кон глобализацијата зависат од оценките на поединците во однос на присутноста на традиционалниот начин на живеење во земјата.

**Посебна 10.**Ставовите кон глобализацијата зависат од ставовите на поединците за можноста за задоволување на егзистенцијалните потреби. Лицата кои имале негативно искуство во однос на задоволување на потребите за храна, ќе покажат понегативни оценки кон глобализацијата.

Претпоставените релации и насоки на делување се проверени со соодветен методолошки приод, претставен во следниов дел.

## 2.3. Методолошки пристап

Методолошкиот пристап во истражувањето е усогласен со поставените цели на истражувачките хипотези на трудов. Ова истражување ќе се обиде да даде преглед за нивото на глобализацијата и ставовите на јавноста кон глобализацијата, со зададена цел да ги открие претпоставените врски поставени во хипотетската рамка. Во таа смисла, истражувањето, во својата структура, има дескриптивен и каузален карактер. Како најсоодветен го применивме квантитативниот пристап, поточно методот на анализа на документација и анкетирање.

Карактерот на истражувањето упатува на користење неколку извори на податоци. Прво, статистичка документација и добиените информации од достапните истражувања. Оваа техника за прибирање податоци се користи за првиот дел од емпириските анализи на магистерскиов труд, посветен на оценките за присуството на глобализацијата во Р.Македонија. Со оглед на тоа, дека се користат достапни извори на информации, овој извор се смета за секундарен извор на информации. Како релевантни извори на информации се посочуваат официјалните податоци од Заводот за статистика на Р.Македонија, како и други истражувања, добиени од релевантните меѓународни статистички извори, но и достапни истражувања. Бараните податоци за анализа на документација, ги следеа димензиите на анализата и посочените индикатори.

Примарните извори на податоци се добиени врз основа на методот на анкетирање со помош на основната техника за прибирање податоци, а тоа е анкетниот Прашалник. Содржината на анкетниот Прашалник и структурата на прашањата, се усогласени со операционализација на предметот и хипотетската рамка. Содржината на прашањата е групирана на следниот начин: лични податоци за испитаникот, ставовите кон глобализацијата, ставовите во однос на објаснувачките аспекти за очекуваните разлики во одговорите за темата која се испитува (Прилог 2).

### *2.3.1 Дизајнирање на примерокот*

За потребите на истражувањето, а соодветно на расположивите ресурси (финансиски и човечки), анкетното истражување се спроведе на целен

примерок, со однапред одредени квоти дефинирани според пол и возраст. Единица на селекција се граѓаните на возраст од 18+години (Петреска Бешка, 2009).

Соодветно на видот на варијаблите и поставените цели на емпириското истражување, анализата на собраниот материјал се претставува на ниво на униваријантно и биваријантно ниво на анализа. На ниво на унваријантна анализа се анализираше секоја варијанта (прашање) поодело и тоа со употреба на дескриптивна статистичка техника: број и проценти.

На ниво на биваријантната анализа преку табела на контингенција, каде што се вкрстуваат зависната и независната варијабла. За статистичкото тестирање на хипотезите се користеше хи-квадратот, како тест на асоцијација помеѓу варијаблите. Коефициентот на контингенција[1] (C.C.) го изразува интензитетот на поврзаноста.

[1]Коефициентот на контингенција е превод од англискиот збор Contingency Coefficient и понатаму во текстот се користи кратенката C.C.

# ТРЕТ ДЕЛ
# ТЕОРИСКИ ПРИСТАПИ И ДИМЕНЗИИ НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА

Во последниве неколку децении постојат повеќе теориски пристапи за глобализацијата во повеќе општествени науки. Меѓутоа, социолошката дискусија за глобализацијата е фокусирана, главно, на промените кои се случуваат во рамките на современите општества. Интересот на социолозите е насочен кон проучувањето на глобализацијата како процес, нејзините карактеристики и практични импликации. Тенденциите кон глобализацијата се израз на реалните процеси кои се одвиваат на економски, политички и комуникациски план, со зголемена свест за светот како единствено место.

Токму затоа, овој контрадикторен процес е анализиран од различни и контрадикторни теориски позиции и за потребите на нашата анализа ги зедовме предвид, најрепрезентативните сфаќања за нашиот предмет на истражување. Покрај нив, во овој дел од трудов се анализираат одделно димензиите на глобализацијата. При нивниот избор водевме сметка тие да бидат во согласност со предметот, целите и хипотезите на нашето истражување.

## 3.1 Сфаќања за глобализацијата во социологијата

Глобализацијата е поим кој го обележува нашево современие, а од крајот на XX и почетокот на XXI век претставува мегатренд и покрај фактот дека основните карактеристики на овој феномен, векови наназад, се препознаваат во општественото живеење. Оваа констатација е присутна во релевантната литература на автори од различни континенти (Wallterstein, 1986; Robertson, 2001; Гиденс, 2003; Фридман, 2003; Pieterse, 2009; Шолте, 2008; Ricer, 2012; Ацески, 2014; Дракуловска -Чукалевска, 2015).

Поимот глобализација, често различно сфатен и толкуван, стана дел од комуникацијата во секојдневниот живот. Тој станува сè поактуелен и во социолошката наука. Како што посочува Георгиевски Т. Петре, социологијата се "...насочува кон "третата голема транзиција", пред сè, занимавајќи се со револуцијата во комуникациите и информациите, движејќи се кон "глобалната ера" (Albrow) и "сознавање на општеството" (Ibiden, 4); ориентација повеќе кон

противречниот процес на глобализацијата или "политика на глобализација" (Bourdieu), а сè помалку кон социјалните последици на најостриот облик на неолибералниот капитализам, кој силно влијае врз зголемувањето на јазот меѓу богатите и сиромашните..." (Георгиевски, 2012: 4).

Глобализацијата како поим често има и контрадикторно значење. Прво, поимот глобализација беше најшироко употребуван и погрешно употребуван во последните години, а ќе биде и во наредните, и е од ретко дефинираните, најнебулозните и неразбраните, како и политички најефективни термини (Бек, 2003:25). Второ, од една страна, овој поим значи нова ера карактеризирана со светска достапност, транспарентност и соработка, но, од друга страна, се карактеризира и со морална отапеност и бесчувствителност кон општествените неправди, карактеристични за најбогатите држави во светот. Некои автори, како Мирослав Печујлиќ, зборува за глобализацијата како поим кој денес е еден од најексплоатираните. Поимите, истакнува тој, "globalisation", "mondialisation", "globalizacion", "globalisierung" се насекаде околу нас и кои најдобро ја доловуваат природата и основните тенденции на процесите кои го означуваат современиот свет (Pečujlić, 1997: 9). За зголемениот интерес за глобализацијата, зборува и огромната социолошка литература која е објавена на повеќе светски јазици, во која, од разни теориски позиции, се објаснува значењето на глобализацијата во рамките на социологијата. Социолошките концепти за глобализацијата се јавуваат како реакција на неомарксистичките теории на светскиот поредок, особено во трудовите на Имануел Волерстин (Walerstein, 1974), како и во теориите на зависниот развиток и империјализмот (Amin, 1997), според кои неуспехот на земјите од третиот светот се должи на светскиот капиталистички поредок. Пристапот кон глобализацијата во модерната теорија на Растов (W. W. Rastow) и Талкот Парсонс (Talcot Parsons) е базиран на оптимистичкиот пристап во однос на можноста за развој на земјите од т.н. трет свет, но под услов да ги следат искуствата од Западот. Тргнувајќи од Парсонс и неговиот пристап кон модерноста, кој го толкува како општествен процес кој се одвива во глобални рамки, во 80-те и 90-те години од XX век, Робертсон развива една севкупна теорија за глобализацијата. За Робертсон, ваквата теорија претставува аналитичка шема врз чија основа може да се мисли и да се опишуваат појавите кои имаат наднационално (универзално) светско значење (Milardović, 2001: 9).

Најшироко сфатен, овој поим ја опфаќа претставата за еден свет на земјината топка, меѓусебно поврзан, чии делови се заемно зависни и вмрежени во еден глобален систем на економски, политички, културни, научно-технолошки и други аспекти на современиот живот, свет без конфликти, спротивставени интереси, идеално безбеден, исклучување на дискриминацијата, експлоатацијата, достапност до придобивките на науката, културата и другите видови креативност, испреплетување на вредности, идеи и развивање на креативност во еден меѓусебно зависен свет со универзално значење за човештвото. Во таа смисла, интересна е и забелешката на британскиот социолог Алброу Мартин кој истакнува дека луѓето во светот се дел од едно светско општество. *Глобализацијата упатува на сите процеси според кои луѓето на светот се составен дел од едно општество, глобалното општество* (Ranten, 2005:5). На сличен начин, социологот Малком Вотерс, глобализацијата ја означува како општествен процес во кој луѓето сè повеќе стануваат свесни за процесот на глобализација и на тој начин географските бариери, во однос на општествените и културните граници, губат значење(Вотерс, 2003: 14).

Глобализацијата претставува процес кој, покрај економијата, ги опфаќа и другите аспекти од општествениот живот, во светски рамки. Уште во старите записи стои дека многу егзотични производи, зачини, скапоцени камења или свила стасувале од далечните краишта на светот и како такви имале свое влијание врз одредени сфери на општествениот живот. Основите на глобализацијата, нејзините двигатели, се капиталот и профитот, но понатаму како што се ширел начинот на делување на глобализацијата, доведува до тоа да се воспостави една т.н. универзална економија, но и универзална култура и симболите на сето она што го носи културата, универзалната политика, универзална уметност и сл. Како главни носители на глобализацијата на светскиот пазар, се високоразвиените земји, поточно транснационалните компании и транснационалните банки, кои стануваат движечка сила во процесот на интеграција на пазарот на капитал, стоки, услуги и технологија.

Глобализацијата, како што истакнавме, има долга историја, која датира од првите осамени групи на хуманоиди, преку архаичните империи до модерните светски поредоци. Архаичните облици на поврзување на световите, обединувањето на човештвото, датира од периодот на експанзија на големите

религии и цивилизации, воени освојувања и големите кралевства. Современите процеси на глобализацијата се одредуваат преку следниве димензии:

-глобализацијата претставува објективен планетарен процес кој има свој израз и низ социјалните димензии. Како објективен планетарен процес се изразува преку технолошката еволуција, којашто доведува до стеснување на времето и просторот, а комуникацијата, во исто време, станува се поразгранета. На пример, млазните авиони патуваат неспоредливо побрзо од старите бродови со јарболи и тоа е знак дека и просторната дистанца се намалува. Потоа, општествата се уште потесно поврзани и меѓузависноста е уште поизразена, а голем дел од активностите стануваат транснационални и со истите не може да се управува исклучиво во внатрешните граници. Економската моќ на транснационалните компании е во пораст, во однос на локалните економии и државните буџети. Интернетот, како симбол на информатичката револуција, доведува до тоа случувањата на еден крај од планетата да станат лесно достапни за сите. Глобализацијата преку информатичката технологија доведе до олеснета распространетост на истоветните форми на речиси севкупниот социјален живот. Под истоветни форми се подразбира индустријализацијата, пазарната економија и повеќепартискиот живот. Овие форми се распространуваат со усвојување на 'супериорните' форми и тоа преку процесите на модернизација или, едноставно, преку доминација.

Во однос на соврemните разбирања на глобализацијата, Шолте издвојува четири главни термини и тоа се: а) глобализацијата како *интернационализација; б)* глобализацијата како *либерализација; в)* глобализацијата како *универзализација и г)* глобализацијата како *позападување.* Поимањето на глобализацијата како интернационализација досега е најпривлечно, бидејќи тоа подразбира минимални интелектуални и политички приспособувања. Идеите за глобализацијата како интернационализација можат да бидат и политички несоодветни. Тие особено тврдат дека светските општествени односи се, и можат да бидат, организирани само со помош на државните служби, на владата и на заедниците во земјите. Поради сето тоа, речникот на интернационалноста има тенденција да ги игнорира, да ги маргинализира и да ги замолчува другите модели на организација, управување и идентитети што постојат и се особено вреднувани,

од страна на доморедното население, регионалистите и разни други видови космополити (Шолте, 2008).

Рицер глобализацијата ја одредува како ширење на одредени практики, односи, свест и организација на општествениот живот низ целиот свет. Авторот истакнува дека глобализацијата е процес кој се јавува во секојдневниот живот и процес кој "секојдневно, на еден драматичен начин, ги трансформира државите и животот на милијарда луѓе низ целиот свет"(Ricer, 2012: 395).

Имајќи ја предвид инструктивната дефиниција на Ентони Гиденс, можеме да заклучиме дека глобализацијата може да се разбере како нешто што го интегрира светот, но, исто така, таа може да влијае и на негова поделбата, односно на негова фрагментација. Според дефинициите, глобализацијата предизвикува последици на локално ниво, а се предизвикани со настани коишто се случиле некаде далеку.

Томпсон, во обидите да ја дефинира глобализацијата, подетално ја објаснува улогата на комуникацијата и медиумите. Тој пишува: "*глобализацијата... упатува на зголемување на меѓусебното поврзување на различни делови од светот, тоа е процес кој доведува до сложени форми на интеракција и на меѓусебна условеност*" (Thompson, 1995:149според Ranten, 2005:6*)*. За Томпсон последиците од глобализацијата се согледуваат во сложеноста на формите на интеракција и меѓузависност. Како Гиденс, така и Томпсон, при дефинирањето на глобализацијата не ги истакнува компонентите на хомогенизација или хетерогенизација.

Зигмунд Бауман за глобализацијата размислува како за движечка сила во форма на нова поларизација и стратификација на населението во светот и тоа како што вели, глобализирани богати и локализирани сиромашни. На тој начин зборува и за *глокализацијата,* а тоа е процес на нова стратификација во која се изградуваат нови, светски и социокултурни и саморепродуцирачки хиерархии (Beck, 2001: 134-136).

Во социолошките дискусии за процесите на глобализацијата, сè повеќе се тематизира нивното влијание врз локалните контексти и култури, поточно, за нивното влијание врз јазикот. На пример, Стегар зборува за четири можни аспекти, преку кои глобализацијата може да влијае врз јазикот. Прво, преку културните сили кои делуваат хомогенизирачки, така што колку се тие посилни, толку е помал бројот на јазиците. Второ, преку меѓународните

миграции, во смисла дека секој човек којшто се отселува од својата земја неопходно е, покрај мајчиниот јазик, да познава и еден од светските јазици. Трето, фактот дека користењето на англискиот јазик, во процесот на компјутеризацијата на општеството, го издвои англискиот јазик да биде прв меѓу еднаквите. Последен истакнат аспект се меѓународните научни публикации (Steger, 2009: 100).

Последиците од глобализацијата во економијата се чувствуваат и на локално рамниште. Последиците може да се позитивни или негативни, но постои согласност дека последиците по "локалната" култура се неминовни. Како што забележува Марио Варгас Љоса, стравот произлегува од тоа дека исчезнувањето на националните граници и воспоставувањето на пазарно поврзан свет, ќе значи смртен удар за регионалните и за националните култури, за нивните традиции, обичаи, митови и начини на однесување, коишто го сочинуваат културниот идентитет на земјата или регионот (Ljosa, 2003: 99).

Глобализацијата настојува сите активности да бидат на едно купче и многу нешта да се претставaт низ една форма: еден пазар, една монета, па и една култура, а со тоа и еден јазик. Според одредни сознанија се очекува дека на растојание од неколку генерации, постои можноста дека една половина од евидентираните 7000 забележени (постоечки) јазици во светот, може да исчезнат. За Шолте намалувањето на бројот на јазиците, коишто се користат во светот, ќе значи и исчезнување на традициите и културите на тие народи (Шолте, 2008: 368).

Во контекст на јазикот интересни се размислувањата на социолингвистот Ранко Бугарски, кои се однесуваат на прашањата за повеќејазичноста. Тој констатира дека под влијание на многу фактори, секако и на глобализацијата, многу држави во светот ја прифаќаат повеќејазичноста како реалност во секојдневното комуницирање.

Без сомнение, глобализацијата носи силни предизвици со кои треба да се соочат посебно помалите говорни (јазични) заедници во однос на зачувување на нивниот јазичен идентитет. Она што треба да се истакне е тоа дека предизвиците треба да бидат не во насока на затворање, туку во насока на наоѓање форми за одржување на рамнотежа помеѓу предностите кои ги носи

глобализацијата, но и важноста за зачувување на локалните вредности и идентитетот.

Во таа смисла велиме дека треба да се размислува за тоа дека глобализацијата не подразбира само делокализација, туку претставува и релокализација. За да објасниме подетално, за пример ја земаме економската логика на една интернационална компанија. Таа компанија работи во глобални рамки, но за да ги продаде своите производи мора да развие локални врски, да ги усогласи своите производи со локалните вкусови и навики и слично. Во таков контекст, Бек појаснува дека треба да се прави разлика помеѓу ексклузивни и инклузивни пристапи во размислите за глобализацијата. Ексклузивниот пристап ја следи логиката на *или-или* и го опишува светот како усогласување и подредување на световите во кои идентитетите и припадностите меѓу себе се исклучуваат. Инклузивниот пристап ја следи логиката на *и-и*. Овој инклузивен аспект е аспект кој може да претставува парадигма за социолошки истражувања (Beck, 2001: 124-127).

Чукалевска истакнува дека кога се зборува за глобализацијата се работи за сложен феномен кој одбегнува строго дефинирање. Сепак, авторката на книгата *Социологија на глобализацијата* прави обид да ги систематизира сознанијата за историскиот тек на глобализацијата, за дефинирање на поимот глобализација и објаснување на процесот на глобализацијата. Во оваа смисла Чукалевска систематизира две групи сфаќања за глобализацијата. Во првиот тип сфаќања, глобализацијата се дефинира како "комплекс од процеси кои ги зафаќаат сите подрачја од општествениот живот и кои продираат дури и во најинтмните делови на човековиот живот" (Дракуловска -Чукалевска, 2015: 26). Следбеници на овој тип сфаќања се Елброу, Гиденс, Хелд, Неш. Истакнатите имиња во теориите за глобализацијата како Томпсон и Рицер, потоа Робертсон, Вотерс и Бек, на глобализацијата гледаат како процес кој го поврзува светот и влијае врз јакнење на заедничката глобална свест (Дракуловска -Чукалевска, 2015: 26).

Врз основа на досегашните обиди да се одреди појмовно глобализацијата, лесно е воочливо дека терминот глобализација го има статусот на сериозен аналитичен поим. Некои автори, како Владимир Вулетиќ, констатира дека овој термин го има достигнато нивото на употреба и анализа на индустријализацијата, која, знаеме, се наоѓа во средиште на анализите на

многу социолошки, економски и политиколошки анализи. За разлика од феноменот индустријализација, за поимот глобализација, тој забележува различни, дури и спротивни мислења (Vuletić, 2003).

Според начинот на кој делува глобализацијата, може да се рече дека целта на процесот на глобализацијата е да постави равенство, еднаквост во формите на делување во сферата на економијата, пазарот, капиталот и, при тоа, да се наметнат универзални вредности во културата.

Како што е споменато во претходните делови од магистерскиот труд, глобализацијата различно се дефинира, но, без сомнение, сите тие дефиниции имаат заеднички именител. Тоа се согледува преку технологијата, кои, заедно со политичките и економските сили, генерираат поврзување меѓу државите и се израз на унифицирањето и хомогенизирањето на културите во светот. Овие процеси ги бришат разликите меѓу земјите и, при тоа, ги јакнат компетенциите за комуникација и воспоставување практики кои ги поврзуваат општествата, културите и поединците како никогаш порано.

### 3.2 Димензии за глобализацијата и практични импликации

Во овој дел од трудот ќе се обидеме, на еден неконвенционален начин, да ги анализираме процесите на глобализацијата и нивните импликации во современите општества. Поточно, третманот на прашањето на глобализацијата во современата социологија и други интелектуални полиња. Основните концепции за објаснување на процесите на глобализацијата, во социологијата се јавуваат во 80-тите години на минатиот век и ги одбележуваат формативните години на интензивно проучување на овој феномен. Тие се поврзани со проучувањата за глобализацијата од страна на Роналд Робертсон во 1987 година  кој ја проучувал преку културната перспектива. Иако, многу порано, социолошката дебата, главно, била фокусирана на импликациите на глобализацијата во економската и во политичката сфера.

Токму затоа, во продолжение, подетално ќе бидат разгледани теориските размисли за глобализцијата во економијата, политиката и во комуникациите и кои, понатаму, се анализираат и на емпириско ниво.

### *3.2.1 Економска димензија на глобализацијата*

Современите економски движења, процесите и глобалниот економски развој на денешнината, се одбележани со глобализација, либерализација и технолошки развој. Процесите на глобализацијата, пред сè, го означија почетокот на едно ново време и едно ново светско општество, каде што во светот се внесоа огромни структурни промени. Економската интеграција, во основа, е интеграција на пазарот. Слободната размена на стоките ветува позитивен ефект на благосостојба. Таа го шири спектарот на избор и им овозможува на потрошувачите да изберат најниска цена. Очигледното зголемување на општественото богатство, коешто произлегува од либерализацијата на пазарот на производи, е добра економска причина со таа цел да започне интеграцијата. Слободното движење на стоките и услугите е темелно начело на економската интеграција. Целта на таа интеграција е унапредувањето на мирот, вредности и благосостојба на луѓето, одржлив развој кој е заснован на балансиран економски развој, висока општествена конкуренција на пазарната економија, висок степен на заштита и унапредување на квалитетот на животната средина, спречување на дискриминација, како и унапредување на правдата и социјалната заштита, полова еднаквост итн.

Глобализацијата претставува процес кој ги опфаќа и економските аспекти од општествениот живот во светски рамки. Поимот глобализација, во економски контекст, се дефинира на различен начин. Едни ја дефинираат како "процес на интеграција и универзализација на националната економија во единствена, заедничка, светска економија, чија диференцијација специфицира нова форма на организација, нов тип на функционирање и нов стил на управување со економските текови. Други ја дефинираат како процес на трансформација на националната економија во правец на глобалниот систем на производство, потрошувачка и трговија (распределбата останува дезинтегрирана)" (Gradishka Temenogova, 2003). Во таа смисла, Џозеф Стиглиц на економската глобализацијата гледа како цврста интеграција на земјите на економски план, која доведува до намалување на трошоците за транспорт и комуникација, при што се рушат вештачките бариери за проток на производите, услугите, капиталот, знаењата, технологиите и поединците. Според него, глобализацијата е институционализирана преку одредени

економски институции и организации каде што треба да имаат меѓународна, а не локална перспектива. Тој зборува дека меѓународните организации, на почетокот од своето основање, имале сосема друг концепт и цели. Само за илустрација, тој посочува дека Светската трговска организација (СТО, 1995), била основана за исполнување на следниве цели: 1. зголемување на животниот стандард и приход; 2. целосна вработеност; 3. интензивирање на растот на производите и трговијата; 4.оптимално користење на светските ресурси; 5. идеи за одржливиот развој со цел за заштита и чување на животната средина и 6. осигурување на земјите во развој и поголемо учество на неразвиените земји во Светската трговија (Стиглиц, 2002: 23).

Меѓутоа, во реалноста, Меѓународниот монетарен фонд (ММФ), Светската банка (СБ) и Светската трговска организација (СТО) прават нешто друго. Целта им е транснационалните и мултинационалните корпорации да контролираат сѐ (производството, ресурсите, капиталот, банкарството, финансиите итн.), поради остварување профит и контрола на развојот на народите и државите. Меѓународниот монетарен фонд (ММФ), прави штета на сиромашните, а оди во корист на богатите нации. Така, под влијание на развојот на глобализациските процеси и Меѓународниот монетарен фонд (ММФ) и јазот помеѓу богатите и сиромашните сѐ повеќе се зголемува. По својата суштина, тие мерки се мерки на генерирање на нееднаквости, на една страна глобализација на "Север", а на друга глобализација на сиромаштијата – сиромашниот "Југ". Меѓународниот монетарен фонд (ММФ) прави деструкција на државата, така што има побарувачка за намалување на трошоците, намалување на заработката, отпушта работници во јавниот сектор, го приватизира образованието, здравството. Тој води војна против државите, затоа што злонамерно ги користи кризните ситуации и, со своите притисоци, земјите и народот ги турка во поголем амбис (Kovačević, 2013).

Дали глобализацијата на сите им носи благосостојба? Тргнувајќи од постоечките проблеми коишто ги носи со себе глобализацијата, некои покажуваат загриженост:

- Неправедни правила на игра која ја користат богатите индустриски земји, но не и сиромашните.
- Афирмација на материјалните во однос на другите вредности.

- Начинот на управување на земјите во развој каде што се одзема голем дел од самостојноста.
- Економската корист на едните, а економското губење на другите.
- Економскиот систем кој е наметнат за земјите во развој и за сиромашните, а им е штетен (Stiglitz, 2009: 30-31).

На сличен начин Џорџ Сорос ја определува економската глобализација. Тој ја дефинира како слободно движење на капиталот и доминација на глобалниот финансиски пазар и мултинационалните корпорации над националната економија (Сорос, 2003).

Економската глобализација, односно "глобализираната" економија, Мартин Волф ја дефинира како економија во која "ни далечината ни националните граници не пречат за економската трансакција"(Volf, 2003: 303).

Денес, постојат различни видови соработка помеѓу суверените држави. Причина за секоја соработка е глобализацијата која ги стимулира меѓународните односи и придонесува кон нивна разновидност. За да се зборува за соработка помеѓу државите, на глобално ниво, мора најпрво да се започне од една земја и нејзиниот регион за тоа како и какви, квалитативни и квантитативни, односи воспоставува со земјите во својот регион и за тоа каков е нејзиниот настап на глобалната сцена. Освен билатерална и мултилатерална соработка, признаваме дека сè се потесни и институционализирани економските, финансиските, технолошките, безбедносните и други соработки помеѓу регионите на поединечните држави (покраина, република), држава во рамките на формирана регионална економска интеграција (групација) и самата регионална интеграција.

Слободното движење на производите може да се прифати како втор темел на економската интеграција. Еден аргумент за тоа е дека тој дозволува најдобра распределба на работата и капиталот. Некои фактори на производство понекогаш недостасуваат на места каде што производството би било најекономично. За да се реши тој проблем, претприемачите се подготвени да го преместат својот капитал од места каде што можат да остварат ниска добивка на места кои ветуваат повеќе. Истото се однесува и за работната сила. Вработените ќе мигрираат во регионите каде што нивната работа ќе биде потребна и подобро платена. Втор аргумент е дека проширениот пазар на фактори на производство нуди нови можности на производство, што, за

возврат, придонесува помодерно и поефикасно користење на факторите на производство (нови кредитни линии, нови интереси и слично).

Светот се менува со голема брзина, така што секоја наредна година скоро и не личи на претходната. Кога пазарот динамично се движи, кога технологијата се вмрежува, бројот на конкурентите расте, а производите и услугите преку ноќ стареат, успешни се оние компании кои постојано трагаат и доаѓаат до нови сознанија, ги шират со целата своја организациска структура и брзо ги претвораат во работна иновација и ја зголемуваат ефикасноста на работата. Во таа смисла, Мацура забележува дека денес, новите околности, бараат различно однесување и постојано прилагодување, односно управување со промените (Мацура, 2012, според Атлагић и Мацура, 2013).

Тврдењата на глобалистите дека новото светско општество ќе даде резултат на намалување на сиромаштијата и зголемување на општата благосостојба, не се исполнија. Но, неспорно е дека се создадоа нови можности за мултинационалните и транснационалните компании, како основни носители на глобализацијата, кои полека стануваат водечка сила во процесот на интеграција на пазарот на капиталот, стоките, услугите и технологијата. Мобилноста на капиталот, пренесувањето на технологијата, миграцијата на населението и развојот на современите средства за комуникација, се огледува во ширењето на светскиот пазар и интеграција на националната економија во меѓународната економија. Како главна карактеристика е "доминација на финансискиот систем и институција на главно ниво, флексибилни и мултилокални производни процеси, ниски цени на транспорт, револуција во комуникациската и информатичката технологија, укинување на регулативите на националната економија, давање предност на мултилатералните финансиски агенции и создавање на три транснационални економии: американски, потпирајќи се на Соединетите Американски Држави (САД) и односите кои таа земја ги има со Канада, Мексико и Латинска Америка; јапонски, потпрени на Јапонија и остатокот од Азија; и европски потпрени на Европската унија (ЕУ) и нејзините посебни односи со Источна Европа и Северна Африка"(Santos,2002).

Центарот на економската и финансиската моќ настојуваат механизмот слободна трговија да ги сруши бариерите кои постојат помеѓу развиените и неразвиените земји и да ги интегрираат во глобалната економија. Но, не

мислат сите на тој начин. Наспроти овој став, постои размислување дека од него корист ќе имаат само богатите и ќе дојде до сè поголемо зголемување на глобалната нееднаквост и сиромаштија. Во 1999 година се организирале протести во Сиетл, каде што 50.000 граѓани се спротивставиле на политиката на Светската економска организација (СЕО) и другите меѓународни финансиски институции, сметајќи дека тие создаваат економски принципи над сите други прашања, како што се човечките права, правата на работниците, одржливиот развој. Сметале дека се обезбедува повеќе профит за богатите корпорации, занемарувајќи ги локалните економии. Овој протест се смета за најголем заговорник на "глобална правда" до денес (Gidens, 2005: 76).

Многумина сметаат дека глобализацијата е "американизација" на светот, затоа што Соединетите Американски Држави (САД), како мега држава, и суперсила во технолошка, економска, политичка и воена смисла на глобализираност, е нов светски поредок. Делувањето на транснационалните корпорации поврзано е со делувањето на владеачката политичка елита на Соединетите Американски Држави (САД), "Соединетите држави станаа најмоќна економска сила во светот. Ги контролираат главните светски, финансиски и пазарни институции (Меѓународниот монетарен фонд (ММФ), Светска економска организација (СЕО)), како и најважните финансиски пазари. Нивните мултинационални корпорации монополизираат повеќе од 50 проценти од светскиот пазар. Вака "слободната трговија", којашто ја форсираат, може првенствено на нив да им е од корист, а на штета на неразвиените земји" (Vlajki,2006: 30).

Соединетите држави и понатаму се моќна држава во однос на други држави и мултинационални корпорации, затоа што голем број од најголемите компании во светот немаат исто економско влијание во Соединетите Американски Држави (САД), како во другите земји. Во глобализациските процеси силно се развиваат процесите на глобализација на сиромаштијата, гладот и бедата на една, а богатството на друга страна.

### *3.2.2 Политичка димензија на глобализацијата*

Либерализацијата во трговијата, финансиите и инвестициите низ светот, приоднесоа кон отворање нови територии за економско работење.

Порастот на приход во земјите во развој креираа нови потрошувачки пазари. Проширувањето на производството во и низ државите предизвика селење на истражувањата, развој на производствените активности, а со тоа овозможи и развивање на занимања, вештини и вредности во работењето, како во државите кои се во развој, така и во веќе развиените држави. Истовремено и економските институции доживеаја промени. Големите корпорации кои беа вертикално интегрирани, ги проширија своите граници и се фокусираа на клучни специјалности: нови партнерства, ги проширија границите, ги проширија врските кон нови производители, добавувачи и потрошувачи. Прашањето за тоа како овие крупни промени влијаат на општеството во целина, а така и во сферата на политиката, секако дека се сметаат за особено клучни.

Како во другите сфери така исто и во политиката, влијанието на глобализацијата е неизбежно, а секако и разновидните теориски пристапи. Во овој дел политичката димензија е претставена, главно, преку тероијата на Џејмс Розенати. Тој се обидува да ја претстави глобализацијата преку концептот на *„оддалечена близин"*. Според овој концепт, цел свет се карактеризира со чувството дека она што се чини дека е далеку е, всушност, блиску. Ваквиот концепт е близок на концептот на дистанцираност кој го застапува Гиденс (Gidens, 1998, Gidens, 2005). На концептот "*оддалечена близина*" се надоврзува и концептот на "фрагментација". Овој концепт е заснован на идејата дека светот истовремено е и расцепкан (локален, децентрализран и фрагментиран) и интегриран (глобален, централзиран и интегриран). Како основни извори коишто доведуваат до изразена фрагментација на светот се: а) развојот на новите микроелектронски технологии (мобилни телефони, интернет, електронска пошта) доведува до тоа светот да се стесни и тоа на начин што доведува до тоа државните граници да не се релевантни. Предуслов за ваквата фрагментација е да се поседуваат, да се има можности да се поседуваат овие технологии. Така што сето тоа доведува до тоа дека оние држави кои имаат создадени услови за широко и лесно практикување на овие технологии, лесно се спојуваат, се интегрираат итн.. Границите меѓу нив лесно се бришат. Но, оние држави кои сè уште ги немаат создадено тие предуслови, остануваат раздвоени, оддалечени и нивните можности досегаат до државните граници; б) револуцијата на вештините кои ги поседува човекот се поврзуваат со глобализацијата на тој начин што оној

што ги поседува има поголеми шанси да ги напушти локалните граници и да се соочи со глобалната ситуација и кај овие лица приврзаноста кон некоја политичка групација е минимална. На оваа група лица многу поблиска им е глобалната ориентација. Оние кои ги немаат информациите, образованието, доцнат во можноста непосредно да го почуствуваат влијанието на глобализацијата, а тоа, пак, предизвикува, со голема веројатност, да го преферираат локалното и се поцврсти, поконзистенти во однос на политичките опции или политичкото групирање; в) ширењето на меѓународните невладини организации (МНВО), како што се, на пример, организации за човековите права, заштита на животната средина, родова рамноправност, еднаквост за сексуалната ориентација и слично, се интегрираат со оние кои ја имаат истата цел. Организациите или лицата кои имаат различна ориентација остануваат фрагментирани, оддалечени. Присуството на меѓународните невладини организации (МНВО) во една држава, може да ги доведе во прашање, односно да го намали значењето на државата и нејзината навремена функционалност. Тоа се согледа во тоа што силното присуство на меѓународните невладини организации (МНВО) и распространетоста на мрежи во дадената држава, ја отежнува работата на државата, на владата за промовирање на своите интереси, токму заради тоа што присуството на меѓународните невладини организации (МНВО) го намалува влијанието на државата и секако промовирање на своите идеи.

Ширењето на глобалните структури доведува до фрагменатација и тоа во смисла, државата на една страна, а организациите чии седишта се надвор од земјата, од друга страна. Односот помеѓу државата и овие организации може да биде во форма на соработка, но можен е и судир или недоразбирање. Меѓутоа, фактите говорат дека моќта, т.е. влијанието на државата слабее како што се зголемува присуството на овие транснационални организации во одредена држава. Можни се интегративни форми помеѓу овие "два света", но фрагментацијата секако постои.

Зголемувањето на механичката подвижност на светот, заради деловни патувања, туризам, тероризам, барање на работа, легални или илегални миграции доведува до фрагментација на општеството. Некои форми на посочената подвижност може да има интегративни функции (туристичките патувања), но, на пример, илегалните миграции, тероризмот и др. имаат

дезинтегративна функција и доведува до поголема фрагменатација. Опасноста од политичките ентитети се поизразени во ситуација кога движењата се одвиваат од помалку кон повеќе развиени подрачја. Она што е интересно , како што нагласува Розенам, е тоа дека и во овие ситуации влијанието на механичкото движење е различно, во зависност од политиката на конкретната држава. На пример, државите кон кои се насочени терористичките акти, секако дека имаат дезинтегративни функции, меѓутоа државите или регионите во кои се раѓаат терористичките движења, овие движења може да делуваат и интегративно.

Политичките импликации на глобализацијата се воочуваат во слабеењето на територијалноста и државниот суверенитет, како и децентрализација на владата. Моќта на државата ослабела толку што не може да ги контролира глобалните движења и тоа од најразличен вид, како што се парите, производството, инвестициите, загадувањата, дрогата, а во некои сфери дури и не можноста да се контролираат терористичките движења, туку терористите слободно се движат во рамките на државата. Во таква констелација на односи, моќта на државата се намалува, а граѓаните тоа го чувствуваат. Наспроти ваквите дезинтегративни процеси, можни се интегративните процеси и тоа на имигрантите. Тие создаваат своја територија, свој кварт, а можно е и создавање свои институции (училишта, медиуми, црква).

Кризата на власта се изразува со сè поголемо подгрупирање и децентрализација. Ситуацијата е доведена во позиција кога во таквите размери има различни репрекусии, како што е нередот во државната бирократија, "пат позицијата" помеѓу извршната и законодавната власт во државата и неспсобност во донесување на одлуките. На тој начин граѓаните се доведени во позиција да размислуваат само за сопствените интереси (Ricer, 2012).

Процесите во намалување на влијанието на државната власт се засилуваат. Се забележува како сè поголем број активности и обврски се пренесуваат на локалните или регионалните власти, некои активности кои треба да ги реализира државната власт ги реализираат приватни претпријатија или невладини организации (НВО). Тоа се дефинитивно дезинтегрирачки последици (Ibiden, 401).

Во прилог на наведената дезинтеграција и фрагментација на ваквото општество се и новите прегрупирања на ниво на локална власт, на ниво на

невладини организации (НВО), радикални и етнички групи итн. Во такви услови луѓето се приклонуваат на тие подгрупи, се интегрираат и се идентификуваат со нив (Ibiden, 404).

Глобализацијата на националните економии е уште еден аспект кој ја условува сè поголемата поделеност, односно фрагментираност на државата. Имено, транснационалните економски мрежи ја зајакнуваат својата позиција во фрагментираните држави, а на тој начин го намалуваат влијанието на конкретната власт уште повеќе. Меѓутоа, паралелно се одвива и процесот на интеграцијата, каде што интегрирачката улога ја имаат транснационалните компании и се создаваат ентитети (како што е примерот со Европската унија (ЕУ) или Аирбус-корпорацијата, составена од низа европски претпријатија) (Ibiden, 405).

Вака прикажаниот однос помеѓу глобализацијата, фрагментацијата и политиката, претставува предизвик за државите, особено на оние кои се помалку развиени, помалку моќни и помалку влијателни држави, заради зајакнување на сопствените капацитети за управување со своите држави во овој глобален свет.

### *3.2.3 Културна димензија на глобализацијата*

Последиците од проширувањето на пазарот, во светски рамки, предизвикал многу бргу промени во културата, идентитетот и во животот на луѓето. Глобализацијата во економијата ја следат и бранови на културна трансформација, процеси кои се нарекуваат *културна глобализација* или *глобализација на културата*. Тоа се забележува во воедначувањето на стиловите на животот, културните симболи и транснационалните форми на однесување. Во овој процес, локалните култури и идентитети се искоренуваат и се заменуваат со симболите на некои светски марки кои се дел од рекламниот дизајн и дизајнот на имиџот на мултинационалните компании. Со цел да создадат универзални културни симболи, овие компании во потполност ги користат сите можности што ги носи информатичката технологија. Сателитите овозможуваат да се совладаат сите државни и класни разлики и да се всадат во грижно смислениот свет на блескавата "бела Америка", во срцата на луѓето од сите делови од светот (Beck, 2001).

Во сферата на културните аспекти на глобализацијата Рицер ги поентира трите главни парадигми на Јан Недервен Питерс. Првата перспектива се однесува на културниот диференцијализам, втората на културната конвергенција и третата се однесува на културната хибридизација, која според Рицер е една единствена комбинација на глобални и локални култури – културна хибридизација (Ricer, 2012: 401). Во продолжение накусо ќе бидат претставени погоре спомenatите парадигми.

*Културен диференцијализам*

Поддржувачите на оваа парадигма истакнуваат дека помеѓу културите постојат разлики, а на кои ниту еден процес, па ни глобализацијата, не може да влијае. Тоа се должи на фактот што културите се затворени за други влијанија и за влијанија на другите култури (Ibiden, 401).

Ваквиот пристап го засилува своето влијание по случувањето на 11 Септември, во 2001 година, во Њујорк, како и војните во Авганистан и Ирак. Причините за споменатиот катастрофален настан и војните, едни ги бараат во разликите помеѓу западната и исламската култура. За други, мултикултурализмот во Соединетите Американски Држави (САД) и западноевропските земји, како и ривалството помеѓу мнозинството и малцинството во тие земји, е причина за конфликт. За најголем противник се смета исламот (Ibiden, 401).

Најистакнат претставник на оваа парадигма е Самјуел Хантингон и неговото дело од 1996 година *Судир на цивилизациите и повторно создавање на светскиот поредок.* Хантингон објаснува дека културната различност стапува на сцена по завршувањето на студената војна. Од тој период наваму, основата за различноста е во културата, а не во политичко-економската основа. Следбениците на оваа парадигма истакнуваат дека таквата културна различност не е нешто ново. Таа постела и во периодот на *студената војна*, но истите биле потиснати. Хантингтон го употребува концептот на *цивилизација* за да го опише нивото на културите и културните идентитети и зборува за спротивставени цивилизации. Тој набројува 7 цивилизации: кинеска, јапонска, хинду, исламска, православна, западноевропска и северноамериканска. Тие се разликуваат според неколку основи и тоа: филозофски претпоставки, темелни вредности, општествени односи, обичаи и поглед на светот. Погледите на

Хантингон не се оптимистички во однос на мирот и просперитетот, доколку во светот и понатаму продолжува да се негуваат мултицивилизациските и мултикултурните карактеристики. Тој истакнува дека доколку Западот сака просперитет, треба да го реафирмира својот идентитет како западна, а не како мултицивилизациска нација и на тој начин повторно да ја потврди својата улога како лидер. Поддржувач е на културната чистина во рамките на цивилизациите, а е противник на мултикултурноста. Според него, глобализацијата како процес дава поддршка на процесите на раздвојување на културите и на тој начин се потенцира значењето на цивилизациите (Ibiden, 401).

*Културна конвергенција*

Парадигмата *културна конвергенција* е втемелена на идејата дека глобализацијата води кон сѐ поизразена идентичност во светот. Културите се менуваат токму под влијание на глобализацијата. Културите личат една на друга. Постои глобална асимилација, а *асимилатори* се културите на доминантните општества и групи во светот. Како процеси се истакнуваат: културен империјализам, глобален капитализам, вестернизација, американизација или мекдонализација. Не ретко глобализација е и збир на последниве три процеси (Ibiden, 402).

Оваа парадигма не упатува на тоа дека во процесот на *конвергенцијата* доаѓа до *запуштање на локалните култури,* туку токму спротивното: локалните култури опстојуваат, не се менуваат. Покрај постоечките култури се нуди и еден друг паралелен свет, свет на нови глобални навики кои се препознатливи низ целиот свет,како што се, на пример, сендвичите од Мекдоналдс (Ibiden,402).

*Културна хибридизација*

Културна хибридизација е трета парадигма која го нагласува мешањето на културите и како резултат на тоа е нова хибридна култура, а кои не се ниту локални ниту глобални. Тече процесот на спојување на споменативе процеси со различни локални реалности. Ваквата парадигма го истакнува креативниот аспект на глобализацијата, кој доведува до нова културна реалност и доведува до зголемена хетерогеност во различни делови од светот. Во оваа парадигма

лежи концептот на глокализацијата, концепт на заедничко испреплетување на локалното и глобалното, а кое резултира со единствен резултат во различни географски области. Робертсон истакнува 4 сегменти на глокализацијата: 1. Светот е плуралистички; 2. Поединците и групите имаат моќ на прилагодување, иновации и маневрирање во рамките на глокалниот свет; 3. Општествените процеси се релациски и контингентни и 4. Стоката и медиумите не се согледуваат како присилни (според Ritzer, 2012: 415-420). Според Робертсон глобализацијата "се однесува на згуснување на светот и зајакнување на свеста за светот како една целина" (Robertson 1992: 8).

Во контекст на културната хибридизација се истакнува и моделот на *креолизација* кој упатува на мешање на култури и јазици, а се случува под влијание на процесот на глобализацијата (Ritzer, 2012).

Голубовиќ забележува дека глобализацијата придонесува кон отварање на новите граници на локалната култура и политичката заедница, а преку преобразување на поделните искуства во распространети информации ширум светот, придонесуваат кон развојот на една глобална култура преку поврзување на различни културни достигнувања. Исто така, значајно е да се истакне дека на тој начин може да се надмине етноцентризмот и национализмот, кои иницираат затворени и изолирани култури, негувајќи ја ксенофобијата кон различноста (секако под услов да се создаде вистинска размена во вид на интеркултурна комуникација и да се избегне асимилацијата од страна на доминантната култура) (Golubović, 2006: 194).

### *3.2.4 Глобализација и комуникација*

Глобализацијата е историски процес кој не е завршен и кој по своите основни карактериски е отворен за комуникација и интеракција помеѓу лица од различни цивилизации, општества и култури. Всушност, со текот на времето, глобализацијата станува процес за воспоставување на врските помеѓу културите.

Како неодминлив дел од културата (некаде констатиран како посебен, а некаде како заеднички дел) се и комуникациските аспекти на глобализацијата. Социолошките видувања на комуникацијата и комуникациските процеси упатуваат дека комуникациите ја претставуваат суштината на човекот. Човекот

опстојува, постои како општествено суштество кое преку трудот се поврзува со другите луѓе за да ја совлада природата и истата да ја прилагоди кон своите потреби, а комуникациите го помагаат истиот (Чокревски, 2000).

Во минатото, општењето помеѓу луѓето се одвивало во рамките на непосредната околина на луѓето, која подоцна со користење на транспортните средства се проширувала и на поодалечени простори. Со развојот на општеството луѓето сè почесто општат меѓу себе независно од просторот, местото во кое живеат или им е достапен за движење. Со развојот на средствата за комуницирање, како на пример телефон, факс, пејџери, мобилни, електронска пошта и многу други социјални мрежи facebook, twitter и слично, кои придонесуваат на побрз начин да се пренесат и да се споделат мислите, идеите или пораките, при што се создаваат разни индивидуални контакти и се формираат разни социјални групи. Она што е карактеристично за современиве начини на комуникација или општење, покрај брзината е тоа дека таа се одвива во еден виртуелен свет, нереален свет во кој нема разговор лице в лице. Едноставно физичкиот простор како да се игнорира, се игнорира реалноста. На пример, возејќи се во автобус и разговарајќи на мобилен телефон, повеќе внимание се посветува на лицето со кое се разговара, отколку на она што е во непосредната околина. Во таа смисла често се говори дека современиот начин на комуницирање доведува до отуѓување на луѓето и до намалување на ефективната комуникација (Груевски, 2004).

Дури и општествата се делат според видот на комуникација и тоа во три групи. Во првата група спаѓаат усните општества каде припаѓаат сите оние општествени заедници во предисторијата на човештвото за кои говорниот јазик е основно средство за комуницирање меѓу луѓето. Комуникацијата помеѓу луѓето се одвивала лице в лице. Со појавата на писмото комуникацијата се одвивала по писмен пат. Третиот вид на општество е електронското општество. Тоа е современо општество во кое телевизијата, радиото, компјутерите и другите електронски средства за комуникација и електронски системи се основа за пренесување на пораките и начин на општење меѓу луѓето (Чокревски, 2000: 58-61).

Всушност, развојот на овие електронски системи за комуникација, покажа најголемо влијание врз глобализацијата како процес. Едноставно, под влијание на развојот на информатичката технологија (ИТ) и воведување на електронски

посредуваната комуникација, глобализацијата почнува да делува во сите сфери од општеството. Ако со персоналните комјутери и лаптопите светот го имавме на маса, со ајфоните, ајподите, таблетите светот е во нашите дланки во секое време независно од просторот! Вкупноста на сите видови на комуницирање на определен простор и во одредено време ја сочинуваат комуникациската мрежа. Комуникациската мрежа е составена од формални, но и од неформални облици на комуникацијата. Првите се изведуваат во рамките на соодветните институции, а вторите во секојдневниот живот и на тој начин е покриен севкупниот живот на луѓето.

Во таа смисла може да се каже дека не постои ниту една активност која се случува помеѓу луѓето, а да не се изопшти, не се пренесе, не се комуницира со другите луѓе. Заради појавноста, но и значајноста на комуникациите, социологијата ги изучува комуникациите дури во посебна дисциплина, социологијата на комуникациите. Дополнително, комуникацијата е посебно значаен елемент кој го прави процесот на глобализација да биде позабележителен и за обичниот човек.

Согласно големиот интерес за комуникациите постојат и голем број дефинции[1], но без разлика на бројноста сите ги подразбираат следниве пет елементи: 1. лицето кое ја иницира, ја праќа пораката; 2. примачот на пораката; 3. Средството, каналот преку кој се испраќа пораката; 4. самата порака и 5. ефектот од пораката врз примачот.

Комуникацијата се разбира како општествено однесување кое не може да се реализира без одредена опшествена акција (Berger and Lockman, 1991, Habermans, 1993). Меѓусебното општење, праќањето на пораките помеѓу најмалку две заинтересирани страни, оној што праќа и оној што ја прима пораката се остварува на разни начини. Најпрво било по пат на говор, па по пат на писмо, но и по електронски пат.

Во литературата се говори за неколку начини на комуницирање и тоа:

[1]Се изделуваат следниве 15 концептуални компоненти на релевантни дефиници: симболи (вербален говор); разбирање; Интеракција (однос) општествен процес, намалување нанеизвесноста; процес; трансфер и меѓуразмена; поврзување; заедница; канал, средства; меморија на репликација; дискриминативен одговор; стимуланс; намера; време ситуација и моќ. (FrankDance,1967 во Tomić, 2003: 31-32)

Интраперсонална комуникација. Тоа е комуникација која субјектот ја извршува сам со себе. Во овој облик на комуницирање субјектот истовремено е и испраќач и примач на пораката.

Групна комуникација е онаа форма на општење која се одвива во рамките на една група или помеѓу две или повеќе групи. Тие можат да бидат мали и големи. Малите групи стапуваат во интеракција лице в лице, додека големите групи комуницираат поинаку од малите и тие се конституираат заради своите цели. На пример, голема група претставува публиката на стадионите итн.

Масовна комуникација е посебен модел на општење во кој субјектите во комуникацискиот процес се голем број учесници - луѓе без разлика на професионалноста, староста, половиот или некој друг статус итн. Овој облик на комуникациска пракса се остварува со помош на масовните медиуми за комуницирање и во најголем дел има свое влијание на креирањето на јавното мислење (Груевски, 2004).

Поимот масовен медиум (мас-медиум) претставува средство за масовно комуницирање со чие посредство се остварува дифузија на пораката, информацијата од изворот кон непроената маса реципиенти, односно масовната публика. Во масовните медиуми ги вбројуваме: печатот, радиото, филмот, телевизијата, Интернетот.

Може слободно да се каже дека некои работи кои имаат и сè уште имаат големо влијание на поврзување на општествата, културите, луѓето помеѓу себе (како на пример, експлоатација на територијата од различни причини, земја и вода), трговијата со стоки и услуги, иновациите во индустриската машинерија, брзиот транспорт, техничката и технолошката опрема), претставуваат историски репери за она што говориме. Имено, XXI век е несомнено векот на експанзија на глобализацијата и век во кој се живее глобализацијата, бидејќи глобализацијата бара од нас да се редифинираме во однос на најновите технолошки достигнувања. Најновите достигнувања ни овозможуваат да се поврземе со кого сакаме, каде сакаме низ цел свет и кога сакаме и исто време да уживаме во комфорноста на нашиот дом. Поточно, влијанието на технологијата врз нашите животи се забележува во деведеститте години од 20 век, но во XXI век влијанието станува неизбежно. Се започнува со Интернетот, развивање на светските веб страни (WebSide), можностите кои ги нуди и развивањето на брзата мобилна комуникација, глобализацијата станува супер-моќна, супер-

сила која може слободно да кажеме ја смени комуникацијата во приватниот живот, деловната комуникација и интеракцијата засекогаш. Разбирливо, глобализацијата има свое влијание и на нашиот изглед, на нашето однесување, на нашите ставови и слично.

Технологијата, заедно со политичките и економските процеси, генерира поврзување меѓу општествата во сите делови од светот. Од една страна, ги поттикнува процесите на хомогенизација, а пак, од друга страна ги јакне процесите на хетерогенизација. Како што забележува Јан Пиетерс, денес во ерата на глобализацијата секојдневно има глобален меланж кој е испреплетен од елементите на процесите кои ги анализираме под името на глобализацијата (Pieterse, 2009).

Врз основа на внимателна и сеопфатна анализа и објаснувања за глобализацијата кои ги презентира Томас Фридман (Thomas Friedman) во своето дело "The World is Flat: A Brief History of the Twenty-First Century" глобализацијата ја нарекува "global flatteners", кои на македонски јазик се преведени како *глобални израмнувања*. Фридман, овој термин го објаснува како светски настани кои ги затвораат празнините помеѓу државите, расчекорот помеѓу нив го намалуваат и на тој начин го зголемуваат заедништвото помеѓу луѓето, државите, општества, културите, па и цивилизациииите. Тој коректно забележува дека "денес сите центри на знаења на оваа планета ги поврзуваме во една глобална мрежа, која... може да се разводни во неверојатна ера на просперитет, иновации и соработка, помеѓу компаниите, заедниците, културите и поединците" (Friedman, 2007: 8). Еден global flatteners од многуте на листата е стероидот (кои вклучуваат дигитални, мобилни, лични и виртуелни медиуми) кој ги зема информациите и комуникациите ги пренесува со силата на олујата (Friedman, 2007). Всушност, стероидот ни овозможува да комуницираме со секого, да водиме бизнис со секого и секаде, со едноставно притискање на едно копче. Како компаниите почнаа да го прошируваат својот бизис и надвор од своите државни граници, потребата за познавање на другите културите и нивно разбирање почна да игра голема улога во тоа како се продаваат стоките (во и надвор од земјата), како се работи со глобалните партнери и како се дизајнираат продуктите.

До неодамна трансформацијата на глобалните информации и комуникации беа достапни само на богатите поединци или групи, коишто им

припаѓаат на елитните слоеви од општеството и коишто имаат"... пари, опрема и инфраструктура, којашто не им е достапна сиромасите" (Biersdorfer, 2007: 91). Набрзо, во доцните деведестти години од XX век, процесот на овозможување лесна достапност на софтверите за персоналните комјутери, овозможи неверојатно лесна достапност на информациската технологија (ИТ) до сите слоеви од општеството и на тој начин, во голема мера, ја олесни комуникацијата и ги отвори можностите, линиите за комуникација. Создавањето на глобални пријателства, глобалните деловни врски, тимско водење на бизнисот и секако, натпреварувањето на глобално ниво, стана подостапно за секоја компанија и за секој поединец. Со исчекорувањето во 21-от век, светот се најде во состојба во која "...луѓето контактираат со лица со кои никогаш не се сретнале претходно, луѓето се предизвикани од лица од кои никогаш претходно не биле... луѓето соработуваат со лица со кои никогаш претходно не соработувале и луѓето прават работи кои никогаш "не сонувале" дека ќе ги прават" (Friedman, 2007: 204).

# ЧЕТВРТИ ДЕЛ
# ЈАВНОСТА ЗА ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА

При истражувањето на односот на јавноста кон глобализацијата, неодминливо е дефинирањето на поимот *јавност*, а како нераскинлив дел од јавноста е и *јавното мислење*. Токму затоа, во овој дел се фокусиравме на овие поими, кои се во тесна врска со нашиот предмет на истражување. Поточно, преку нив го анализираме истражувачкото искуство во однос на сондажите на јавното мислење за глобализацијата. Во таа насока, ги презентираме доминантните глобални ставови во однос на прашањето за глобализацијата.

## 4.1 Јавноста и јавното мислење

Значењето на терминот *јавност* е изведено од значењето на зборот 'јави', како нешто што се појавува на овој свет, како нешто што може да се забележи. Меѓутоа, во политичка смисла на зборот *јавност* (анг.*public*, франц. *publique*, герм.*öffentlichkeit* или *öffentlich*) се изведува од латинскиот зборот *publicus* што значи јавен и *populus* што значи народ. Во таа смисла, *јавност* одговара на нешто што е популарно или народно, нешто што е достапно до сите.

Според Посавец Ламза, поимот *јавност,* во минатото, имал повеќе значења, но според неа најзначајни се следниве: првото значење се врзува за терминот *res publika* и се однесува на општата достапност, отвореност и достапност до народот, во смисла на јавно место, а второто значење е во однос на работите од општ интерес, уште поточно службени и државни работи (Posavec Lamza, 1995: 14).

Јавноста се обележува како материјално одредување на една неодредена структура лица околу еден заеднички интерес или околу заеднички идеи, поврзани со социјално-психолошки врски. Таа претставува мозаик составен од различни етнички, расни, верски, географско-политички, професионални, социјални и други групации и, при тоа, кога се зборува за јавноста секоја треба да се земе предвид (Cutlipa, A. Centera i G. Brooma2003: 268).

За Јирген Хабермас (Jürgen Habermas) јавноста претставува "сфера на приватни лица кои се собираат како публика". Јавноста се формира "во критично поле на напнатост помеѓу државата и општеството, но на тој начин јавноста да ја задржи приватната област". Јавноста на тој начин делува како "орган на самоодредување на граѓанското општество со државната власт која одговара на неговите потреби" (цит.според Jantol, 2004: 15). Во таа смисла, јавноста, како политичко-правна категорија, ја означува сферата на општествениот живот, во кој се манифестираат одлуките кои се од интерес за целото општество. На тој начин, таа претставува критериум за вреднување на оние одлуки кои се однесуваат на интересите на сите (или една група) припадници на едно општество (Ibiden, 15).

Неизоставно, современото значење на поимот *јавност* се поврзува со демократија и тогаш *јавноста* се одредува како дел во кој се испреплетуваат сферата на државата и сферата на општеството, а таа претставува поле во кое комуникацијата се одвива слободно. Јавното мислење се јавува во улога на гласот на јавноста.

*Јавноста*, според својата цел, се дели на следните четири категории: а) функционална јавност; б) јавност што овозможува; в) распространета јавност и г) нормативна јавност (Груевски, 2007: 127). Она што е заедничко за сите е тоа дека јавноста претставува реакција на одреден проблем, тема или настан. Јавноста претставува толпа од лица кои се собрани само врз основа на емоции по одреден повод. *Јавност* е и медиум кој посредува при вршење јавни дејности. *Јавноста* е спротивно од приватното, на интимноста.

Поимот *јавно мислење* (анг. public opinion) доаѓа од латинскиот збор *opinio* (анг. *opinio*n) и се преведува како несигурен и доказен суд кој не е потполн. Со терминот *мислење* се одредуваат 'содржините' кои се однесуваат на репутација, глас, углед, оценка и мислење од другите. Од XVIII век овој термин се користи за разбирање на публиката и нејзината способност рационално да суди и да донесува одлуки.

Џон Лок во своето дело "*Огледи за човековиот разум*" ја изложува тезата според која "законот за мислење или репутација", заснован на 'премолчана' општествена контрола, е поефикасен од системот на формална цензура (според Milivojević,2009).

Имануел Кант сметал дека јавната употреба на умот треба да биде слободна, бидејќи само таква може да внесе посветеност помеѓу луѓето и да претставува активна јавност (Ibiden,179).

Хегел сметал дека јавното мислење е резултат на здраворазумскиот однос кон светот и дека, како таков, е извор на многу предрасуди. Најважен услов за функционирањето на демократскиот јавен свет е слободна циркулација на информациите, а тоа е можно само таму каде што средствата за јавно информирање не се монопол на државата. Доколку, пак, средствата за јавно информирање претставуваат монопол на државата, тогаш јавното мислење се јавува во форма на цензура (Ibiden,182)

Во својата студија, Рајт Милс истакнува дека јавното мислење нема големо влијание врз одлуките за некои важни прашања во општеството. Улогата на јавното мислење е, всушност, превладувачки ставови на колективитетот на едно општество или некоја општествена група и тоа во однос на некое прашање од општествено значење (Ibiden,183).

Се среќаваат и размисли кои истакнуваат дека со развојот на модерната технологија и модерните средства за информирање, јавното мислење добива на значење на нешто што е пасивно, нешто што е под влијание на медиумите, на модерната технологија, пропагандата и публицитетот.

Миливојевиќ Снежана потенцира дека разликите во дефинирањето на јавното мислење се должат на различни теориски пристапи во поимското одредување на поимот *јавност*. Различните теории се обидуваат да дадат одговор на основните прашања, а тоа е каква појава претставува јавното мислење. Дали станува збор за социолошка појава, социопсихолошки феномен или претставува комуниколошки поим. Овие прашања сѐ уште се отворени (Milivojević,2009).

Современите концепти на јавното мислење имаат два концепти, две мисловни традиции. Едната е либерално-демократската, а втората е утилитарно-демократската. Обете традиции го промислуваат јавниот живот на различен и противречен начин (Ibiden,184).

Либерално-демократската концепција е заснована на филозофијата на просветителите. Се јавува во XVIII век како реакција на апсолутистичките авторитети. Овој концепт го истакнува критичкиот и еманципаторскиот потенцијал на јавноста. Највлијателен и теориски најсофистициран модел во

рамките на оваа традиција е развиен од страна на Хабермас, кој, во својата хабилитациска теза, од 1962 година, го објаснува овој модел на нашиве простори е позната неговата книга *Јавно мислење,* од 1969 година (Habermans, 1969).

Од доцниот 18 век и во текот на 19 век се формира утилитарно-демократското разбирање за јавното мислење. Во овој период, јавноста се идентификува со гласачката популација и се истакнува нејзиниот конформистички, стабилизаторски и ограничувачки карактер. Ваквиот пристап има свое влијание врз забрзаниот развој на истражувањето за јавното мислење и неговите емпириски истражувања. Во овој период се создава истражувачкиот концепт на Елизабет Ноел Нојман (Elizabet Noel Nojman), познат како *спирална тишина (*Noelle-Neumann, 1984 според Milivojević, 2009).

Либерално-демократскиот концепт го оформува *дискурзивниот*, а утилитарно-демократскиот концепт го оформува *агрегатниот* модел на јавноста (Price, 1992: 8-15 според Milivojević,2009).

Во табела 1 се претставени основите на двата концепта, во однос на јавноста и јавното мислење.

**Табела 1. Карактеристики на либерално-демократскиот и утилитарно-демократскиот концепт во однос на јавноста и јавното мислење**

| | Либерално-демократски концепт | Утилитарно-демократски концепт |
|---|---|---|
| Период на појавување | во XVIII век | Крај на XVIII и почеток на XIX век |
| Што е јавност | формирано мислење на социјална група која го соопштува своето мислење | изразено мислење на вкупната популација |
| Што е општо добро | форма за реализирање на општата волја | општата волја се изразува на редовните изборни процеури. |
| Однос кон јавноста | критичкиот и еманципаторскиот потенцијал на јавноста. | конформистичкиот, стабилизаторски и ограничувачки карактер |
| Формиран модел за јавното мислење | Дискурзивниот | агрегативниот |

*Извор: Оформена табела според текстот*"Javna sfera, mediji i javnost", Snježana Milivojević, Reč 64:10, стр. 179-185.

Во овие два концепти *јавноста* и *јавното мислење* ги третираат на различен начин. Тие разлики се однесуваат на дефинирањето на субјектот на јавното мислење, во одредувањето на карактерот на јавното мислење и во

определувањето на улогата и значењето на јавното мислење во политичкиот живот.

Според првиот концепт, *јавноста* е посебна социјална група која го формира и го соопштува своето мислење, а во вториот, таа не е дефинирана како посебна група, туку станува збор само за јавно изразено мислење на вкупната популација. Тоа значи дека во првиот (либералниот) концепт се инсистира на јавно формирано мислење, а во вториот (утилитарниот) коцепт на јавно изразено мислење (Ibiden,9).

Втората разлика меѓу овие концепти е во однос на дефинирањето на *општо добро. Либералниот* концепт го смета јавното мислење како форма за реализирање на општата волја, а се реализира преку постојано учество во јавното резонирање и преку рамноправна дебата. *Утилитарниот* концепт на јавното мислење гледа како на идеја која е најраспространета и најприфатлива, а за која не е неоходно да се дебатира, туку општата волја се изразува преку редовните изборни процедури (Ibiden,10)

Третата разлика помеѓу спомenатите концепции се однесува на нивното разбирање за јавното мислење. Либералната концепција, односно дискурзивниот концепт, ја истакнува еманципаторската и критичната улога на јавното мислење, а во агрегатниот концепт доминира интегративната и легислативната функција на јавното мислење (Ibiden,10)

Јавното мислење претставува општествен процес кој е во релација со конкретни настани, конкретно време и лица. Всушност, јавното мислење се формира врз основа на принципот на мнозинство - "...кога многу луѓе застапуваат едно мислење во однос на некоја тема и кога се свесни за тоа совпаѓање" (Кунчик, Ципфел, 1998: 211). Јавното мислење, во најголем дел, зависи од непосредното искуство кое го имаат лицата за или во однос на конкретниот настан, колку се информирани во однос на одредена тема и сл. Во однос на ова идентификување на јавното мислење, за одредена група лица на одреден простор најчесто "... се постигнува со јавни изјави, кон кои се приклучуваат и оние објавени во мас-медиумите" (Кунчик, Ципфел, 1998: 211). На оваа ќе додадеме дека мас-медиумите, на извесен начин, се и креатори на јавното мислење и тоа преку селекција на презентираните содржини. Како втора можност за идентификување на јавното мислење, се истражувањата или сондажите на јавното мислење.

Во продолжение ќе биде претставено истражувачкото искуство од сондажите на јавното мислење за глобализацијата, мегатрендот на XXI век, кој ја "напаѓа" како приватната така и општествената сфера на делување.

## 4.2 Истражување на јавното мислење за глобализацијата

Во современиот свет, сондажите на јавното мислење имаат важна улога во планирањето и развојот на државите и регионите. Засиленото темпо на ширење на влијанието на глобализацијата, како од аспект на територија, така и од аспект на сферите на делување, ја предизвика потребата за пофреквентно сондирање на јавното мислење за глобализацијата.

Потребата од знаење за тоа како размислува јавноста за глобализацијата е најреално преку истражување на јавното мислење и неговите ставови кон глобализацијата. Истражувањата на јавното мислење се спроведуваат од практична гледна точка и од теориска, исто така.

Практичноста се согледува во делот на операционализација (подготовки и примена) на одредени општествено-политички активности. Практичната примена на добиените резултати се согледува во нивната примена и во политичките акции и во општествените активности. Теориското значење се согледува во откривање на краткорочните и долгорочните чинители во општествениот, политичкиот, културниот и економскиот живот на една земја или на одредена територија. Врз основа на вакви истражувања, може да се предвидат и реакциите на јавноста во врска со одредени важни прашања од општествено значење.

Во овој дел се задржуваме на одредени методолошки напомени или проблеми при истражувањето на јавното мислење. Анализата е базирана на досега спроведени истражувања во светот и тоа, главно, во англосаксонските јазични подрачја, со осврт и кон ретките истражувања во Р.Македонија.

Потребата да се презентираат одредени значајни методолошки аспекти врз досегашните истражувања, се должи на спецификите на инструментот кој

се користи при сондирање на јавното мислење.[1] Имено, сондажите на јавното мислење се спроведуваат преку анкетни истражувања, а резултатите во најголем дел се зависни од тоа кои инструменти или модели се користат, од тоа како се поставени прашањата. Како што потенцира бројната методолошка литература, пристрасноста и грешките доведуваат до непризивни истражувачки наоди и сознанија и доведува до повторна заблуда на јавноста низ процесот на десиминација на резултатите. А, една од најчестите грешки кои доведуваат до пристрасност и грешки во финалните сознанија, се нејасно поставените прашања (Arleck&Settle, 2004; Brayman, 2012).

За сондирање на јавното мислење се користи квантитативна истражувачка стратегија и тоа преку анкетирањето како метод, користејќи го анкетниот Прашалник за собирање податоци. Најчестите извори кои доведуваат до заблуда во однос на тоа како размислува јавноста за глобализацијата, се резултат на начинот на кој е дизајниран инструментот кој се користи за собирање податоци и како е дефиниран самиот термин глобализација, односно што навистина се мери во конкретната сондажа на јавното мислење.

Истражувањата за ставовите кон глобализацијата, се особено чувствителни на начинот на кој се поставуваат прашањата, знаејќи дека процесот на глобализацијата, по својата феноменологија, е многу комплексен процес и за кој, во основа, јавноста е помалку информирана или свесна за нејзиното присуство (Held, McGrew, Goldblatt&Paraton, 1999). Во таа смисла, начинот на кој се поставуваат прашањата, се посебно значајни точки, а за кои треба добро да се размислува, истражувајќи ги ставовите на јавноста за глобализацијата. Начинот на кој се поставуваат прашањата ги опфаќа следниве димензии, од делот на формулирање на анкениот инструмент:

- кои зборови се употребуваат;
- по кој ред се подредени прашањата и
- дали прашањата сугерираат ставови (дали се сугестибилни).

Погрешното поставувањето на прашањата во анкетниот Прашалник се основа за манипулација со јавното мислење и како таков претставува

---

[1]Во однос на квалитетот на податоци во сондажите на јавното мислење, покрај инструментот кој се користи, големо значење има и дизјанот на примерокот и теренскиот дел, кои во оваа прилика не се предмет на анализа.

методолошки предизвик за нивно надминување во истражувањата (Arleck & Settle, 2004: 98). Во таа смисла, истражувачот треба многу да внимава за начинот на кој се поставуваат прашањата, во смисла истите да се поставуваат на тој начин да не даваат предност на ниту еден збор, односно истиот да не придизвика никаква сугестибилност во добивање на одговорите.

Употребата на зборовите (познати како клучни/главни зборови или фрази), во прашањата се зборови кои имаат или го водат испитаникот во процесот на давање одговор на поставеното прашање во посакувана насока. Всушност, тоа е еден од најлесните начини да се добие посакуван одговор, кој, во основа, не е вистински, не е реален и истиот се толкува како пристрасен (Gray&Guppy2007: 85-89).

Вториот тип проблеми се познати како "прашање – ефектот на редот", во литературата се препознаваат како наследен ефект или контекст ефект. Бројни се истражувањата кои упатуваат на тоа дека секое прашање, односно начинот на кој се поставува прашањето, предизвикува одреден став кај испитаникот. Имено, прашањата во анкетата не се поставуваат изолирано, туку како дел од една целина, така што, кога се поставува некое прашање може да има влијание врз одговорите (Schuman & Presser, 1996), а секое претходно прашање има свое влијание на следното по ред. Од когнитивен аспект, кога ќе се прашаат луѓето за свое мислење во однос на некоја тема, тие прво ги одредуваат стандардите по кои ќе ја проценуваат ситуацијата, а најголем број од анкетираните лица тоа го прават според она што ќе им падне прво на ум или, пак, критериумот го создаваат според ставот кој го имале во однос на претходното прашање (Ibiden, 78).

Немањето информации, како предуслов за дефинирање на став, т.е. мислење во врска со одредена тема, е последната опасност за грешки во добиените одговори. Повеќето луѓе даваат свое мислење за одредена тема и покрај фактот што не се информирани за истата, а ова често се случува во сондажите на јавното мислење за глобализацијата. На пример, многу е малку веројатно дека јавноста ќе ги има сите информации во однос на економските трговски политики, а, сепак, дава одговор на поставените прашања. Добиените одговори, на овој начин, се неупотребливи за понатамошни анализи, во смисла на објективост.

Без сомнение, споменативе грешки имаат големо влијание на добиените одговори, но искуството покажува дека во ниту едно истражување не може, во целост, да се искоренат. Како решение за овој вид тешкотии се наоѓа во процесот на претестирање на прашалникот и тестирање на неговата релијабилност и валидност (Brayman, 2012).

Како што повеќепати е нагласено во трудов, не постои една дефиниција, една одредница, едно значење за поимот глобализација. Глобализацијата не се манифестира само низ една димензија. Напротив, како што се усложнува општествениот живот, така расте и интересот и темите со кои се поврзува глобализацијата. Ако во почетоците на истражувањето за глобализацијата се третирале само нејзините економски аспекти, современите анализи на општествените збиднувања ја концептуализираат глобализацијата и низ други општествени термини. На пример, еднаквоста на жените или пак, меѓународните невладини организации (МНВО) (Berkovitch, 2004; Matthews, 2004).

Поради фактот дека со глобализацијата може да биде опфатена секоја *пора* од општестевниот живот, се наметнува потреба во сондажите на јавното мислење, во анкетниот Прашалник да се објасни како истражувачот го одредува терминот глобализација. Што подразбира под глобализација? Кој аспект се истражува? Секое отсуство на предочување на испитаникот што подразбира истражувачот под глобализација, доведува во опасноста да се добијат невалидни сознанија.

Врз основа на достапните истражувања, според овој критериум, постоечките се групирани во неколку групи (пошироко во Додаток 1., табела 1).[2] Во првата група глобализацијата не е јасно дефинирана. Во втората група дефинирана е преку кластер дефинција, а во третата група, низ конкретен аспект, и тоа преку економската димензија, меѓународната трговија и културата, се размислува за глобализацијата (Dawne Bacsu, 2007).

[2]Во табелата се преставени резултатите Juanita - Dawne Bacsu, 2007, магистерска теза одбранета на University of SaskatchewanSaskatoon, Канада, (последно достапно на интернет 5.92015).Ова истражување е спроведено за потребите на изготвување на магистерскиот труд Мерење на ставовите на граѓаните кон глобализацијата (*Measuring citizen attitudes toward globalization)*на University of SaskatchewanSaskatoon. Истражувањето ги обработува истражувањата спроведени на англиското говорно подрачје, а примарен извор на податоците се извештаите, достапни на интернет, според следните клучни зборови: јавно мислење, ставови, глобализација, истражување. Прегледот идентификува седуманесет истражувачки институции кои го воделе истражувањето, во периодот од 1999 до 2005. Според овие истражувања, 10 ги истражуваат ставовите кон глобализацијата како економски процес, 2 ги мерат ставовите од повеќе аспекти и 5 истражувања не даваат дефинциија за глобализацијата.

Во истражувањата кои припаѓаат на првата група, глобализацијата се мери преку поставување општо прашање, се споменува во поодделни модалитети или се мери преку други термини, како, на пример, меѓународната трговија и медицинска грижа, третмани во странство и професионалнците во здравствениот сектор. Во истражувањата, како што се, на пример, првото и петтото истражување, претставени во Додаток 1. табела 1. испитаниците се, едноставно, прашани да го изразат ставот кон глобализацијата, без да се опише што значи истата. На извесен начин, ваквиот начин на поставување на прашањата довело до тоа, нешто помалку од две десетини од испитаниците, да не знаат што да одговорат или одбиле да дадат одговор на поставеното прашање за одредување на ставот кон глобализацијата. Според добиените резултати во споменатите истражувања, свесноста за присутноста на глобализацијата постои, но фактот дека истата не е прецизно дефинирана, остава простор за изразување на сомнеж во однос на добиените одговори. Сугестиите во однос на надминување на потенцијалната субјективност во интерпретацијата на одговорите, се во насока на јасно дефинирање на терминот глобализација, како и негова јасна операционализација, како и истото да се предочи пред испитаниците во истражувањето (Edwards, 2006).

За втората група истражувања, во која глобализацијата се дефинира како кластер дефиниција (во една дефиниција се собрани повеќе димензии), покрај постоечките проблеми погоре истакнати, отвора нови проблеми, т.н. паралелни прашања. Како пример за овие прашања се: "Глобализацијата претставува културна, економска и политичка интергација. Во колкава мерка се согласуваш?" Со ваквото прашање испитаникот е ставен во ситуација да не може да даде одговор, кој, навистина, ќе го отсликува неговиот став кон глобализацијата. Во прашањето се содржани три различни димензии за глобализацијата, а за сите нив е можно испитаникот да има различни ставови. Со вака поставено прашање, од испитаникот се изнудува да даде еден просечен одговор. Дополнително, добиениот одговор не го презентира ставот на испитаникот, а е извор за неконзистентен во однос на другите прашања, ако се поставуваат пооделно за секоја димензија (Ibiden, 99).

Третата група истражувања ја имаат поточно дефинирано глобализацијата, но, главно, од економски аспект или меѓународна трговија, игнорирајќи ги другите аспекти. Недостатокот за оваа група истражувања е во

тоа што недостасуваат доволно индикатори за давање целосна оценка за овој мултидимензионален проблем. На овој начин и не се мерат ставовите кон глобализацијата, кон одредени сегементи од неа. Општ е ставот дека сондажата на јавното мислење за економската глобализација се подоминанти, во однос на другите нејзини димензии, а посебно оние на политичката и културната. Pew Global Attitudes Survey ги мери ставовите за глобализацијата меѓу различните земји и е фокусирано на економските и културните аспекти на глобализацијата (Ibiden, 101).

Истражувањето на Марија Дракуловска-Чукалевска реализирано во 2010 година за потребите на докторската дисертација "*Односот на глобалното и локалното во културата: случајот на Република Македонија*", на територијата на Р.Македонија во поголем дел ги обработува културните аспекти на глобализацијата. Но, делови на Прашалникот се посветени на: личниот однос кон глобализацијата; чувството за присуството на глобализацијата во секојдневниот живот и последиците од глобализацијата (Дракуловска-Чукалевска, 2011).

Во претходните делови од магистерскиот труд беа наброени различни начини за дефинирање на глобализацијата. Еден заеднички именител за сите нив е дека глобализацијата упатува на нешто што се случува секаде, но разликите се во квалитативна смисла на зборот, во однос на тоа што е она што се идентификува, кога станува збор за глобализацијата. Овој начин на разграничување е од особено значење кога се истражуваат ставовите на јавното мислење кон глобализацијата, односно кога ни е потребна емпириска евиденција од причини што глобализацијата може да биде и трговија на стока и услуги и разрешување на конфликти и протести во една држава против глобалните институции, следењето на вестите на сателитските програми и сл. (Jacobson, 1996; Soysal, 1994). А, јасното дефинирањето на варијантите и хипотезите, се од особено значење, кои, пак, можат да помогнат да се надминат одредени недоследности во делот на дизајнирањето на инструментот.

Нема сомнение дека важноста од сондажите на јавното мислење, а особено за оние како што е глобализацијата, е релевантна. Јавноста, прашана да го изрази своето мислење, т.е. став по одредена актуелна тема, е можност да се слушнат нивните ставови. Секако дека мултидимензионалната феноменологија за глобализацијата и динамиката со која се развива истата,

оневозможува, со едно истражување да се опфатат сите димензии. Комплексноста на димензиите низ кои се изразува глобализацијата, коишто, можно е, да се однесуваат само на една специфична подгрупа од населението, да се однесуваат на целна група, а заради добивање релевантни и употребливи податоци, ја наметнува потребата од спроведување на истражувањето не на целата јавност, туку само на дел, на таргетирана јавност. Несомнено, истражувањата на јавното мислење за глобализацијата се методолошки предизвик за истражувачите.

Понатаму се претставуваат доминантните ставови на јавноста во однос на глобализацијата.

## 4.3 Доминантните ставови на јавноста во однос на глобализацијата

Врз основа на податоците од глобалното јавно мислење за глобализацијата, анализата на ставовите од испитаниците за глобализацијата, покажала дека јавноста, општо замено, има позитивен став кон глобализацијата, кој се движи во од 87 проценти до 32 проценти (World Economic Forume, 2002).

**Слика 2. Ставовите за глобализацијата**




*Извор: Global Opinion on globalization, 2002, GlobeScan.*

Од аспект на светските региони, позитивните ставови во однос на глобализацијата се во пораст и тоа посебно во Северна Америка и Европа. Поточно, во 2002 година, во однос на 2000 година, позитивните ставови се зголемиле меѓу 9 земји, а намалени во 5 земји (Види: Слика 2).

Очекувањата од глобализацијата се повисоки во земјите кои имаат понизок бруто општествен производ (БОП). Очекувањата од глобализацијата се дека таа ќе има позитивно влијание на 8 од вкупно понудени 15 аспекти. Очекувањата се изразени во сферата на поголема достапност на светските пазари, поефтини производи, подобрување на културниот живот, подобар квалитет на живеење, подобрување на човековите права, зајакнување на националната економија, повисоки индивидуални примања.

Поголем оптимизам за глобализацијата покажуваат деловите од светот кои се неразвиени, додека развиените делови покажуваат покритичен однос кон глобализацијата. Тврдењето дека сиромашните земји ќе имаат полза од слободната трговија и глобализацијата исто како и богатите земји, се обликува според развиеноста на земјите. Една третина од испитаниците во високо развиените земји, го поддржуваат овој став, а нешто повеќе од една полвина во ниско развиените земји сметаат на еднаквоста во овој дел (слика 3).

**Слика 3. Одговори на тврдењето *Сиромашните земји имаат иста полза од глобализацијата како и богатите***




*Извор: Global Opinion on globalization, 2002, GlobeScan.*

Негативните последици од глобализацијата, јавноста ја согледува во следниве три области: а) квалитетот на околината; б) сиромаштијата и в) слободни работни места.

Објаснувањата за преовладувачкиот позитивен став на граѓаните во светот во однос на глобализацијата се должи на потребата за единство и постигнување успех во борбата против тероризмот.

Истражувањата говорат дека ставовите кон глобализацијата во текот на траењето на истражувањето, се менува и покажуваат неконзистентност во давањето одговори. Причините се во методолошките аспекти (начинот на поставување прашања), но, исто така, и на тоа дека јавноста сè уште е подготвена да осудува одредени аспекти од глобализацијата.

Во однос на обидите за давање одговор кои се објаснувачките фактори за разликите во мислењата, како еден од факторите, е степенот на развиеност на земјата или регионот.

Кенет Ф. Шеве (Kenneth F.Scheve) и Метју Ј. Слаугхтер (Matthew J Slaughter), тестирајќи ги хипотезите содржани во моделот на Heckscher–Ohlin, кој најчесто се применува во истражувањата на Соединетите Американски Држави (САД), упатува дека секторот на вработеност има свое влијание врз одговорите, особено кога станува збор за истражување на економските димензии на глобализацијата. Според истражувањето спроведно во Соединетите Американски Држави (САД), лицата кои работат во секторот надворешна трговија се позитивно насочени кон глобализацијата. Испитанциите кои работат во индустријата и оние од сектор надворешна трговија, го согледуваат, повеќе од останатите категории испитанци, позитивното влијание за слободната трговија во производството. Како втора објаснувачка варијанта е степенот на усвоени вештини за работа. Според резултатите, нивото на совладани вештини (мерено или преку образованието или преку просечната плата на испитаниците) се важни показатели во одредување на нивното мислење во однос на надворешната трговијата и миграцијата. Лицата со повисоки вештини во работењето, покажуваат попозитивни одговори во однос на глобализацијата, во споредба со лицата кои имаат пониски вештини за работа (Scheve&Slaughter, 2001).

До слични сознанија доаѓаат и Ана Марија Мајда (Anna Maria Mayda) и Дани Родрик (Dani Rodrik). Тие ги користеле резултатите од 23 земји, коишто покажуваат дека варијантните вештини и секторот на вработеност, се значајни при објаснувањето на разликите во однос на ставовите за глобализацијата (Mayda & Rodrik, 2005).

Како следна значајна варијанта во истражувањата е политичката определба. Во своето истражување Џефри Гарет, а подоцна и Лајна Мосли, доаѓаат до сознанија дека левоориентираните влади и државите на благосостојба, се поподготвени да соработуваат во глобалната економија (Garrett, 1998; Mosley, 2000). Истражувањата кои се однесуваат на трговијата најдоа помешани резултати во однос на поврзаноста помеѓу политичката определба и протекционизмот. Во истражувањата од 1996 година, Шеве и Слотер заклучиле дека конзервативците биле позаштитнички насочени кон заштита на трговијата, наспроти резултатите од истражувањата во 1992 година (Scheve& Slaughter, 2001).

Интересни се сознанијата добиени од истражувањата во кои се забележува поврзаност помеѓу ставовите на јавното мислење за економската политика и бизнис-циклусите (Kaufman and Zuckermann, 1998; Przeworski, 1996). Според овие истражувања, бизнис-амбиентот, нивото на спроведените реформи во економијата, коишто, пак, се одредница и на индивидуалните заработувачки, се главната одредница на јавното мислење и неговите ставови за глобализацијата. Слични се истражувањата кои ги поддржуваат процесите на евроинтеграцијата, а очекувањата се дека и ставовите кон глобализацијата зависат повеќе од спроведените економски реформи (Gabel & Whitten, 1997).

Не помалку значајна варијанта се вредносните ориентации на граѓаните кон државата и нејзиниот суверенитет. Истражувањата на Давид М. Ранкин (David M. Rankin), во 2001, упатуваат дека ставовите на анкетираните лица во однос на националниот идентитет се јавуваат како објаснувачки фактор во однос на ставовите кон меѓународната трговија, кој се јавува како индикатор за глобализацијата. Граѓаните, коишто имаат силни убедувања за патриотизмот и суверенитетот, имаат конзистентен опозициски однос кон Северно-Американскиот договр за слободна трговија[3] (НАФТА) (Rankin, 2001). Истражувањето на Мајда и Родрик, како и она на О'Роурк и Синот, дојдоа до сознанија дека испитаниците кои себе си се идентификуваа како националисти се посклони да ги поддржуваат кампањите за заштита на националното производство (Mayda and Rodrik, 2005; O'Rourke&Sinnott 2001).

Оттука, достапните истражувања и стручната литература, укажуваат дека културните димензии на глобализацијата не биле истражувани, а посебно не во

---

[3]Анг. North American Free Trade Agreement.

контекст на истражувањата на јавното мислење. Она што се знае е тоа дека порастот на економската независност претставува предизвик и за културата (Holton, 2000; Jenkins, 2003). Државите треба да внимаваат културните индустрии да не бидат изземени во ситуации кога се либерализира трговијата (Goff, 2000). Истражувањата укажуваат на тоа дека јавноста е загрижена за тоа како странската продукција на филмовите, музиката и телевизијата од други држави и региони во светот и нивното продуцирање во државите, претставуваат закана за истата (Lagos, 2003: 344–5). Грижата за културната глобализација, односно воочувањето дека културната глобализација ќе влијае врз домашната култура, во секоја смисла на зборот, е различна и зависи од развојот на државата, така што кај помалку развиените земји грижата е поизразена.

Според емпириската евиденција која се однесува на тоа како културните димензии на глобализацијата се разгледуваат во контекст на македонското општество, се истакнуваат достапните извори, претставени во продолжение.

Станува збор за две истражувања[4], реализирани од истражувачкиот тим во Институтот за социологија при Филозофскиот факултет на Универзитет "Св. Кирил и Методиј", Скопје (УКИМ). Едното истражување е дел од проектот *"Иновативна социологија"*, кое е спроведено во 2004 година, под раководство на проф. д-р Јован Корубин. Во текстот се користи како *Истражување 2004.* Второто истражување е дел од докторскиот труд на доц. д-р Марија Дракуловска–Чукалевска, насловен како *"Односот на глобалното и локалното во културата: случајот на Република Македонија"*, спроведено во 2011 година.

Според податоците од истражувањето во 2004 година[5], на ниво на цел примерок, превладува употребата на македонскиот јазик и тоа со 52,7 проценти, а помала е употребата на странските јазици, со 47,3 проценти. Разликите во однос на употребата на јазикот се поизразени во однос на тоа дали станува збор за анализа на фирмите на централното подрачје или во старата чаршија. Во централниот дел од Скопје, предоминантен е странскиот

---

[4]Во овој дел се користат достапни податоци од две истражувања,кои,, покрај другото, ги обработуваат и прашањата за влијанието на глобализацијата врз јавната комуникација, врз јазикот, проследена преку јавните натписи, фирми и билборди во градот Скопје.

[5]Во првото истражување биле опфатени 937 јавни натписи, фирми и билборди. Од тоа 662 во *централното подрачје,* кое се наоѓа од десната страна на реката Вардар, а 275 во *старата чаршија.*

јазик и тоа со 56,3 проценти, наспроти македонскиот, со 43,7 проценти. Наспроти тоа, во Старата чаршија, 74,5 проценти од вкупно анализираните фирми се напишани на македонски јазик, додека на странските јазици се испишани 25,5 проценти од анализираните фирми. Во 2011 година продолжува истиот тренд. Поточно, од вкупно 654 фирми во 355, односно 54,3 проценти од натписите на анализираните фирмите се напишани на странски јазик, а останатите 45,7 проценти на македонски јазик.

Глобализацијата има силно влијание врз македонскиот јазик и писмо и дека тоа се случува под силно влијание на англискиот јазик и латиничното писмо. Глобалните трендови се среќаваат преку фрекфентната употреба на англискиот јазик во јавната комуникација и преку директна замена на македонските со англиски зборови. Се нагласува и потреба од модерна јазична политика која би можела да излезе во пресрет на предизвиците кои ги носат процесите на глобализацијата. Покрај креирањето политики со современ пристап, се истакнува дека е потребно да се работи на развивање на свеста дека во оваа заедничка цивилизација, во процесите на глобализацијата, сепак, постојат можности, или треба да се изнајдат начини, преку јазикот и културните симболи да се идентификува поединецот во глобалното општество. Изнаоѓањето на таквото решение е преференција на авторката, во однос втората опција е бегање во минатото и негово иделизирање (Дракуловска - Чукалевска, 2012: 52-63).

Сознанијата добиени од ова истражување (2011) упатуваат на тоа дека глобализацијата е на ниво на информативен карактер, а аналитчкиот пристап, односно објаснувањето на фактите е помалку присутен. Меѓу испитаниците преовладува позитивниот став за глобализацијата, а глобализацијата, во најголем дел, се идентификува како проект наметнат од моќните земји и процес на создавање светско општество. Значителен дел од испитаниците оценуваат дека глобализацијата е високо присутна во сферата на медиумите, а авторката тоа го објаснува со фактот дека медиумите се перципираат како канали преку кои директно се пренесуваат различните културни вредности коишто секојдневно поттикнуваат кон нови животни избори, коишто, понатаму, го обликуваат и идентитетот на поединците. Општиот заклучок од ова истражување е дека испитаниците ги препознаваат процесите на

глобализацијата во македонската култура, иако со одредена доза на резервираност и отпор кон нив (Дракуловска- Чукалевска, 2011: 190-198).

Анализите на Чарли Андреј (Charles Andrews) доминантните ставови кон глобализацијата во светски рамки ги класифицираат во три групи. Првата група се ставовите кои ја поддржуваат глобализацијата. Втората група се оние кои имаат реформаторски пристап кон глобализацијата, но кои ќе ја прифатат во секое време и, најпосле, третата група се оние кои се против глобализацијата (Andrews, 2011). Досегашните истражувања во македонски контекст, во кој подетално се третирани културните димензии од глобализацијата, укажуваат на позитивниот однос кон глобализација. Во продолжение на трудов ќе се претстават емпириските сознанија за присуството на глобализацијата во делот на економијата, културата и политиката во македонски контекст.

# ПЕТТИ ДЕЛ
# РЕФЛЕКСИИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО ЗА ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА НА ЈАВНОСТА ВО МАКЕДОНСКИ КОНТЕКСТ

Во овој дел се претставени емпириските сознанија за присуството и искуството со глобализацијата во современото македонско општество. Согласно општата хипотеза, анализираниот материјал е обработен во два поддела. Првиот дел се однесува на мерење на присуството на глобализацијата во сферата на политиката, економијата и информациските и комуникациските технологии (ИКТ). Вториот дел се однесува на следење на односот на јавноста кон глобализацијата. Емпириската евиденција е заснована на веќе постоечките податоци и на спроведеното истражување за потребите на трудов.

## 5.1 Глобализацијата во македонското општество

Присуството на глобализацијата во македонски контекст се мери преку присуството на: а) меѓународниот фактор во политичките активности на земјата; б) интернационализација на економијата и в) преку присуството и практикувањето на новите информациски и комуникациски технологии (ИКТ) во македонското општество. Врз основа на секундарни извори на податоци, следејќи ги посебните индикатори за спомenатите три сфери од општественото живеење, сознанијата ќе бидат претставени во посебни подделови.

Во овој дел се тргнува од првата посебна хипотеза дека *присуството на глобализацијата во Р.Македонија е поголемо толку колку што се поприсутни и политичките, економските и информациско-технолошките димензии на глобализацијата.*

### *5.1.1 Присуството на меѓународната политика во македонското општество*

Глобализацијата претставува оформување на сложена мрежа или врска на меѓусебна поврзаност на многу аспекти во општественото живеење, а едно од нив е и политиката. Маркери за постоење на глобализацијата во политиката се:

1. Интернационализација на правниот промет што подразбира меѓународни меморандуми за соработка и договори кои го регулираат правниот промет помеѓу државите, а коишто, може да се каже, ја претставуваат поддршката за глобализацијата .
2. Зголемено присуството на Меѓународните организации (МО), државни и приватни, коишто се израз на глобализацијата и истите имаат широка рамка на делување.

Врз основа на информациите, достапни на интернетот, а пребарувани по зборовите Меѓународни организации (МО) и Македонија, ја проверуваме првата посебна претпоставка дека ако *меѓународната заедница е повеќе присутна и вклучена во земјата, толку и глобализацијата е поприсутна.*

**Табела 2. Меѓународни организации во Република Македонија**

| Бр. | Име и кратенка | Македонски превод | Основана или присутна во РМ | Содржина теми |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Council Of Europe (Information Office Skopje) (COE) | Совет на Европа (СЕ) | | Социјална безбедност, социјална сигурност, поддршка на националните власти |
| 2. | Delegation Of EU In Macedonia | Делегација на ЕУ во Македонија | март 2000 | Врска помеѓу националните власти и институциите на ЕУ; мониторинг и известување за постапувањето согласно на политичките и економските критериуми за членство во ЕУ, како и усогласување на законодавството со законите на ЕУ и капацитетите за негова примена и спроведување; информирање властите, институциите, медиумите, и граѓаните за пристапниот процес и за институциите и политиките на ЕУ. |
| 3. | Helsinki Committee For Human Rights Of The Republic Of Macedonia(HCHR) | Хелсиншки комитет за човекови права (ХК) | | Промоција и заштита на човековите права, немаат политичка и религиозна ориентација |
| 4. | International Organization For Migration(IOM) | Меѓународна организација за миграција | | Помагаат во управување со миграцијата, сознанија за миграциските прашања, залагање за достоинството и благосостојбата на мигрантите |
| 5. | Organization For Security And Co-operation In Europe (OSCE) | | | |
| 6. | United Nations (UN) | Организација на Обединети Нации (ООН) | 1945 | Прашања со кои се соочува човештвото, како што се мир и безбедност, климатските промени, човекови права, тероризам, хуманитарни и здравствени вонредни околности, родова еднаквост |
| 7. | United Nations | Организација | | Поддршка на Владата за градење на |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Developement Programme (UNDP) | на Обединетите Нации за развојни програми | | инклузивно општество; градење на институционалните капацитети, обезбедување на знаење, градење на партнерство и зголемување на фондови за развој |
| 8. | United Nations Children's Fund (UNICEF) | Институција на Обединетите Нации за помош на децата | 11.12.1946 / | Специјална организација на ОН за заштита и помош на деца во опасност |
| 9. | United Nations High Commissioner For Refugees (UNHCR ) | Висок комесаријат за бегалци на Обединетите Нации | декември, 1950г. | Организација на ОН за помош на раселени лица и бегалци |
| 10. | International Organization For Migration In The Republic Of Macedonia | Меѓународна организација за миграции | 1951 | Помош на владата во креирање на стандарди и хармонизација на клучните миграциски области |
| 11. | International Monetary Fund (IMF) | Меѓународен монетарен фонд (ММФ) | 1945 / | Зајакнување на монетарната соработка, обезбедување на финансиската стабилност, меѓународната трговија и намалување на сиромаштијата во светот, |
| 12. | United States Agency For International Development (USAID) | Американска агенција за меѓународен развој (УСАИД) | | Зајакнување на демократските практики, зголемување на економскиот раст |
| 13. | The World Bank (WB) | Светска банка (СБ) | 1944/1994 (Во Република Македонија) | Специјална организација на ОН дава помош во развојот на помалку развиените земји преку кредити и инвестиции за градење на модерна индустрија и инфраструктура |
| 14. | Migration, Asylum, Refugees Regional Initiative Regional Centre MARRI | Регионален центар за миграции, азила бегалци | 2003 | Регионален центар за помош и зајакнување на членките во сферата на миграциите |
| 15. | World Health Organization In Macedonia(WHO) | Светска здравствена организација (СЗО) | 1948 / јануари, 1996 | Организација на ОН со седиште во Женева / координација на интернационалното јавно здравје |
| 16. | South-Eastern Europe Health Network (SEEHN) | Здравствена мрежа на југо-источна Европа | 1999 / | Промоција на одржлив развој преку подобрување на здравјето на населението; поддршка на реформите на здравствениот систем |
| 17. | Unated Nation Population Fund (UNFPA) | Фонд за развој на населението на Обединетите Нации (УНФПА) | 1967/2007 (Во Република Македонија) | Ја поддржува Владата во областа на репродуктивното здравје, прашањата во поглед на населението и развојот, како и родовото насилство, поддржува земјата во напорите за подобрување на целокупниот пристап и квалитет на сексуалното и репродуктивно здравје и услуги |

*Извор:http://www.mfa.gov.mk/index.php/en/mnr-ministry2/protocol/accredited-dcm-in-macedonia/accredited-international-organisations; (http://www.balkanalysis.com/macedonia/international-organizations/).*

Листата на меѓународните организации (МО) претставени во табела 2. и нивната сфера на делување. се достапни на линковите на Министерството за надворешни работи на Република Македонија (http://www.mfa.gov.mk/index.php/en/mnr-ministry2/protocol/accredited-dcm-in-macedonia/accredited-international-organisations) и на веб-страницата на Претседателот на Република Македонија (http://www.president.gov.mk/) како и базата на меѓународни организации (МО) на следниов линк (http://www.balkanalysis.com/macedonia/international-organizations/). Дополнително, како извор на информации се користени и веб- страниците на одделни Министерства, на коишто е регистрирана нивната секторска соработка со одредни регионални организации.

Врз основа на собраните информации, се забележува дека од своето осамостојување Р.Македонија настојува да се вклучи, преку билатерални, регионални и мултилатерални договори, во предизвиците на глобализираниот свет. Една од главните стратешки цели на државната политика е преку надворешната политика да се вклучи во европски и евроатланските стратешки асоцијации, очекувајќи нова иднина за Р.Македонија.

Првиот чекор на државата, по осамостојувањето во 1991 година, беше и промовирањето на земјата на меѓународен план и тоа преку зачленување во меѓународните организации (МО) и воспоставување на дипломатски односи со другите земји. Од 1992 година Р.Македонија има воспоставено билатерални односи со 167 држави, а од декември 1995 година има воспоставено и дипломатски односи со Европската Унија (ЕУ). Од 1993 година Р.Македонија е членка на Обединетите нации (ОН), а следствено и на сите агенции на Обединетите нации (ОН), нејзините програми и фондови. Од 1995 година Р.Македонија стана и членка на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ) и на Советот на Европа (СЕ). Од 2003 година е членка на Светската трговска организација (СТО). Од 2006 година станува членка на Централноевропскиот договор за слободна трговија (ЦЕФТА) и на Франкофонијата.

Вклучувањето во регионалните иницијативи се високи приоритети на земјата. Почетоците се во 1993 година, со зачленувањето на Р.Македонија во Централно-европската иницијатива (ЦЕИ), потоа преку развивање на партнерството со Советот на Европа (СЕ) и Организацијата за образование,

наука и култура на Обединетите нации (УНЕСКО), во 2003 година беше иницијатор на самитот за Дијалог помеѓу цивилизациите. Истиот овој самит е оддржан во 2013 година, по вторпат. Активното учество во процесот на соработката во Југоисточна Европа (ПСЈИЕ) се забележува и со улогата на Р.Македонија како претседавач за периодот 2012-2013 година. Намерата на државата за вклучување во Јадранско-јонската иницијатива и Дунавската стратегија, ги потврдуваат водечките начелата на Р.Македонија дека иднината на земјата зависи од зголеменатa регионална доверба и соработка. Во земјата се присутни сите организации кои припаѓаат во група на традиционални и формални организации (Зенделовски, Нацев, 2014: 104-108), како што се: Организациите на Обединетите нации (ООН), Светската банка (СБ) и Северноатлантската алијанса (НАТО). Областите во кои делуваат овие Меѓународни организации (МО) се во делот на обезбедување мир, стабилност и безбедност и во оваа група се селектирани Организациите на Обединетите нации (ООН), Меѓународната организација на трудот (МОТ), Светската здравствена организација (СЗО) и др. Во областа на трговијата и економските прашања се Светската банка (СБ), Меѓународниот монетарен фонд (ММФ) и др. Социјалната благосостојба и човекови права се фокус на интерес на Организација на Обединетите нации за развојни програми (УНДП), Високиот комесаријат за бегалци на Обединетите Нации (УНХЦР), Институцијата на Обединетите нации за помош на децата (УНИЦЕФ), Хелсиншкиот Комитет (ХК) и др. Делувањето на овие организации е манифестирано преку проектни активности од значење за државата во разни региони и општини, што го докажуваат со нивните достапни и редовни извештаи.

Без статистичка точност[1], сепак, сме склони, врз основа на добиените податоци кои ги сметаме како доволни, да тврдиме дека двете поставени поединечни хипотези на почетокот на истражувањето се потврдуваат. Тоа се следниве хипотези: Поединечна 1.1. Доколку во земјата постои тренд на зголемување на бројот на меѓународни организации (МО), толку е поприсутна глобализацијата. Поединечна 1.2. Доколку во земјата постои тренд на

[1]Заради недостаток на посеопфатно истражување во однос на присуството на меѓународни организации (МО) во Р.Македонија, оваа анализа е предизвик и за некои други следни истражувачки чекори

зголемени активности на меѓународните странски организации, толку е поприсутна глобализацијата.

Во однос на проверката на третата поединечна хипотеза 1.3. Доколку во земјата постои тренд на зголемени активности на меѓународните странски организации во одржување на мирот и стабилноста, толку е поприсутна глобализацијата, предмет на анализа се двата настани од големо значење за нашава држава, а секако и за граѓаните. Тоа се: воениот конфликт во 2001 година и аферата прислушкување во 2015 година.

Воениот конфликт, кој траеше од јануари до август 2001 година, беше завршен со потпишување на меѓународен договор наречен *Охридски рамковен договор,* каде како потписници беа тогашниот Претседател на државата Борис Трајковски, лидерите на четирите партии и меѓународните медијатори: специјалните претставници на Европската Унија (ЕУ) во Македонија, специјален претставник на Соединетите Американски Држави (САД).

Содржината на *Охридскиот договор*, односно основните принципи се: прекин на воениот конфликт, задржување на територијалниот суверенитет и интегритет на државата; задржување на мултиетничкиот карактер на земјата; развивање на демократска држава, во која основно право е на граѓанинот и развој на локалната самоуправа, како основа за охрабрување на учество на граѓаните во демократските процеси и промовирање на почит и идентитет на заедницата (http://www.siofa.gov.mk/data/file/Ramkoven_dogovor_mk.pdf).

Во однос на најактуелните случувања во Р.Македонија, а тоа е аферата прислушкување од самите политички домашни актери, беше побарано интервенција од страна на меѓународните фактори, во разрешување на политичката криза, која понатаму се рефлектираше и на безбедносни и социјални аспекти во државава. И, во овој настан беа, и сè уште се, вклучени претставниците на Европската Унија (ЕУ) и тоа: амбасадорот на Европската Унија (ЕУ) во Република Македонија и американскиот амбасадор во Република Македонија. И овој настан се заврши со потпишување на т.н. *Договор во Пржино* од 2 јуни 2015 година, на кој, покрај меѓународната зедница, се потпишаа и претставници на 4 главни политички партии во Република Македонија.

Содржината на овој Договор вклучува насоки како да делува државата, во иднина, во сферата на меѓународната политика, безбедносната ситуација во

земјата, насоки за демократско делување на политичките партии во државава, обврска за реализирање на демократски избори и Договор за избор на преодна влада (достапни на: http://media.mk/article/86713/sto-sodrzi-dogovorot-od-2-juni-potpisan-vo-eu-rezidencijata-vo-przino).

Врз основа на двата настани, накусо презентирани, може да се забележи дека присуството на меѓународната заедница во државава е изразено и доминантно. Излезот за решавање на прашањата и проблемите, коишто, по својата природа, припаѓаат во групата домашни прашања, се решаваат исклучително преку интервенција на меѓународната заедница.

Врз основа на анализите за меѓународната активност, присуството на меѓународните организации (МО) и нивното учество во разрешување на клучните дилеми и прашања во македонското општество, се потврдуваат трите поединечни претпоставки, а со тоа и посебната хипотеза 1. која тврди дека колку е меѓународната заедница повеќе присутна и вклучена во земјата, толку е глобализацијата поприсутна.

### *5.1.2 Присуството на меѓународната економија во македонското општество*

Во најголем дел, кога станува збор за глобализацијата во економијата или економската глобализација, се мисли на интернационализација на финансискиот пазар на добра и услуги. Динамичните и мултидимензионалните процеси на економската интергација доведуваат до тоа националните ресурси да станат сè повеќе и повеќе меѓународно подвижни, а националните економии стануваат сè повеќе зависни меѓу себе. Водечките сили кои придонесуваат за економската глобализацијата се либерализацијата на движењето на капиталот, отворање нови пазари, трговијата, инвестициите и зајакната меѓународна конкуренција.

Клучна улога за економската глобализација имаат меѓународните компании и тоа преку интернационализација на движењето на капиталот, организација на производството и трансферот на технологијата. Тоа доведува до потребата за развивање и проширување на пософистицирана мрежа на структури, адаптација на стратегии за спојување и создавање мрежни организации.

Врз основа на податоците од статистичката евиденција ќе биде идентификувано присуството на глобализацијата во сферата на економијата во македонски контекст и тоа преку следните индикатори: остварена меѓународна трговија и странски директни инвестиции (СДИ). Предложените индикатори се усогласени со анализите на Организацијата за економска соработка и развој (ОЕЦД) анализите, каде што, без сомнение, меѓународната трговија и странските директни инвестиици (СДИ) се сметаат за примарни *драјвери* на глобализацијата (OECD, 2010). Пред да преминеме на анализа на економските димензии на глобализацијата во македонски контекст, во слика 4. го прикажуваме трендот на движење на меѓународната трговија и инвестициите на глобално ниво. Врз основа на податоците, се забележува зголемување на меѓународната трговија, странските директни инвестиции (СДИ) и интернационализацијата на капиталот. Последиците од ваквите трендови ја стимулираат конкурентноста на пазарот низ целиот свет, бараат структурални прилагодувања во разни области, но го зголемуваат и ризикот на трговинското работење.

**Слика 4. Трендот во меѓународната трговија и инвестиции**




*Извор: преземено од извештајот на ОЕЦД Figure B.1.1 (*OECD, *2010: 41)*

Трендот во однос на меѓународната трговија покажува дека од 2003 година наваму Германија била најголем извозник, а Соединетите Американски Држави (САД) најголем увозник на стока. Теориски, колку земјата е поголема толку е поголема трговијата на стоки и услуги. Односот помеѓу бруто домашниот производ (БДП) и меѓународниот извоз и увоз, се движат во спротивни насоки (OECD, 2010: 47). Трите категории на странски директни

инвестиции (СДИ) се: портфолио инвестиции, директни инвестиции и други инвестиции (OECD, 2010: 40) Според светските анализи и трендови, трите видови трансакции од раните 90-ти години, се во пораст, а особено изразени од втората половина на деведесеттите години на XX век. Намалувањата се забележуваат во 2002 година, за потоа, во 2006 година, да покаже нагорен тренд, а во 2008 година повторно да се намали и да го достигне нивото од 2002 година (OECD, 2010: 40). Очекувањата се дека и македонското искуство нема да отстапува од светските трендови. Преку двете поединечни хипотези се проверува *посебната 2. колку повеќе земјата покажува зголемување во делот на економските димензии (меѓународна трговија и странски директни инвестиции (СДИ)), толку и глобализацијата е поприступна.*

**Слика 5. Меѓународна трговска размена на Р. Македонија: 1992-2014.**




*Извор: Државен завод за статистика на Р.Македонија (ДЗС)*

За проверка на поединечната хипотеза 2.1: *Доколку во земјата постои тренд на зголемување на меѓународната трговија толку е поприсутна глобализацијата,* се користат податоци од Државниот завод за статистика на Република Македонија (ДЗС), презентирани во статистичките годишници и

спроведени според методологијата за изведување статистички истражувања, како и други истражувачки извештаи. Меѓународната трговска размена на Република Македонија е во пораст (Види: Слика 5).

Од страна на Европската Унија (ЕУ), Република Македонија е оценета како земја во која, по рецесијата, трговијата е подобрена. Од вкупниот извоз, 63 проценти оди кон Европската Унија (ЕУ), а 53 проценти потекнува од Европска Унија (ЕУ). Понатаму, регионот *Централноевропски договор за слободна Европа* (ЦЕФТА) е вториот најзначаен трговски регион во кој учествува 24 проценти од извозот и 10 проценти од увозот.

Асортиманот на производите кои влегуваат во меѓународната трговија е ограничен и тоа "...текстилните производи и облеката учествуваат со околу 17 проценти од вкупниот извоз, а производите од преработено железо со 26 проценти, во 2010 година" (Европска комисија 2011: 29).

Странските директни инвестиции (СДИ) се дел од реформските зафати и настојувања на државната политика. Во прилог на тоа одат и законските регулации.

**Слика 6. Странски директни инвестиции во Р. Македонија: 1998-2004 (во милиони американски долари)**




*Извор: Народна банка на Р.Македонија – основни економски показатели.*
*http://www.nbrm.mk/?ItemID=750FC531FC3D1B49B16440313562D400*

Во слика 6 се претставени податоците од Народната банка (НБ), во однос на странските директни инвестиции (СДИ), покажуваат тренд на зголемување, но и одредени флуктурации во мерениот период. Податоците покажуват

осцилации за период за кој се прикажани податоците, каде што се изделуваат два периода во кои странските директни инвестиции (СДИ) се највисоки и тоа во 2001 и 2007 година.

Нето учеството на овие инвестици во вкупниот бруто домашен производ (БДП) се движи од 1,5 до 12,0 проценти.

Слика 7. ги илустрира промените на странските директни инвестиции (СДИ) во периодот од 2003 до 2014 година, а во однос на базната 2003 година. Како што се воочува, странските директни инвестиции (СДИ) се за пет пати зголемени во 2007, а за четири пати во 2008 година, во однос на 2003 година. Во однос на другите години, странските директни инвестиции (СДИ) остануваат на нивото од 2 до 3 пати поголеми во однос на референтната 2003 година. Тоа се години кога и законски се регулираат даночните и царинските поволности за инвеститорите. Анализата е подолу претставена.

**Слика 7. Промените во движењето на странските директни инвестицииР. Македонија, базен период 2003 година**




*Извор: Народна банка на Р. Македонија – основни економски показатели. http://www.nbrm.mk/?ItemID=750FC531FC3D1B49B16440313562D400*

Во Уставот на Р.Македонија стои дека сите инвеститори имаат национален третман. Нема рестрикции за влез на странскиот капитал, дозволено е 100 проценти поседување на капиталот, нема ограничувања на репатрација на профитот, може да купи градежно земјиште странско лице, може да регистрира фирма, стопански објекти, туристички објекти се купуваат под исти услови како и домашно лице. Во делот на техничкото олеснување на

регистарција и водење на фирмите, се повикуваме на воведување едношалтерскиот систем, Управата за јавни приходи (УЈП) има посебна Канцеларија за посебни даночни обврзници, а има и Агенција за странски инвестиции на РМ, која врши пред-за-пост инвестициски услуги на странските инвестиции.

Даночни и царински поволности, коишто се неопходни за привлекување на странските директни инвестиции (СДИ) се изразени во Закон. Така, во Законот за добивка ("Службен весник на РМ", бр.27/2006, 139/2006), стапката за данок на добивка изнесува 10 проценти. Потоа, во Закон за персоналниот данок на доход ("Службен весник на РМ", бр. 74/2006, 139/2006) персоналнииот данок на доход, од 2008 година, изнесува 10 проценти. Царинскиот закон ("Службен весник на РМ", бр. 39/2005) овозможува ослободување по основ на увоз на неупотребувана опрема и резервни делови. Голема заштита инвеститорите уживаат и според Законот за технолошки развојни индустриски зони (ТРИЗ), ("Службен весник на РМ", бр. 14/2007: чл. 5, чл. 6 и чл.8) коишто се однесуваат на условите за користење на ова земјште.

Позитивните оценки во однос на либерализација на трговијата и либерализацијата на капиталот, се среќаваат и во Извештаите на Европската комисија (ЕК) за напредокот. Учеството на странските директни инвестиции (СДИ) се зголеми околу 51 процент од вкупниот бруто домашен производ (БДП), каде што Холандија, Словенија и Австрија се најголеми инвеститори. Земјите на Европската унија (ЕУ) опфаќаат околу 60 проценти од вкупните приливи на странските директни инвестиции (СДИ). Швајцарија, Турција и Србија се најзначајните инвеститори коишто не припаѓаат на Европската унија (ЕУ)... Севкупно, трговската интеграција со Европската унија (ЕУ) добро напредува, но извозот останува концентриран на неколку ценовно чувствителни производи. Конкурентноста на цените, во меѓународни рамки, остана, во голема мера, непроменета (Европска комисија 2011: 29).

Врз основа на гореизнесената анализа се потврдува поединечната хипотеза 2.2. Доколку во земјата постои тренд на зголемување на странски инвестиици, толку е поприсутна глобализацијата.

Сумирано, преку потврда на двете поединечни хипотези, се тврди дека *земјата покажува вклучување во процесите на глобализацијата и низ економската димензија.*

Она што се очекува од странските директни инвестиции (СДИ) е не само подобрување на општото економско работење, намалување на невработеноста, подобрување на индивидуалниот стандард на населението, туку и промена на организациската култура на работењето. Новите практики во работењето, ново искуство во управувањето, новите знаења и др. ќе бараат и менување на востановените навики и стилови на однесување во работењето.

### *5.1.3 Присуството на новите информациски технологии за комуникација во македонското општество*

Иако, по многу нешта може да се идентификува XXI век, сепак, еден момент има исклучително влијание врз глобализацијата, а тоа е развојот на информациската и комуникациската технологија (ИКТ). Таа има големо влијание во производството, координацијата, дистрибуцијата и вработувањето, односно на сите други димензии на глобализацијата. Всушност, информациската и комуникациската технологија (ИКТ) претставува услуга, платформа и преносница коишто придонесуваат за намалување на бариерите кои ги создава времето и просторот и влијае во позитивна насока на ефикасноста во работењето на меѓународната комуникација.

Како и во делот на меѓународната економска активност, така и во делот на информациската и комуникациската технологија (ИКТ), Р.Македонија дава полна институционална поддршка, а го докажува и со развивање на Национална политика за информатичко општество (НПИО), изготвување на Национална стратегија за развој на информатичко општество (НСРИО) и дефинирање на Акционите планови (АП) за операционализација на стратегијата. Основна цел е подеднаква достапност и активно користење на информациската и комуникациската технологија (ИКТ) до сите граѓани на државата (Министерство за информатичко општество и администрација, 2005).

За проверка на првата пооединечна хипотеза *3.1: Доколку во земјата постои тренд на зголемување на интернет-корисниците толку е поприсутна глобализацијата* се користат податоци од Државниот завод за статистика (ДЗС).

Од 1997 година Р.Македонија воспостави либерализација во делот на доделување концесии за пренос на податоци, така што денеска се дефинираат 5 позначајни интернет-сервис-провајдери кои нудат интерент-услуги.

Според редовното статистичко истражување, коешто го спроведува Државниот завод за статистика (ДЗС), секоја година[2] забележлив е нагорен тренд на домаќинства кои се приклучени на интернет. За период од 2011 година до 2014 година тој број е зголемен за 13 проценти, односно од 55,0 проценти на 68,3 проценти (ДЗС, 2014).

**Слика 8. Користење информациско комуникациска технологија во домаќинствата, според тип на населено место, по години (во %)**




*Извор: Државен завод за статистика на Р.Македонија (ДЗС). 2014.* Користење ИКТ во домаќинствата, според тип на домаќинство, по години (во %) МАКСтат база.

Од сликата се забележува дека според местото на живеење во Р.Македонија, домаќинствата од градовите покажуваат поголемо учество во однос на оние од селата. Во 2014 година, 70 проценти од домаќинствата од градовите и 65,7 проценти од селата користат интернет. Меѓутоа, она што е значајно да се истакне е тоа дека во набљудуваниот период, домаќинствата од селата покажуваат поголеми промени во користењето на информациската и комуникациската технологија (ИКТ), во однос на домаќинствата од градовите.

[2]Статистичкото истражување е годишно истражување за употребата на информатичко-комуникациските технологии (ИКТ) во домаќинствата и кај поедниниците со цел да се добијат информации за достапноста до одредени информациската и комуникациската технологија (ИКТ). Истражувањето е спроведено на примерок од 1995 домаќинства, а целна групација од 15 до 74 години.

Процентот на домаќинствата во селата кои користат инетернет се зголемил за 24,2 проценти (41,5 проценти во 2011 и 65,7 проценти во 2014), а во градот за 6,7 проценти (63,3 проценти во 2011 и 70,0 проценти во 2014). Види слика 8.

Врз основа на податоците од Државниот завод за статистика (ДЗС), сличен тренд се забележува и во однос на користењето на интернет од страна на деловните субјекти, со 10 или повеќе вработени и тоа од 72,3 проценти, во 2006, на 93,1 проценти, во 2014 година. Истава категорија покажува пораст и во однос на креирање на сопствена веб-страна и тоа од 34,9 проценти на 53,2 проценти.

**Слика 9. Деловни субјекти кои користат интернет, РМ: 2006-2014**




*Извор: Државен завод за статистика на Р.Македонија (ДЗС), 2014. Користење Деловни субјекти кои имаат пристап на Интернет (%). Деловни субјекти кои имаат веб-страница и/или домашна (почетна) страница (%). Деловни субјекти кои употребуваат Интернет за интеракција со јавната власт (е-влада) (%) МАКСтат база.*

Податоците упатуваат дека се потврдува и поединечната хипотеза 3.2. дека доколку во земјата постои тренд на зголемување на интернет веб-страници толку глобализацијата е поприсутна.

Во однос на третата поединечна хипотеза 3.3: Доколку во земјата постои тренд на зголемување на меѓународни повици, толку глобализацијата е поприсутна, податоците говорат за нејзино отфрлање. Имено, бројот на регистрирани меѓународни разговори се намалува. Ако во 2010 година биле регистрирани 20.876 повици, тој број во 2014 година се намалил на 13.614, односно за 53,3 проценти помалку (ДЗС, 2015, табела 14).

Во однос на последната поединечна хипотеза 3.4: Доколку во земјата постои тренд на зголемување на бројот на остварени меѓународни патувања,

толку се смета дека глобализацијата е поприсутна на располагање се податоци од едно истражуавње кое го спроведува Државниот завод за статистика (ДЗС) што не претставува доволна основа за тестирање на хипотезите. Сепак, според ова истражвање, од вкупниот број лица опфатени со примерокот во истражувањето во 2011 година, 25,3 проценти биле на годишен одмор, а од нив 42,37 проценти биле во земјата, а 53,78 проценти во странство (ДЗС, 2012).

Врз основа на досегашната анализа, од аспект на присуството и користењето на информациската и комуникациската технологија (ИКТ), македонското општество има направено голем напредок. Во делот на меѓународните разговори, податоците покажуваат намалување на овој вид комуникација, но претпоставките се дека се користат другите начини на социјална комуникација, која е повторно поврзана со можностите кои ги нуди информациската и комуникациската технологија (ИКТ). Согласно со проверките на трите поединечни хипотези (3.1., 3.2. и 3.3.) може да се изведе заклучок дека, и според мерењета за користење на информациската и комуникациската технологија, во македонското општество глобалзаицијата е присутна.

Последувателно, потврдувајќи ги претходните поединечни хипотези, се потврдува посебната хипотеза 1. која гласи: присуството на глобализацијата во Р. Македонија се оценува како поголемо доколку се поприсутни политичките, економските и информациско-технолошките димензии на глобализација.

## 5.2 Ставовите на јавноста за глобализацијата

Методот анкетирање може да се нарече "заштитен знак" на квантитативната истражувачка стратегија, каков што го користи емпирискиот дел од овој магистерскиот труд. Имено, анкетирањето како метод за собирање на податоците најчесто, ако не и единствено, се користи за мерење на ставовите на јавноста за некој општествен феномен, а во конкретниов случај за глобализацијата. Во таа смисла, за потребите на магистерскиот труд, со помош на анкетен Прашалник, се собрани податоци за оценување на ставовите кон глобализацијата со посебен акцент на најексплоатираните, би се рекло, традиционални димензии и тоа економијата, политиката и културата, со

посебен акцент на информациската и комуникациската технологија (ИКТ). Како основа за операционализација на начинот на мерење на ставовите на јавноста кон глобализацијата е земено спроведеното истражување *Pew Global Attitudes Survey* спроведено од страна на The Pew Research Centre (Edwards, 2006).

Општата претпоставка, од која се тргна, во истражувањево е следнава: *Присуството и ставовите кон глобализацијата се одредуваат низ оценување на поголемото присуство на меѓународните фактори во политичките активности на земјата, економските и информациско технолошките аспекти. Ставовите кон глобализацијата се оценуваат во однос на оценките на јавноста кон поголемо присуство на странски фирми, полесна комуникација, поголема трговија, поголема присутност на филмската продукција, полесно патување и комуницирање со странство. Очекувањата се дека ставовите ќе се разликуваат според социодемографските белези на испитаниците, политичките определби, нивните ставови кон економијата, секојдневниот живот и начините на живеењето.*

Хипотезата разработена преку две посебни хипотези, од каде што првите три посебни се проверни во претходниот поддел 4.1, во овој поддел се проверуваат останатите посебни хипотези.

Очекувањата од овој, како и од претходните делови од овој труд, е да се даде одговор на истражувачките прашања. Поставените прашања се однесуваат на ставовите на јавноста во однос на присуството на глобализацијата, нивните оценки во однос на истата, потоа изделувањето на подоминантните ставови, како и објаснување на причините за различните ставови.

За да се добие претстава за структурата на анкетираните испитаници, во табела 3 е претставена процентуалната дистрибуција на испитаниците според одредени белези. Примерокот е целен и брои вкупно 127 испитаници.

Од вкупниот број испитаници, според *полот*, поголемиот дел се женски и тоа 57,5 проценти, а останатите 42,5 проценти се машки. Од аспект на *возраста*, најголемиот дел се испитаници на возраст од 24-33, односно 33,1 проценти,потоа 20,5 проценти се на возраст од 18-23, на возраст од 44-53 се 18,1 проценти, од 34-43 години се 15,7 проценти, а 11,0 проценти се на возраст од 54+. Според *степенот на образование*, најголем број од испитаниците се со

завршен факултет, односно 43,3 проценти се со високо образование, 38,6 проценти се со завршено средно образование, додека 9,4 проценти имаат завршено магистратура или докторат. Виша школа имаат завршено 7,9 проценти, додека основно има завршено само еден испитаник. Според *работниот статус* на испитаниците, 63,8 проценти се вработени, 13,4 проценти се невработени. Од вкупниот број испитаници, 18,1 проценти се студенти, а само двајца испитаници се пензионери. Соодветно на дистрибуцијата на фрекфенциите за конретниот белег (доколку има мал број појавувања во некоја категорија), а заради статистичката анализа на податоците, дозволено е понатаму прегрупирање на модалитетите/категориите, согласно со потребата.

**Табела 3. Дистрибуција на испитанците според одредени белези, Р.Македонија, 2015.**

| Белези на испитаниците | Процент (%) | Број (n) |
|---|---|---|
| *Вкупно* | *100,0* | *127* |
| **Пол** | | |
| Машки | 42,5 | 54 |
| Женски | 57,5 | 73 |
| **Возраст** | | |
| 18-23 | 20,5 | 26 |
| 24-33 | 33,1 | 42 |
| 34-43 | 15,7 | 20 |
| 44-53 | 18,1 | 23 |
| 54+ | 11,0 | 14 |
| Нема одговор | 1,6 | 2 |
| **Степен на образование** | | |
| Основно | 0,8 | 1 |
| Средно | 38,6 | 49 |
| Вишо | 7,9 | 10 |
| Високо | 43,3 | 55 |
| Магистратура и докторат | 9,4 | 12 |
| **Работен статус** | | |
| Вработен/а | 63,8 | 81 |
| Невработен/а | 13,4 | 17 |
| Домаќинка | 0,0 | 0 |
| Пензионер/ка | 1,6 | 2 |
| Студент | 18,1 | 23 |
| Друго | 3,1 | 4 |

*Извор: Истражување, 2015.*

Анализата на податоците е процесирана на ниво на анализа на една варијанта или уни-варијантна анализа, при што се користат процентите. Со намера да се оцени асоцијацијата помеѓу варијантите, се употребува

биваријантна анализа, преку табела на контингенција. Хи-квадрат тестот за асоцијација се користи за статистичко тестирање на хипотезите, а коефициентот на контингенција (CC) го оценува интензитетот на асоцијацијата. Процесирањето на податоците е направено со помош на статистичкиот програм за општествени науки (анг.Statistical Program of Social Sience) (SPSS).

### *5.2.1 Оценки за глобализацијата*

При истражувањето на ставовите за глобализацијата, тргнавме од претпоставката дека испитаниците кон глобализацијата имаат различни мислења. Тие мислења ги истраживме преку следниве аспекти: 1. информираноста на испитаниците за глобализацијата; 2. перцепциите на испитаниците за значењето на глобализацијата 3. личниот став на испитаниците кон глобализацијата и 4. присуството на глобализацијата во светски рамки.

#### *5.2.1.1 Информираноста на испитаниците за глобализацијата*

Во однос на информираноста на испитаниците за глобализацијата, податоците покажуваат дека најголем дел од испитаниците го избрале модалитетот сум информиран/а, односно 85 проценти, односно 11 проценти одговориле дека не се информирани. Многу мал е бројот на испитаници немаат одговорено на ова прашање. (Види: Слика 10)

**Слика 10. Процентуална дистрибуција на одговорите за степенот на информираност за глобализацијата, РМ, 2015.**




*Извор: Истражување 2015*

### *5.2.2.2 Перцепциите на испитаниците за значењето на глобализацијата*

Широката распространетост на глобализацијата, мултидимензионалност и, секако, индивидуалното искуство на секој поединец со глобализацијата, дозволува феноменот глобализација различно да се дефинира и на различен начин да се перцепира. Ваквата различност е присутна не само кај просечниот човек, туку и кај мислителите кои, преку научен пристап, ја анализираат глобализацијата. Ќе истакнеме дека дилемите околу тоа што претставува глобализацијата, процес или проект, дали глобализацијата ги зајакнува мултинационалните компании, а ја намалува моќта на локалната власт, дали глобализацијата доведува до нееднаквост помеѓу регионите, државите, дали глобализацијата се идентификува со американизација и вестернизација и слично, се дилеми кои сè уште се актуелни и за кои се дебатирало и се дебатира меѓу релевантните автори кои ја истражуваат глобализацијата, како што се Имануел Волерстин, Роналд Робертсон, Ентони Гиденс, Јан Шолте, Џорџ Рицер и други (Wallerstein, 1999; Robertson, 2001; Gidens, 2000; Шолте, 2008; Ritzer, 2012).

Дискусиите околу глобализацијата, во однос на тоа што таа, всушност, претставува, сè уште постојат. Во таа смисла и следното прашање беше насочено кон добивање на одговор за тоа како испитаниците ја перцепираат глобализацијата или што претставува таа за нив. На испитаниците им беа понудени вкупно 14 модалитети и секој имаше право да заокружи најмногу четири опции, а слика 11 ги прикажува одговорите. Модалитетите се изведени врз основа на релевантните теориски и емприски анализи за глобализацијата Wallerstein, 1999; Robertson, 2001; Gidens, 2000; Шолте, 2008; Ritzer, 2012).

Според добиените одговори, како прв најчест избор на испитаниците и тоа во 44,9 проценти од случаите бил процес наметнат од моќните земји (проект). Како втор избор е дека глобализацијата претставува процес на ширење на моќта на мултинационалните компании и тоа за 34,6 проценти од испитаниците, а трет избор беше процесот на создавање на светско општество и тоа со 33,9 проценти. Како следни избори, 32,3 проценти, ја гледаат глобализацијата како пренесување на моќта на националните влади на глобалните институции (Меѓународниот монетарен фонд, Светска банка),

потоа, 26 проценти глобализацијата ја доживуваат како слободна трговија, а 22 проценти на глобализацијата гледаат како интеграција на пазарот.

**Слика 11.Процентуална дистрибуција на одговорите за значењето на глобализацијата, РМ, 2015.**




*Извор: Истражување 2015.*

За да се идентификува мислењето на испитаниците во однос на тоа во кои сфери, во светот, е најприсутна глобализацијата, им беше поставено прашањето: во кои сфери е највидливо присуството на глобализацијата во светски рамки? На ова прашање беа понудени 12 модалитети, од кои им беше посочено да одберат најмногу 4. Според добиените резултати претставени во слика 12, можеме да забележиме дека најголем број од испитаниците, 71,7 проценти, глобализацијата во светот ја забележуваат во економијата. Потоа, 61,4 проценти забележуваат дека таа постои во политиката, а 47,2 проценти во Интернетот. Нешто помалку, односно 38,6 проценти ја забележуваат во техниката (smart tehnology). Со изедначен процент од 31,5 проценти испитаниците ги избрале двата модалитета - мултинационалните компании и трговијата. Од последните податоци, се забележува дека испитаниците не ги

препознаваат мултунационалните компании како движечка сила на глобализацијата во светски рамки, додека во рамките на Р.Македонија се изразено присутни.

**Слика 12. Процентуална дистрибуција на одговорите за присуството на глобализацијата во светски рамки, РМ, 2015.**




*Извор: Истражување 2015.*

Според оформениот модел за мерење на глобализацијата зависната варијабла глобализацијата е операционализирана преку две прашања. Првото се однесува на личниот став, а второто на оценки за влијанието на глобализацијата во Р.Македонија.

### *5.2.2.3 Личниот став на испитаниците кон глобализацијата*

Личниот став на испитаниците за глобализацијата беше измерен преку директното прашање: Вашиот личен став кон глобализацијата би го одредиле како: позитивен, негативен или неутрален. Од добиените одговори, можеме да забележиме дека најголем број од испитанците, односно 62,2 проценти се изјасниле дека нивниот став кон глобализацијата е резервиран. Понатаму, 21,3 проценти имаат позитивен, додека 16,5 проценти од испитаниците имаат негативен став. Вкрстувањата на добиените одговорите со блокот на независните варијабли, од групата социо-демографски и политички фактори упатуваат дека споменатите варијабли немаат влијание на добиените одговори.

Во следната табела се претставени одговорите за личниот став кон глобализацијата и нивните разлики според полот, возраста, степенот на образование и работниот статус, но и преку политичката ориентација.

**Табела 4. Процентуална дистрибуција и вкрстување на одговорите за 'личниот став за глобализацијата', според социодемографските и политичките фактори на влијание, РМ, 2015.**

| **Белези (*независни варијабла*)** | **Одговори** | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Позитивен | Негативен | Неутрален | Вкупно |
| Вкупно | 21,3 (27) | 16,5 (21) | 62,2 (79) | 100,0 (127) |
| | | | | |
| *Пол* | | | | |
| Машки | 14,8 (8) | 22,2 (12) | 63,0 (34) | 100,0 (54) |
| Женски | 26,0 (19) | 9,6 (7) | 64,4 (47) | 100,0 (73) |
| *Возраст* | . | | | |
| 18-23 | 23,1 (6) | 11,5 (3) | 65,4 (17) | 100,0 (26) |
| 24-33 | 16,7 (7) | 9,5 (4) | 73,8 (31) | 100,0 (42) |
| 34-43 | 10,0 (2) | 30,0 (6) | 60,0 (12) | 100,0 (20) |
| 44-53 | 34,8 (8) | 17,4 (4) | 47,8 (11) | 100,0 (23) |
| 54+ | 25,0 (4) | 12,5 (2) | 62,5 (10) | 100,0 (16) |
| *Степен на образование* | | | | |
| Основно и средно | 22,0 (11) | 12,0 (6) | 66,0 (33) | 100,0 (50) |
| Вишо и високо | 13,8 (9) | 16,9 (11) | 69,2 (45) | 100,0 (65) |
| Магистратура и докторат | 58,3 (7) | 16,7 (2) | 25,0 (3) | 100,0 (12) |
| *Работен статус* | | | | |
| Вработен/а | 18,5 (15) | 21,0 (17) | 60,5 (49) | 100,0 (81) |
| Друго | 26,1 (12) | 8,7 (4) | 65,2 (30) | 100,0 (46) |
| *Политичка ориентација* | | | | |
| Лево | 25,0 (6) | 12,5 (3) | 62,5 (15) | 100,0 (24) |
| Десно | 24,1 (19) | 13,9 (11) | 62,0 (49) | 100,0 (79) |
| Центар | 12,5 (2) | 31,2 (5) | 56,2 (9) | 100,0 (16) |

*Извор: Истражување 2015.*

Евидентна е разликата во одговорите на испитаниците во однос на варијаблата пол. Се забележува дека испитаниците од женски пол покажуваат позитивен став, во однос на испитаниците од машки пол. Од аспект на возраста, се издвојуваат испитаниците од возрасната група 44-53 години кои имаат позитивен став во однос на другите возрасни групи.

Статистичкото тестирање на поединечните хипотези покажуваат отфрлање на нултата хипотеза. Следствено, степенот на асоцијацијата помеѓу групите на социо-демографски и политички фактори на влијание и личниот став кон глобализацијата е низок и статистички незначителен.

Одговорите на прашањето за влијанието на глобализацијата во Р.Македонија се претставени во Слика 13. Испитаниците, речиси целосно (девет десетини) го воочија влијанието на глобализацијата во Р.Македонија. За една десетина од испитаниците глобализацијата нема влијание или немаат дадено одговор на ова прашање.

**Слика 13. Процентуална дистрибуција на одговорите за влијанието на глобализацијата во Р.Македонија, РМ, 2015.**




*Извор: Истражување 2015.*

Со оглед на претежноста на афирмативни одговори за влијанието на глобализацијата во Р.Македонија (92,1 процент), очекувањата се, а и вкрстувањата со независните варијабли, однапред дефинирани, докажаа дека на овој одговор нема влијание ниту една независна варијабла (полот, возраста, образованието и работниот статус) ниту независните варијабли кои ја поврзуваат симболичната страна на глобализацијата (однос кон модерниот живот, чувството дека потрошувачката и комерцијализацијата се закана за македонската култура, дали се губи традиционалниот начин на живот и луѓето се чувствуваат подобро во слободната пазарна економија). Во прашалникот, преку четири тврдења: поддршка на слободната пазарна економија, однос кон модерниот начин на живот, масовната потрошувачка и комерцијализација се закана за македонската култура и чувството дека се губи традиционалниот начин на живот ја операционализиравме т.н. симболичната страна на глобализацијата. Симболичната страна ги содржи прашањата кои се однесуваат на тоа "...дали се посакува модерниот начин на живот, дали се потрошувачката и комерцијализацијата закана за локалната култура, дали се

губи традицијаата, односно традиционалниот начин на живот и дали се чувствуваат луѓето подобро кога функционира слободната пазарна економија". (Edwards, 2006: 594). Објаснувањата за симболизмот се состојат во тоа дека доколку во општествата е присутен модерниот начин на живот, наспроти традиционалниот, колку повеќе се зголемува потрошувачката и комерцијализацијата, а се намалува влијанието на локалната култура и колку повеќе се прифаќа слободната пазарна економија и без посериозна анализа може да се рече дека во таков контекст глобализацијата е присутна. Всушност, овие четири елементи се меѓусебе условени, а може да се каже дека слободната пазарна економија е *иницијатор* за глобализацијата.

**Табела 5. Дистрибуција на одговорите за пазарната економија, модерниот начин на живеење, масовната потрошувачка и комерцијализацијата, како и традиционалниот начин на живеење.**

| Тврдења | Одговори | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Да | Не | Нема одговор | Вкупно |
| *Слободната пазарна економија треба да се поддржува, иако на сметка на ова некои луѓе се збогатуваат, а други остануваат посиромашни* | 48,0 (61) | 48,8 (62) | 3,1 (4) | 100,0 (127) |
| *Го сакам модерниот начин на живот* | 71,7 (91) | 28,3 (36) | 0,0 (0) | 100,0 (127) |
| *Масовната потрошувачка и комерцијализацијата се закана за македонската култура* | 52,8 (67) | 45,7 (58) | 1,6 (2) | 100,0 (127) |
| *Постепно го губиме нашиот традиционален начин на живот* | 88,2 (112) | 11,8 (15) | 0,0 (0) | 100,0 (127) |

*Извор: Истражување 2015.*

Во однос на тврдењето: *Слободната пазарна економија треба да се поддржува, иако, на сметка на ова, некои луѓе се збогатуваат, а други остануваат посиромашни* испитаниците покажуваат подеднаква поддршка и негирање на овој став (48,0 процени одговориле афирмативно, а 48,8 проценти негативно) и несигурност кон овој симбол за глобализацијата. Симболичките вредности за глобализацијата во делот на културата, е измерено преку тврдењата: *Го сакам модерниот начин на живеење* и *Постепно го губиме нашиот традиционален начин на живеење.* Според овие одговори речиси три четвртини од испитаниците кои го преферираат модерниот начин на живот, а за 88,2 проценти од испитаниците традицијата во македонското општество

постепено се губи. Во однос на тврдењето *Масовната потрошувачка и комерцијализацијата се закана за македонската култура,* 52,8 проценти од испитаниците се согласуваат со овој став.

**Табела 6. Вкрстување на личниот став и влијанието на глобализацијата со *'симболичките варијабли'* за глобализацијата, РМ, 2015.**

| Белези (независни варијабли) | Личниот став | | | Влијанието на глобализацијата | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | позитивен | негативен | неутрален | да | не | вкупно |
| **Поддршка на слободна пазарна економија** | | | | | | |
| Да | 31,1 (19) | 18,0 (11) | 50,8 (31) | 95,1 (58) | 4,9 (3) | 100,0 (61) |
| Не | 9,7 (6) | 12,9 (8) | 77,4 (48) | 91,9 (57) | 8,1 (5) | 100,0 (62) |
| **Модерен начин на живеење** | | | | | | |
| Сакам модерен начин на живот | 27,4 (23) | 10,7 (9) | 61,9 (52) | 91,2 (83) | 8,8 (8) | 100,0 (91) |
| Не сакам модерен начин на живеење | 11,4 (4) | 28,6 (10) | 60,0 (21) | 94,4 (34) | 5,6 (2) | 100,0 (36) |
| **Масовна потрошувачка и комерцијализација** | | | | | | |
| Масовна потрошувачка и комерцијализација се закана за македонската култура | 13,4 (9) | 19,4 (13) | 67,2 (45) | 91,0 (61) | 9,0 (6) | 100,0 (67) |
| Масовна потрошувачка и комерцијализација не се закана за македонската култура | 31,0 (18) | 13,8 (8) | 55,2 (32) | 93,1 (54) | 6,9 (4) | 100,0 (58) |
| **Традиционален начин на живеење** | | | | | | |
| Постепено го губиме нашиот традиционален начин на живот | 20,0 (21) | 17,1 (18) | 62,9 (66) | 92,0 (103) | 8,0 (9) | 100,0 (112) |
| Традицијата и традиционалниот начин на живот зајакнува | 42,9 (6) | 7,1 (1) | 50,0 (7) | 93,3 (14) | 6,7 (1) | 100,0 (15) |

*Извор: Истражување 2015.*

Вкрстените одговори за *личниот став кон глобализацијата и личните оценки за нејзиното влијание* во Р.Македонија, со т.н. симболички варијанти се презентирани во табела 6.

Резултатите од анализата укажуваат дека симболичките варијанти не влијаат врз овие две прашања. Сепак, би издвоиле одредени карактеристики кои отстапуваат од општите фрекфенции. Според одговорите, испитаниците кои даваат поддршка на слободната пазарна економија, имаат позитивен став кон глобализацијата, а испитаниците кои не даваат поддршка на слободната пазарана економија, во поголем дел (77,4 проценти) имаат неутрален однос кон глобализацијата. Очекувано, испитаниците кои *го сакаат модерниот начин* на живот покажуваат попозитивен однос во споредба со оние кои *не го сакаат модерниот начин* на живот. Оние испитаници што не ја воочуваат заканата за македонската култура, од страна на масовна потрошувачка и комерцијализација, надпросечно (31,0 процент) покажуваат позитивен личен став кон глобализацијата. Интересно е дека слично размислување имаат и оние кои сметаат дека традиционалниот начин на живот се зајакнува. (Види: Табела 6)

**Табела 7. Вкрстување на личниот став и влијанието на глобализацијата според промените во економијата и доволно храна, РМ, 2015.**

| **Белези (независни варијабли)** | **Личниот став** | | | **Влијанието на глобализацијата** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **позитивен** | **негативен** | **неутрален** | **да** | **не** | **вкупно** |
| Промени во економијата | | | | | | |
| ќе се подобри | 15,0 (3) | 20,0 (4) | 65,0 (13) | 95,0 (19) | 5,0 (1) | 100,0 (20) |
| ќе остане иста | 32,6 (14) | 9,3 (4) | 58,1 (25) | 97,7 (42) | 2,3 (1) | 100,0 (43) |
| нема да се подобри | 15,6 (10) | 20,3 (13) | 64,1 (41) | 87,5 (56) | 12,5 (8) | 100,0 (64) |
| доволно храна | | | | | | |
| да | 25,0 (8) | 12,5 (4) | 62,5 (20) | 87,5 (28) | 12,5 (4) | 100,0 (32) |
| не | 20,0 (19) | 17,9 (17) | 62,1 (59) | 93,7 (89) | 6,3 (6) | 100,0 (95) |

*Извор: Истражување 2015.*

Вкрстувањата на личниот став кон глобализацијата и за влијанието на глобализацијата во РМ со прашањата кои се однесуваат на проценка за

промените во економијата и достапноста за храна не покажуваат статистичка значајна поврзаност.

Она што се забележува е тоа дека испитаниците кои искажуваат мислење дека економијата нема да се подобри наредните 12 месеци, во поголем дел од другите (87,5 проценти) искажуваат став дека има влијание глобализацијата во РМ. Сличен е трендот на размислување и на испитаниците кои немале доволно пари за храна последниве 12 месеци. Тие помалку од другите (87,5 проценти) искажуваат позитивен став во однос на влијанието на глобализацијата во РМ. ( Види: Табела 7)

Врз основа на добиениве одговори можеме да констатираме дека општите ставови кон глобализацијата се речиси хомогени. Од истражувачките објаснувачки варијабли (независните варијабли) групирани во пет групи: социо-демографски, политички, симболички, промени во економијата и достапноста на храна, кои имаат статистичка значајност се возраста и степен на образование.

## 5.3 Оцени за присуството на глобализацијата во економијата

Процесот на глобализацијата ги опфаќа и економските димензии на општествениот живот. Со блок на прашања беа оценети ставовите на испитаниците за присуството на глобализацијата во македонската економија.

**Слика 14.Процентуална дистрибуција на одговорите за присуството на глобалната економија и директните странски инвестиции во економијата во Р.Македонија, РМ, 2015.**




*Извор: Истражување 2015.*

На прашањето, дали глобалната економија и директните странски инвестиции, како релевантни индикатори за присуството на глобализацијата, се присутни во економијата во Р.Македонија, 85,8 проценти од вкупниот број испитаници одговориле афирмативно. Додека 12,6 проценти од испитаниците не го гледаат присуството на глобалната економија и директните странски инвестиции во економијата во Р. Македонија. Подетално може да се види во Слика 14.

Претежноста на одговорите во еден модалитет, како и аналзираните тврдења, упатуваат на тоа дека нема разлики во однос на добиените одговори.

**Табела 8. Вкрстување на одговорите за 'значењето на трговијата и бизнис- врските' со социодемографските и политичките фактори на влијание, РМ, 2015.**

| Белези (*независни варијабли*) | Одговори (*зависни варијабла*) | | | |
|---|---|---|---|---|
| | големо значење | мало значење | нема значење | вкупно |
| Вкупно | 57,5 (73) | 32,3 (41) | 10,3 (13) | 100,0 (127) |
| | | | | |
| *Пол* | | | | |
| Машки | 55,6 (30) | 27,8 (15) | 16,7 (9) | 100,0 (54) |
| женски | 58,9 (43) | 35,6 (26) | 5,5 (4) | 100,0 (73) |
| *Возраст* | | | | |
| 18-23 | 53,8 (14) | 46,2 (12) | 0,0 (0) | 100,0 (26) |
| 24-33 | 57,1 (24) | 35,7 (15) | 7,1 (3) | 100,0 (42) |
| 34-43 | 75,0 (15) | 15,0 (3) | 10,0 (2) | 100,0 (20) |
| 44-53 | 56,5 (13) | 30,4 (7) | 13,0 (3) | 100,0 (23) |
| 54+ | 43,8 (7) | 25,0 (4) | 31,2 (5) | 100,0 (16) |
| *Степен на образование* | | | | |
| *основно и средно* | 52,0 (26) | 34,0 (17) | 14,0 (7) | 100,0 (50) |
| вишо /високо | 63,1 (41) | 29,2 (19) | 7,7 (5) | 100,0 (65) |
| магистратура и докторат | 50,0 (6) | 41,7 (5) | 8,3 (1) | 100,0 (12) |
| *Работен статус* | | | | |
| Вработен/а | 59,3 (48) | 25,9 (21) | 14,8 (12) | 100,0 (81) |
| останато | 54,3 (25) | 43,5 (20) | 2,2 (1) | 100,0 (46) |
| *Политичка ориентација* | | | | |
| лево | 54,2 (13) | 37,5 (9) | 8,3 (2) | 100,0 (24) |
| Центар | 54,4 (43) | 32,9 (26) | 12,7 (10) | 100,0 (79) |
| Десно | 62,5 (10) | 31,2 (5) | 6,2 (1) | 100,0 (16) |

*Извор: Истражување 2015.*

Во контекст на овие податоци се и ставовите кон економската димензија на глобализацијата. Тие се индицирани преку две тврдења и тоа "значењето и

бизнис врските за Р.Македонија" и "значењето на економијата и комуникациите за Р.Македонија".

Во однос на тврдењето трговијата и бизнисот како маркер на глобализацијата во економијата беа опфатени со второто прашање од овој дел. Според одговорите, кои се претставени во табела 8, испитаниците покажуваат поголема критичност во однос на значењето за нашата држава. На ова прашање, нешто повеќе од една половина или 57,5 проценти одговориле дека трговијата и бизнис врските на Р.Македонија со другите земји има големо значење за Р.Македонија. Речиси една третина или 32,3 проценти го воочуваат малото значење на овие активности, а нема значење за 11 испитаника.

Во продолжение, ќе биде тестирана посебната хипотеза дека ставовите кон глобализацијата во економијата зависат од социо-демографските карактеристикина испитаниците. За тестирање на хипотезите се кориси $\chi^2$ тестот на асоцијација. Резултатите од вкрстувањата се претставени во табела 9.

Од аспект **на полот**, кај обата пола за речиси повеќе од половина е воочено големото влијание на порастот на трговијата и бизнисот за Р.Македонија. Разликата е во тоа што жените повеќе од мажите го согледуваат малото значење на трговијата и бизнис врските, додека машките испитанциите повеќе го согледуваат.

Според **возраста** испитаниците на возраст од 34 до 43 години, повеќе од останатите возрасни групи го воочуваат значењето на трговијата и бизнисот за Р.Македонија, а малото значење е највоочливо кај најмладите или групата на возраст од 18 до 23 години.

**Образованието** укажува дека лицата со високо и више образование надпросечно (63,1 процент) одговориле дека трговијата и бизнисот има големо значење за Р.Македонија. Испитаниците со највиоск степен на образование (магистратура и докторат) покажуваат поголема критичност истакнувајќи го малото значење на овој аспект од глобализацијата.

Од аспект на **работниот статус,** категоријата невработени надпросечно го изразува сомнежот во однос на значењето на овој сегмент од глобализацијата за Р.Македонија.

**Политичката определба** упатува на тоа дека десно ориентираните повеќе од останатите го воочуваат значењето на трговијата и бизнис врските за Македонија.

**Табела 9. Резултати од статистичко тестирање на хипотезите.**

| Ред. бр. | нулта хипотеза | алтернативна хипотеза | $\chi^2$ | d.f | c.c | одлука |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Полот не влијае врз значењето на трговијата и бизнис врски | Полот влијае врз значењето на трговијата и бизнис врски | 4,446 | 2 | 0,184 | се прифаќа $X_0$ |
| 2 | Возраста не влијае врз значењето на трговијата и бизнис врски | Возраста влијае врз значењето на трговијата и бизнис врски | 15,632 | 8 | 0,331 | се отфрла $X_0$ |
| 3 | Степенот на образование не влијае врз значењето на трговијата и бизнис врски | Степенот на образование влијае врз значењето на трговијата и бизнис врски | 2,438 | 4 | 0,137 | се прифаќа $X_0$ |
| 4 | Работниот статус не влијае врз значењето на трговијата и бизнис врски | Работниот статус влијае врз значењето на трговијата и бизнис врски | 7,503 | 2 | 0,236 | се отфрла $X_0$ |
| 5 | Политичка ориентација не влијае врз значењето на трговијата и бизнис врски | Политичка ориентација влијае врз значењето на трговијата и бизнис врски | 0,996 | 4 | 0,091 | се прифаќа $X_0$ |

*Извор: Истражување 2015.*

Според вредностите на хи-квадратот и процедурата за статистичко тестирање на хипотезите, со 95% статистичка сигурност се, полот, степенот на образование и политичката ориентација немаат статистичко значење и се заклучува дека овие три варијабли немаат поврзаност со одговорите за значењето на трговијата и бизнис врските. Наспроти нив, независните варијабли возраста и работниот статус имаат статистичко влијание, но според вредностите на коефициентот на контингенција се од низок интензитет.

Во продолжение се претставени вкрстувањето на одговорите за значењето на трговијата и бизнис врските со симболичките варијабли за глобализацијата.

Во однос на поврзаноста на т.н. група на симболички варијабли на глобализацијата и ставот кон економската димензија на глобализацијата, поддржувачите на пазарната економија и слободниот пазар повеќе од останатите (62,3 проценти) го воочуваат значењето на порастот на трговијата и бизнис врските помеѓу Р.Македонија и другите земји. (Види: Табела 10).

Испитаниците кои не го преферираат модерниот начин на живот повеќе се склони да веруваат дека има мало или нема значење економскиот аспект за глобализацијата. (Види: Табела 10)

Позитивниот однос кон масовната потрошувачка не покажува значајно влијание на ставовите за економската глобализација во македонски контекст. (Види: Табела 10).

**Табела 10. Вкрстување на *'трговијата и бизнис-врските'* со *'симболичките варијанти'* за глобализацијата, РМ, 2015.**

| ***Белези на (независни варијабла)*** | ***Одговори (зависна варијабла)*** | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **големо значење** | **мало значење** | **нема значење** | **вкупно** |
| *Поддршка на слободна пазарна економија* | | | | |
| Да | **62,3 (38)** | 29,5 (18) | 8,2 (5) | 100,0 (61) |
| Не | 53,2 (33) | 35,5 (22) | 11,3 (7) | 100,0 (62) |
| *Модерен начин на живеење* | | | | |
| Сакам модерен начин на живеење | 59,3 (54) | 36,3 (33) | 4,4 (4) | 100,0 (91) |
| Не сакам модерен начин на живеење | 52,8 (19) | 22,2 (8) | 25,0 (9) | 100,0 (36) |
| *Масовна потрошувачка и комерцијализација* | | | | |
| Масовна потрошувачка и комерцијализација се закана за македонската култура | 59,7 (40) | 31,3 (21) | 9,0 (6) | 100,0 (67) |
| Масовна потрошувачка и комерцијализација не се закана за македонската култура | 55,2 (32) | 32,8 (19) | 12,1 (7) | 100,0 (58) |
| *Традиционален начин на живеење* | | | | |
| Постепено го губиме нашиот традиционален начин на живот | 57,1 (64) | 32,1 (36) | 10,7 (12) | 100,0 (112) |
| Традицијата и традиционалниот начин на живот зајакнува | 60,0 (9) | 33,3 (5) | 6,7 (1) | 100,0 (15) |

*Извор: Истражување 2015.*

Поставената хипотеза дека ставовите кон глобализацијата зависат од ставовите на поединците кон економската иднина на земјата е тестирана со хи-квадрат тестот. Вкрстената табела укажува дека оние кои имаат позитивни

оценки повеќе од останатите (75,0 проценти) сметаат дека порастот на трговијата и бизнис врските на Р.Македонија и другите земји има позитивно влијание, а помалку (20,0 проценти ) дека е мало влијанието (Види: Табела 11). Според пресметаниот хи-квадрат се отфрла нултата хипотеза, што со низок интензитет на поврзаност од 0,220 се тврди дека постои асоцијација помеѓу двете варијабли.

**Табела 11. Вкрстување на одговорите за *'трговијата и бизнис-врските'* со *'промените во економијата'* и *'доволност на храна'*, РМ, 2015.**

| **Белези (*независни варијабла*)** | ***Одговори (зависна варијабла)*** | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **големо значење** | **мало значење** | **нема значење** | **Вкупно** |
| | | | | |
| *Промени во економијата* | | | | |
| ќе се подобри | 75,0 (15) | 20,0 (4) | 5,0 (1) | 100,0 (20) |
| ќе остане иста | 58,1(25) | 37,2 (16) | 4,7 (2) | 100,0 (43) |
| нема да се подбри | 58,1(25) | 37,2 (16) | 4,7 (2) | 100,0 (63) |
| $\chi^2$= 6,1385 C.C=0,220 d.f=4 p=0.172 | | | | |
| *Доволно храна* | | | | |
| да | 58,1 (18) | 29,0 (9) | 12,9 (4) | 100,0 (31) |
| не | 57,0 (53) | 34,4 (32) | 8,6 (8) | 100,0 (93) |
| $\chi^2$= 0,652 C.C=0,072 d.f=2 p=0.772 | | | | |

*Извор: Истражување 2015.*

Во однос на независната варијабла *достапноста на храна*, вкрстувањата на одговорите не укажуваат на значајни промени. Според пресметаниот хи-квадрат се прифаќа нултата хипотеза, се тврди дека не постои асоцијација помеѓу двете варијабли. Ваквите резултати, претставени во Табела 11, се спротивни од сознанијата кои ги имаат другите истражувања.

Во однос на втората зависна варијабла преку која се мери економската димензија најголем дел од испитаниците, 50,4 проценти сметаат дека поврзувањето преку економските врски и забрзаната комуникација, има мало значење за Р.Македонија. 43,3 проценти сметаат дека има големо значење и 8 испитаници дека нема никакво значење. Резултатите се претставени во Табела 12.

**Табела 12. Дистрибуција и вкрстувања на одговорите за 'значењето на економските врски и комуникацијата' според социодемографските и политичките фактори на влијание, РМ, 2015.**

| **Белези (*независни варијабли*)** | **Одговори (*зависна варијабла*)** | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **големо значење** | **мало значење** | **нема значење** | **вкупно** |
| Вкупно | 43,3 (55) | 50,4 (64) | 6,3 (8) | 100,0 (127) |
| | | | | |
| *Пол* | | | | |
| машки | 35,2 (19) | 59,3 (32) | 5,6 (3) | 100,0 (54) |
| женски | 49,3 (36) | 43,8 (32) | 6,8 (5) | 100,0 (73) |
| *Возраст* | | | | |
| 18-23 | 34,6 (9) | 53,8 (14) | 11,5 (3) | 100,0 (26) |
| 24-33 | 42,9 (18) | 47,6 (20) | 9,5 (4) | 100,0 (42) |
| 34-43 | 50,0 (10) | 50,0 (10) | 0,0 (0) | 100,0 (20) |
| 44-53 | 56,5 (13) | 43,5 (10) | 0,0 (0) | 100,0 (23) |
| 54+ | 31,2 (5) | 62,5 (10) | 6,2 (1) | 100,0 (16) |
| *Степен на образование* | | | | |
| основно и средно | 34,0 (17) | 60,0 (30) | 6,0 (3) | 100,0 (50) |
| вишо високо | 47,7 (31) | 46,2 (30) | 6,2 (4) | 100,0 (65) |
| магистратура и докторат | 58,3 (7) | 33,3 (4) | 8,3 (1) | 100,0 (12) |
| *Работен статус* | | | | |
| вработен/а | 46,9 (38) | 50,6 (41) | 2,5 (2) | 100,0 (81) |
| останато | 37,0 (17) | 50,0 (23) | 13,0 (6) | 100,0 (46) |
| *Политичка ориентација* | | | | |
| лево | 33,3 (8) | 62,5 (15) | 4,2 (1) | 100,0 (24) |
| центар | 43,0 (34) | 53,2 (42) | 3,8 (3) | 100,0 (79) |
| десно | 43,8 (7) | 37,5 (6) | 18,8 (3) | 100,0 (16) |

*Извор: Истражување 2015.*

Од аспект на селектираните варијабли, женските (49,3 проценти) повеќе од машките (35,2 проценти), сметаат на големото значење. Од аспект на возраста, се покажува дека како расте возраста, така се зголемува учество во одговорите со модалитетот "големо значење". Сличен тренд покажува и образованието. Како расте образованието, така се зголемува уверението дека економските врски и комуникацијата се од големо значење за Р.Македонија. А, од аспект на политичката ориентација, лево-ориентираните се покритични во однос на ова прашање со 62,5 проценти од испитаниците сметаат дека оваа поврзаност има мало значење за Р.Македонија. Резултатите се претставени во табела 12.

**Табела 13. Преглед на статистичко тестирање на хипотезите.**

| Ред. бр. | нулта хипотеза | алтернативна хипотеза | $\chi^2$ | d.f | c.c | одлука |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Полот не влијае врз поврзаноста на економските врски и комуникацијата | Полот влијае врз поврзаноста на економските врски и комуникацијата | 2,979 | 2 | 0,151 | се прифаќ а $X_0$ |
| 2 | Возраста не влијае врз поврзаноста на економските врски и комуникацијата | Возраста влијае врз поврзаноста на економските врски и комуникацијата | 7,472 | 8 | 0,236 | се прифаќ а $X_0$ |
| 3 | Степенот на образование не влијае врз поврзаноста на економските врски и комуникацијата | Степенот на образование влијае врз поврзаноста на економските врски и комуникацијата | 3,843 | 4 | 0,171 | се отфрла $X_0$ |
| 4 | Работниот статус не влијае врз поврзаноста на економските врски и комуникацијата | Работниот статус влијае врз поврзаноста на економските врски и комуникацијата | 5,882 | 2 | 0,210 | се прифаќ а $X_0$ |
| 5 | Политичка ориентација не влијае врз поврзаноста на економските врски и комуникацијата | Политичка ориентација влијае врз поврзаноста на економските врски и комуникацијата | 6,794 | 4 | 0,232 | се отфрла $X_0$ |

*Извор: Истражување 2015.*

Во Табела 13 е претставено статистичкото тестирање на хипотезите коешто покажува дека степенот на образование и политичката ориентација на испитаниците имаат одредено влијание врз оценките за значењето на тврдењето дека светот се поврзува преку економските врски и забрзаната комуникација врз Р.Македонија.

Вкрстувањата на добиените одговори за тврдењето дека светот сè повеќе се поврзува преку економските врски и забрзаната комуникација, не покажува статистички значајна поврзаност од аспект на т.н. симболички варијабли на глобализацијата.

Претпоставките дека очекувањата за промените во економијата ќе влијаат врз економската глобализација (зголемено поврзување на економски врски и забрзана комуникација), се потврдува, а интензитетот на поврзаност изнесува С.С= 0,310. За испитаниците кои сметаат дека економијата ќе стане иста во наредните 12 месеци, повеќе од останатите (58,1 процент) покажуваат дека фактот што повеќе се поврзуваат економските врски и забрзаната комуникација има големо значење за Р.Македонија. Наспроти тоа кај оваа

категорија испитаници се намалува учество во ставовите кои упатуваат на намалување на значењето на глобализацијата. (Види: Табела 14)

**Табела 14. Вкрстување на економски врски и забрзана комуникација со очекувањата од промените во економијата**

| Одговори (независна варијабла) | Одговори (зависна варијабла) | | | |
|---|---|---|---|---|
| | големо значење | мало значење | нема значење | вкупно |
| ќе се подобри | 45,0 (9) | 55,0 (11) | 0,0 (0) | 100,0 (20) |
| ќе остане иста | 58,1 (25) | 41,9 (18) | 0,0 (0) | 100,0 (43) |
| нема да се подбри | 32,8 (21) | 54,7 (35) | 12,5 (8) | 100,0 (63) |
| $\chi^2$= 12,640 C.C=0,310 d.f=4 p=0.013 | | | | |

*Извор: Истражување 2015.*

Во однос на економската димензија на глобализација, јавноста различно ја согледува значајноста на современата трговија, проширувањето на бизнис врските, засиленото економско работење врз Р.Македонија. Одговорите се поделени во однос на големо или мало значење и истите се разликуваат според возраста, работниот статус и очекувањата од промените во економијата.

## 5.4 Оцени за присуството на глобализацијата во политиката

Политиката, политичкиот живот е подложен на глобализацијата, исто така. Обидувајќи се да се оцени присутвото на овој глобален процес на локално рамниште, испитаниците со блок на прашања го оценуваа влијанието на глобализацијата во политиката во Р.Македонија.

На прашањето дали глобализацијата има влијание врз политиката во Р.Македонија, 91,3 проценти одговориле дека таа има влијание, а 7,1 процент дека нема. 2 испитаника немаат дадено одговор.

Врз основа на одговорите претставени во табела 15, фактот дека речиси сите испитаници го воочуваат влијанието на глобализацијата во политиката во Р.Македонија, очекувањата, како и направените вкрстувања со блокот на објаснувачки социо-демографски варијабли, не упатуваат на варијабилност на одговорите. Тоа значи дека објаснувачките фактори на оваа зависна варијабла немаат влијание врз добиените одговори за зависната варијабла, односно политичката димензија на глобализацијата.

**Табела 15.Процентуална дистрибуција на одговорите за влијанието на глобализацијата врз политиката во Р.Македонија, РМ, 2015-09-13**

| **Глобализацијата има влијание врз политиката во Р.Македонија** | n (број) | % (процент) |
|---|---|---|
| Да | 116 | 91,3 |
| Не | 9 | 7,1 |
| Нема одговор | 2 | 1,6 |
| Вкупно | 127 | 100,0 |

*Извор: Истражување 2015*

Заинтересирани да дознаеме за тоа кои организации се најприсутни во Р.Македонија, на испитаниците им беше дадено да заокружат најмногу 4 од понудените 8 модалитети. Пондудените модалите се организации кои ги претставуваат политичките аспекти на глобализацијата, како што се: Меѓународен монетарен фонд, Светска банка, Светска трговска организација, НАТО, Мултинационалните компании, Европската унија, Обединетите нации.

**Слика 15.Процентуална дистрибуција на одговорите за организации кои се најприсутни во Р.Македонија**




*Извор: Истражување 2015*

Според одговорите кои се претставени во Слика 15, се забележува дека за 74 проценти од нашите испитаници најприсутна организација во македонското општество е Меѓународниот монетарен фонд (ММФ). Потоа, 59,1 процент го забележуваат присуството на Светската Банка (СБ), додека 49,6 проценти ја забележуваат Европската Унија (ЕУ). Нешто помалку, 41,7 проценти, го забележуваат НАТО.

## 5.5 Оцени за присуството на глобализацијата во култура и информациската и комуникациската технологија

Последиците од проширување на пазарот во светски рамки, предизвикал многу бргу промени во културата, идентитетот и животот на луѓето. Глобализирање на културата или создавањето на една глобална култура, се актуелизира со развојот на информатичката технологија и новите медиуми. Глобализацијата на културата се очитува во тоа што се создава нова културна мрежа, која се одвива преку глобални медиуми и глобални информатички средства кои делуваат надвор од државните граници.

Културата и информациската и комуникациската технологија (ИКТ) се операционализирани преку две прашања. Од испитаниците се побара мислење дали побрзите комуникации и поголемите шанси за патување, како и полесната достапност на странски филмови, ТВ и музика ќе имаат значење за Р.Македонија.

Комуникациите ја претставуваат суштината на човекот. Под влијание на развојот на информатичката технологија и воведување на електронски посредуваната комуникација, глобализацијата почнува да делува во сите сфери од општеството. Сè побрзата комуникација и поголемите шанси за патувања во странство имаат големо значење за Р.Македонија – така размислуваат 66,9 проценти од вкупниот број на нашите испитаници. 25,2 проценти сметаат дека има мало значење, а само 10 испитаника одговориле дека воопшто нема значење. Тоа го докажуваат резултатите претставени во табела 16.

Сепак, она што може да се забележи од податоците, претставени во табела 16, укажуваат дека возраста има влијание врз разлики во согледувањето на значење на глобализацијата. Потоа, повисоко образование има поголемо учество на одговорите за модалитетот *големо значење.* А, од аспект на политичката определба испитанците декларирани како *центар* се најкритични каде повеќе од една третина го доведуваат во прашање значењето на споменатите културни димензии за Р.Македонија (30,4 проценти одговориле *мало значење* и 10,1 процент дека *нема значење).*

Во Табела 16 е претставено статистичкото тестирање на хипотезите кое укажува дека само белегот пол има статистичко влијание на одговорите за значењето на побрзата комуникација и поголемите шанси за патувања врз Р.Македонија. Од аспект на полот, жените (75,3 проценти) повеќе од мажите

(55,6 проценти) сметаат дека побрзата комуникација и шансите за повеќе патувања се од големо значење за Р.Македонија.

**Табела 16. Дистрибуција на одговорите и вкрстувањата за значењето на побрзата комуникација и поголемите шанси за патувања според социодемографските и политичките фактори на влијание, РМ, 2015.**

| **Белези (*независни варијабли*)** | **одговори** | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **големо значење** | **мало значење** | **нема значење** | **вкупно** |
| Вкупно | 66,9 (85) | 25,2 (32) | 7,9 (10) | 100,0 (127) |
| | | | | |
| *Пол* | | | | |
| Машки | 55,6 (30) | 37,0 (20) | 7,9 (4) | 100,0 (54) |
| женски | 75,3 (55) | 16,4 (12) | 8,2 (6) | 100,0 (73) |
| *Возраст* | | | | |
| 18-23 | 65,4 (17) | 34,6 (9) | 0,0 (0) | 100,0 (26) |
| 24-33 | 61,9 (26) | 26,2 (11) | 11,9 (5) | 100,0 (42) |
| 34-43 | 75,0 (15) | 25,0 (5) | 0,0 (0) | 100,0 (20) |
| 44-53 | 73,9 (17) | 21,7 (5) | 4,3 (1) | 100,0 (23) |
| 54+ | 62,5 (10) | 12,5 (2) | 25,0 (4) | 100,0 (16) |
| *Степен на образование* | | | | |
| основно и средно | 58,0 (29) | 30,0 (15) | 12,0 (6) | 100,0 (50) |
| вишо/ високо | 70,8 (46) | 23,1 (15) | 6,2 (4) | 100,0 (65) |
| магистратура и докторат | 83,3 (10) | 16,7 (2) | 0,0 (0) | 100,0 (12) |
| *Работен статус* | | | | |
| вработен/а | 67,9 (55) | 24,7 (20) | 7,4 (6) | 100,0 (81) |
| останато | 65,2 (30) | 26,1 (12) | 8,7 (4) | 100,0 (46) |
| *Политичка ориентација* | | | | |
| лево | 79,2 (19) | 16,7 (4) | 4,2 (1) | 100,0 (24) |
| Центар | 59,5 (47) | 30,4 (24) | 10,1 (8) | 100,0 (79) |
| Десно | 75,0 (12) | 18,8 (3) | 6,2 (1) | 100,0 (16) |

*Извор: Истражување 2015.*

Тестирањето на хипотезите за поврзаноста на одговорите на прашањето за значењето на побрзата комуникација и поголемите шанси за патувања за Р.Македонија со варијаблите возраст, степен на образование, работен статус и политичка определба упатуваат на прифаќање на нултата хипотеза и на тој начин се заклучува дека овие варијабли немаат статистичко значење. (Види: Табела 17).

**Табела 17. Преглед на статистичко тестирање на хипотезите.**

| Ред. бр. | нулта хипотеза | алтернативна хипотеза | $\chi^2$ | d.f | c.c | одлука |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Полот не влијае врз побрзата комуникација и поголемите шанси за патувања | Полот влијае врз побрзата комуникација и поголемите шанси за патувања | 7,06 9 | 2 | 0,230 | се отфрла $X_0$ |
| 2. | Возраста не влијае врз побрзата комуникација и поголемите шанси за патувања | Возраста влијае врз побрзата комуникација и поголемите шанси за патувања | 13,4 53 | 8 | 0,309 | се прифаќа $X_0$ |
| 3. | Степенот на образование не влијае побрзата комуникација и поголемите шанси за патувања | Степенот на образование влијае врз побрзата комуникација и поголемите шанси за патувања | 4,41 2 | 4 | 0,183 | се прифаќа $X_0$ |
| 4. | Работниот статус не влијае врз побрзата комуникација и поголемите шанси за патувања | Работниот статус влијае врз побрзата комуникација и поголемите шанси за патувања | 0,11 6 | 2 | 0,030 | се прифаќа $X_0$ |
| 5. | Политичка ориентација не влијае врз побрзата комуникација и поголемите шанси за патувања | Политичка ориентација влијае врз побрзата комуникација и поголемите шанси за патувања | 3,92 6 | 4 | 0179 | се прифаќа $X_0$ |

*Извор: Истражување 2015.*

Вкрстувањата со т.н. симболички варијабли покажуваат одредени разлики.

Поддржувачите на пазарната економија покажуваат надпросечно одговори дека филмот, ТВ и музиката, се од големо значење за Р.Македонија.

Испитаниците кои сметале дека традиционалниот начин на живеење се зајакнува, покажуваат подпросечни одговори дека филмот, ТВ и музиката, се од големо значење за Р.Македонија. (Види: Табела 18).

Во однос на другите одговори не се забележани поголеми разлики.

**Табела 18. Вкрстување на 'значењето на побрзата комуникација' и поголемите шанси за патувања со 'симболичките варијабли' за глобализацијата, РМ.**

| **Белези** *(**независни варијабли**)* | **Одговори** | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **големо значење** | **мало значење** | **нема значење** | **Вкупно** |
| **Поддршка на слободна пазарна економија** | | | | |
| Да | 73,8 (45) | 19,7 (12) | 6,6 (4) | 100,0 (61) |
| Не | 61,3 (38) | 30,6 (19) | 8,1 (5) | 100,0 (62) |
| *Модерен начин на живеење* | | | | |
| Сакам модерен начин на живеење | 68,1 (62) | 24,2 (22) | 7,7 (7) | 100,0 (91) |
| Не сакам модерен начин на живеење | 63,9 (23) | 27,8 (10) | 8,3 (3) | 100,0 (36) |
| *Масовна потрошувачка и комерцијализација* | | | | |
| Масовна потрошувачка и комерцијализација се закана за македонската култура | 71,6 (48) | 19,4 (13) | 9,0 (6) | 100,0 (67) |
| Масовна потрошувачка и комерцијализација не се закана за македонската култура | 60,3 (35) | 32,8 (19) | 6,9 (4) | 100,0 (58) |
| Традиционален начин на живеење | | | | |
| Постепено го губиме нашиот традиционален начин на живеење | 68,8 (77) | 23,2 (26) | 8,0 (9) | 100,0 (112) |
| Традицијата и традиционалниот начин на живеење зајакнува | 53,3 (8) | 40,0 (6) | 6,7 (1) | 100,0 (15) |

*Извор: Истражување 2015.*

Податоците на одговорите на прашањето за значењето за достапноста на филмовите, ТВ и музика за Р.Македонија покажуваат изедначени резултати (48,8 проценти одговориле дека има големо, а 44,9 проценти одговориле дека има мало значење). Од аспект на социо-демографските и политичките фактори на влијание се воочуваат разлики според полот, возраста, работниот статус и политичката ориентација. Повторно женскиот пол покажува позитивен однос

за значењето на оваа димензија за Р.Македонија. Најмладата возрасна група за прв пат ги препознава филмот, ТВ и музиката како нешто што е од големо значење за Македонија, а слично размислуваат и оние кои не припаѓаат во категорија вработени и десно ориентираните. Одговорите се претставени во табела 19.

**Табела 19. Дистрибуција и вкрстување на одговорите за достапноста на филмовите, ТВ и музика, според социодемографски политички фактори на влијание, РМ, 2015.**

| Белези (*независни варијабли*) | Одговори | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **големо значење** | **мало значење** | **нема значење** | **Вкупно** |
| Вкупно | 48,8 (62) | 44,9 (57) | 6,3 (8) | 100,0 (127) |
| | | | | |
| *Пол* | | | | |
| Машки | 38,9 (21) | 57,4 (31) | 3,7 (2) | 100,0 (54) |
| женски | 56,2 (41) | 37,0 (27) | 6,8 (5) | 100,0 (73) |
| *Возраст* | | | | |
| 18-23 | 69,2 (18) | 30,8 (8) | 0,0 (0) | 100,0 (26) |
| 24-33 | 42,9 (18) | 45,2 (19) | 11,9 (5) | 100,0 (42) |
| 34-43 | 45,0 (9) | 55,0 (11) | 0,0 (0) | 100,0 (20) |
| 44-53 | 52,2 (12) | 43,5 (10) | 4,3 (1) | 100,0 (23) |
| 54+ | 31,2 (5) | 62,5 (10) | 6,2 (1) | 100,0 (16) |
| *Степен на образование* | | | | |
| основно и средно | 46,0 (23) | 52,0 (26) | 2,0 (1) | 100,0 (50) |
| Вишо/ високо | 49,2 (32) | 44,6 (29) | 6,2 (4) | 100,0 (65) |
| магистратура и докторат | 58,3 (7) | 25,0 (3) | 16,7 (2) | 100,0 (12) |
| *Работен статус* | | | | |
| вработен/а | 44,4 (36) | 49,4 (40) | 6,2 (5) | 100,0 (81) |
| останато | 56,5 (26) | 39,1 (18) | 4,3 (2) | 100,0 (46) |
| *Политичка ориентација* | | | | |
| ллево | 54,2 (13) | 41,8 (10) | 4,2 (1) | 100,0 (24) |
| Центар | 43,0 (34) | 49,4 (39) | 7,6 (6) | 100,0 (79) |
| Десно | 62,5 (10) | 37,5 (6) | 0,0 (0) | 100,0 (16) |

*Извор: Истражување 2015.*

Статистичкото тестирање на хипотезите претставени во табела 20, покажува дека нема статистичка значајност помеѓу независните варијабли кои припаѓаат во група на социодемографски и политички фактори на влијание врз одговорите за достапноста на филовите, ТВ и музиката и нивното значење врз Р.Македонија. Сепак, од аспект на полот, според женските испитаници (56,2

проценти) оваа достапност има големо значење врз Р.Македонија. Исто така, најмладата возрасна група 18 до 23 години го воочува големото значење со 69,2 проценти што повеќе од останатите возрасни групи. Испитаниците кои што не се во категорија вработени покажуваат со 56,5 проценти за големото значење, а слично размислуваат и десно ориентираните 62,5 проценти. (Види: Табела 19).

**Табела 20. Преглед на статистичко тестирање на хипот**езите.

| Ред. бр. | нулта хипотеза | алтернативна хипотеза | $\chi^2$ | d.f | c.c | одлука |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Полот не влијае врз значењето на трговијата и бизнис врски | Полот влијае врз значењето на трговијата и бизнис врски | 5,289 | 2 | 0,200 | се прифаќа $X_0$ |
| 2. | Возраста не влијае врз значењето на трговијата и бизнис врски | Возраста влијае врз значењето на трговијата и бизнис врски | 12,035 | 8 | 0,294 | се прифаќа $X_0$ |
| 3. | Степенот на образование не влијае врз значењето на трговијата и бизнис врски | Степенот на образование влијае врз значењето на трговијата и бизнис врски | 5,760 | 4 | 0,208 | се прифаќа $X_0$ |
| 4. | Работниот статус не влијае врз значењето на трговијата и бизнис врски | Работниот статус влијае врз значењето на трговијата и бизнис врски | 1,729 | 2 | 0,116 | се прифаќа $X_0$ |
| 5. | Политичка ориентација не влијае врз значењето на трговијата и бизнис врски | Политичка ориентација влијае врз значењето на трговијата и бизнис врски | 3,294 | 4 | 0,164 | се прифаќа $X_0$ |

*Извор: Истражување 2015.*

Вкрстувањето со симболичките варијабли, на ова прашање, не упатува на големи варијации во одговорите, а вредностите на $\chi^2$ покажуваат за статистичка незначителност на постоечките. Сепак, би истакнале дека постојат разлики помеѓу категориите на испитаниците во однос на поддршката на слободната пазарна економија и ставовите за масовната потрошувачка и комерцијализација.

Испитаниците кои ја поддржуваат слободната пазарна економија и оние коишто сметаат дека масовна потрошувачка и комерцијализација се закана за македонската култура, покажуваат поголемо учество во одговорите дека

достапноста на филмовите, ТВ и музиката се од големо значење за Р.Македонија. Тоа е претставено во следната табела 21.

**Табела 21. Вкрстување на 'достапноста на филмовите, ТВ и музика' со 'симболичките' варијанти за глобализацијата, РМ, 2015.**

| **Белези (независни варијабли)** | **Одговори** | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **големо значење** | **мало значење** | **нема значење** | **вкупно** |
| *Поддршка на слободна пазарна економија* | | | | |
| Да | 59,0 (36) | 37,7 (23) | 3,3 (2) | 100,0 (61) |
| Не | 41,9 (26) | 50,0 (31) | 8,1 (5) | 100,0 (62) |
| *Модерен начин на живеење* | | | | |
| Сакам модерен начин на живеење | 49,5 (45) | 46,2 (42) | 4,4 (4) | 100,0 (91) |
| Не сакам модерен начин на живеење | 47,2 (17) | 44,4 (16) | 8,3 (3) | 100,0 (36) |
| *Масовна потрошувачка и комерцијализација* | | | | |
| Масовна потрошувачка и комерцијализација се закана за македонската култура | 53,7 (36) | 38,8 (26) | 7,5 (5) | 100,0 (67) |
| Масовна потрошувачка и комерцијализација не се закана за македонската култура | 44,8 (26) | 51,7 (30) | 3,4 (2) | 100,0 (58) |
| *Традиционален начин на живеење* | | | | |
| Постепено го губиме нашиот традиционален начин на живот | 49,1 (55) | 44,6 (50) | 6,2 (7) | 100,0 (112) |
| Традицијата и традиционалниот начин на живот зајакнува | 46,7 (7) | 53,3 (8) | 0,0 (0) | 100,0 (15) |

*Извор: Истражување 2015; забелешка:* **Поддршка на слободна пазарна економија** $\chi^2$= 4,076 C.C=0,179 d.f=2 p=0.130; за **Модерен начин на живеење** $\chi^2$= 0,768 C.C=0,078 d.f=2 p=0.681; за **Масовна потрошувачка и комерцијализација** $\chi^2$= 2,550 C.C=0,279 d.f=2 p=0.141; за **Традиционален начин на живеење** $\chi^2$= 1,172 C.C=0,096 d.f=2 p=0.556.

Очекувањата од промените во економијата и достапноста на храна се варијабли кои немаат статистичко влијание ниту покажуваат на варирања во одговорите на прашањето за значењето на сè поголемата достапност на филмовите, ТВ и музиката од различни делови во светот врз Р.Македонија.

Понатаму, од испитаниците побаравме да оценат дали постои/не постои влијание на процесите на глобализацијата во медиумската сфера во Република Македонија. Податоците претставени на слика 16, покажуваат дека испитаниците (81,1 проценти), оцениле дека глобализацијата влијае во оваа сфера. Останатите испитаници (16,5 проценти) одговориле дека не постои, а 3 испитаника не дале никаков одговор.

**Слика 16.Процентуална дистрибуција на одговорите за влијанието на глобализацијата врз медиумската сфера во Р. Македонија, РМ, 2015.**




*Извор: Истражување 2015.*

Она што е карактеристично за современите начини на комуницирање, е тоа дека тие се одвиваат во еден виртуелен свет, каде што физичкиот простор се игнорира, односно се игнорира реалноста. Денес, Интернетот е најприсутен медиум скоро во секое домаќинство. Поединците го користат за најразлични цели, што се потврдува од одговорите на испитаниците во истражувањето, претставени во Табела 22.

Според добиените резултати, можеме да забележиме дека од вкупниот број испитаници најголем дел ги избрале првите два модели, односно 71,7 проценти интернетот го користат за социјалните мрежи, 62,2 проценти го користат за проверка на маил. Од испитаниците, 44,1 процент го користат за едуцирање. Гледање на филмови/серии/емисии преку интернет, го користат 37,0 проценти од нашите испитаници. Изедначен е процентот на оние кои што интернетот го користат за слушање музика и читање вести, односно 34,6 проценти.

**Табела 22.Процентуална дистрибуција на одговорите за користење на интернетот, РМ, 2015.**

| Интернетот се користи | n (број) | % (процент) |
|---|---|---|
| Социјалните мрежи | 91 | 71,7 |
| Проверка на меил | 79 | 62,2 |
| Гледање телевизија преку интернет | 10 | 7,9 |
| Гледање филмови/серии/емисии | 47 | 37,0 |
| онлајн –купување | 20 | 15,7 |
| Слушање музика | 44 | 34,6 |
| Читање списанија | 11 | 8,7 |
| Следење на спортските резултати | 18 | 14,2 |
| Организирање патувања | 14 | 11,0 |
| Читање вести | 44 | 34,6 |
| Електронска наплата | 15 | 11,8 |
| Едуцирање | 56 | 44,1 |
| Научно истражувачки цели | 18 | 14,2 |
| Водење бизнис | 12 | 9,4 |
| Реализација на работниот процес преку интернет | 21 | 16,5 |
| Читање книги | 4 | 3,1 |
| Играње видео игри | 15 | 11,8 |
| Друго | 3 | 2,4 |
| Не користам интернет | 5 | 3,9 |

*Извор: Истражување 2015.*

Во делот на културата и информациско комуникациска технологија (ИКТ) 'значењето на побрзата комуникација' е димензија која е од големо значење за Р.Македонија, додека во однос на значењето за достапноста на филмови, телевизиски канали, музика постои одредена поделеност во одговорите. Фактори на обликување на ставовите се полот, возраста, работниот статус и политичката определба.

# ЗАКЛУЧОК

Овој дел од магистерскиот труд е посветен на истражувачкото искуство за глобализацијата и јавноста во македонскиот контекст елаборирано низ прашањата кои ги поставивме на почетокот од нашето истражување.

1. Прашањето за глобализацијата во последните неколку децении е од централно значење за модерната социологија како во теориски, така и во практичен поглед. За најголем број социолози, ова прашање претставува најпогодна референтна рамка за анализа на промените кои се одвиваат во современите општества. Тие, глобализацијата ја анализираат помеѓу универзалистичките и партикуларистичките тенденции, преку заемниот однос на глобалното и локалното и vice versa, или на хомогенизацијата и хетерогенизацијата или на интеграцијата и фрагментацијата, пред сè, како таа практично се манифестира на глобалниот простор.

Следствено на ова, постои богата литература во општествените науки, фокусирана врз различни аспекти од овој процес, користејќи различни теориски и методолошки перспективи. Терминот *глобализација* се јавува во средината на 80-тите години, како замена за поимот *меѓузависност* и главно, се однеснувал на сферата на економијата. Глобализацијата, во прво време, се однесувала на брза и голема размена на добра, капитал и услуги преку националните граници. Низ годините, нациите-држави сфатиле дека подобро напредуваат во систем со заеднички правила, отколку без таков систем. Правилата помогнале да се дефинираат правата и должностите, во еден комплекс од различни сфери: политички, економски, културни и технолошки. Изграден, пред сè, од чисто економски или технолошки концепт, денес наметнува револуционерни промени и во доменот на политиката, културата и комуникациите.

Светот во кој живееме се карактеризира со радикални промени на начинот на живеење, неговите норми и вредности. Глобализацијата влијае врз секојдневниот живот колку што влијае и врз настаните што се случуваат на светско ниво. Современата глобализација, понекогаш, ги поткопува и безбедноста на идентитетот преку културната деструкција. Разни региони на земјата потклекнаа пред инвазијата на електронските мас-медиуми,

трансапланетарниот туризам, глобалниот англиски јазик, глобалниот консумеризам и од другите нетериторијални попречувања коишто се спротивставуваат на локалните традиции.

2. Прашањето за глобализацијата во последната деценија е едно од најистражуваните во социолошката наука. Тоа е истражувано преку јавното мислење, поточно преку мерење на ставовите на јавноста во врска со глобализацијата, како и прашањата коишто се тесно поврзани со неа. Токму поради сложената и мултидимензионална природа на ова прашање, постојат повеќе пристапи за негово истражување и тие, главно, се врзуваат за американската социологија. Податоците од глобалното јавно мислење кон глобализацијата, анализата на ставовите на испитаниците кон глобализацијата, покажа дека јавноста, главно, има позитивен став кон глобализацијата. Поголем оптимизам кон глобализацијата покажуваат деловите од светот кои се неразвиени, додека развиените делови покажуваат покритичен однос кон глобализацијата, особено тој е изразен во однос на квалитетот на околината, сиромаштијата и слободни работни места.

3. Податоците кои ги добивме од нашето истражување во однос на оценките за глобализацијата покажуваат дека значителен дел (85 проценти) од испитаниците одговориле дека се информирани за глобализацијата. Во однос на мислењето на испитаниците што за нив претставува глобализацијата од понудените 14 модалитети одговориле најмногу дека таа е процес наметнат од моќните земји (проект). Потоа, (34,6 проценти) од испитаниците оцениле дека глобализацијата претставува процес на ширење на моќта на мултинационалните компании, дека е процес на создавање на светско општество (33,9 проценти) и ја идентификуваат како пренесување на моќта на националните влади на глобалните институции (ММФ, Светска Банка), (32,3 проценти). Овие податоци, во голема мера, кореспондираат со мислењето на испитаниците за присуството на глобализацијата во светски рамки. Голем дел од нив 71,7 проценти глобализацијата ја лоцираат во економската сфера, 61,4 проценти од испитаниците глобализацијата ја забележуваат во политиката, а 47,2 проценти во сферата на електронски компјутерски посредуваната комуникација - интернетот. Нешто помалку, (38,6 проценти) од испитаниците глобализацијата ја забележуваат во техниката (smart tehnology). Овие податоци одат во прилог во однос на поставените хипотези дека глобализацијата

најмногу практично се манифестира во овие сфери. Податоците во однос на личниот став на испитаниците кон глобализацијата покажуваат дека повеќе од половината од нив имаат неутрално мислење и е најизразено кај испитаниците од возрасните групи од 24-33 години. Многу е важно да се истакне дека 92 проценти од испитаниците воочиле дека глобализацијата влијае на македонскиот контекст и се надоврзуваат со одговорите на испитаниците во однос на симболичната страна на глобализацијата. Во тој поглед, преференциите на испитаниците (88,2 проценти) се во однос на тврдењето дека традицијата во македонското општество постепено се губи, што оди во согласност со одговорите на испитаниците дека го преферираат модерниот начин на живот. Интересно во овој контекст е да се истакне дека половина од испитаниците се согласиле дека масовната потрошувачка и комерцијализацијата се закана за македонската култура.

Во таа смисла Роберт Мекчесни и Едвард Херман, зборувајќи за ефектите од глобализацијата преку медиумите во однос на културата, посочуваат дека тие се највидливи во следниве сфери: 1. во вредносниот систем-комерцијализацијата (која ја чини суштината во функционирањето на гloблните медиуми) подразбира финансирање на медиумите од продажбата на реклами, а нејзиното натамошно ширење ќе значи поттикнување на личната потрошувачка и потрошувачката култура, додека индивидуализмот и индивидуалната слобода на изборот, ќе бидат основна посакувана општествена состојба. Ваквото наметнување на вредносен систем, ги нагласува материјалистичките вредности, го слабее чувството на заедништво и интерперсоналните односи врски меѓу поединците и групите; 2. замена на јавната сфера со разонода, наместо темелно подготвени вести, анализа на актуелните теми и документарни емисии, во ударните термини среќаваме содржини кои по својата природа се едноставни, забавни, односно припаѓаат во сферата на разонодата; 3. јакнење на конзервативните политички сили (глобалните медиуми поддржуваат неолиберална економска политика која им служи на личните и на општите интереси на транснационалните корпорации, но ги подрива демократските општествени опции). Непријателски се настроени кон организираната работничка класа, а интересирајќи се со политиката на земјите од "третиот свет", водечките медиуми на Запад, природно, застануваат на страната на големите сили и транснационалните корпорации; 4. ерозија на

локалните култури (влијанието на глобалните медиуми врз локалните култури) ќе варира меѓу доминантни, помалку доминантни и подредени. Дури и доминантните култури ќе бидат погодени, не толку заради повратната спрега колку заради успехот и силата на самата култура како економско-политичко-културна сила (Haralambos, Holborn, 2004: 839).

Анализата на ставовите на испитаниците за економската димензија на глобализацијата во Република Македонија, покажа дека испитаниците се свесни за неа. Конкретно, испитаниците (85,8 проценти) позитивно одговориле дека глобалната економија и директните странски инвестиции, се релевантни индикатори за присуството на глобализацијата во оваа сфера. Половина од испитаниците сметаат дека трговијата и бизнис-врските на Р.Македонија со другите земји, има големо значење за Република Македонија, тоа е изразено кај испитаниците од машки пол, кај испитаниците од возрасната група од 34 до 43 години, потоа кај испитаниците со високо и повисоко образование и испитаниците кои се десно ориентирани, според нивната политичка определба. Во однос на поврзаноста со групата на симболичките варијанти на глобализацијата и ставот кон економската димензија на глобализацијата, поддржувачите на пазарната економија и слободниот пазар, повеќе од останатите (62,3 проценти), како и оние кои сметаат дека поврзување на економските врски и комуникација има големо значење за Р.Македонија, повеќе од останатите (70,9 проценти), го воочуваат значењето на порастот на трговијата и бизнис-врските меѓу Р.Македонија и другите земји.

Афирмативниот однос на испитаниците кон глобализацијата и политиката е, исто така, очигледен. Испитаниците (91,3 проценти) одговориле дека глобализацијата има влијание врз водењето политика и политичките текови во нашето општество, а тоа го потврдуваат и нивните одговори во однос на присутноста на Меѓународниот монетарен фонд (74 проценти), Светската банка (59,1 проценти) и Европската Унија (49,6 проценти).

За сферата на комуникациите, сознанијата добиени од анкетното истражување, покажаа дека кај испитаниците постои силна свест во однос на нивното користење, пред сè, тие учествуваат во олеснувањето на нивниот секојдневен живот. Имено, испитаниците (66,9 проценти) сметаат дека побрзата комуникација и поголемите шанси за патување во странство, имаат големо значење за Р.Македонија. Тие одговори доминираат кај испитаниците

на возраст од 34-43 години, кај оние со повисоко универзитетско образование (магистратура и докторат) и оние испитаници кои, во политичка смисла, се лево ориентирани. Одговорите добиени при вкрстување на варијаблите 'значењето на побрзата комуникација' и поголемите шанси за патувања со 'симболичките варијабли' за глобализацијата во нашето општество, во однос на тврдењето, Македонија има достапност до филмови, телевизиски канали и музика, забележавме дека испитаниците не се наклонети кон ниту еден од ставовите. Иако, ова тврдење го воочуваат и има одредени разлики од аспект на полот, возраста, работниот статус и политичката ориентација. Во оваа рамка, ги приклучивме и прашањата кои се врзани за медиумите и нивното користење.

Во таа смисла, испитаниците (81,1 проценти) одговориле дека процесите на глобализацијата влијаат на медиумската сфера во Р.Македонија, што е во согласност со изразеното мислење на испитаниците и за нивните медиумски активности. При тоа, значајни се податоците за преференциите на испитаниците во однос на користењето на Интернетот, бидејќи тие го сметаат за доминантен медиум, кој го користат за разни цели. Имено, (71,7 проценти) од испитаниците интернетот го користат за социјалните мрежи, потоа испитаниците оцениле (62,2 проценти) дека интернетот го користат за проверка на e-mail. Од испитаниците (44,1 проценти) изјавиле дека го користат за едукативни цели, (37 проценти) од испитаниците гледаат филмови, серии, емисии и др. преку интернет. Изедначен е процентот на оние коишто го користат интернетот за слушање музика и читање вести. Интересно е да се забележи дека најмалку од испитаниците го користат интернетот како средство преку кое читаат книги.

Тоа значи дека испитаниците се однесуваат во согласност со новото време, поточно, тие се изложени на современите средства за комуницирање и процесите на глобализацијата и на тој начин се создаваат две реалности. Првата се однесува на секојдневната (физичка реалност), а втората се однесува на виртуелната реалност, којашто е посредувана преку компјутерите (интернетот). Во новата литература, таа се означува како свет на симулирани дејствија и настани, свет во кој се влегува со помош на компјутери и други технички помагала. Во антрополошка или социолошка смисла, виртуелната стварност може да се објасни како техничко средство со кое се посредува при производство на вистинитоста, којашто може да значи бегство од вистината во

замислената реалност, која воспоставува контрола над човекот и неговите постапки (Коковиќ, 2007:179).

Според Мануел Кастелс, виртуелната реалност е фикциска визија на општеството, каде што, во целост, доминираат медиумите и таа означува влез во некои други светови. Целиот свет се претвори во еден вид симулација. Развиената технологија сè подобро создава нови реалности коишто стануваат сè пореалистични. Откако настапија на сцена мрежите и виртуелноста во општествата, како да се смени претставата за времето и просторот. Сите видови пораки стануваат вклучени во медиумот, бидејќи медиумот станал толку сеопфатен, разновиден, приспособлив и способен да го абсорбира целото човеково искуство, минато, сегашно и идно. Очигледно е дека за времето и просторот не судат само субјектите, туку и новите технологии, со што се придонесува создавање на вештачка околина (Кастелс 2005:437).

4. Податоците добиени од анкетното истражување, се однесуваат на одредена популација и затоа тие се однесуваат на примерокот врз кој се изведени генерализациите. Имено, овој проблем ја има својата актуелност во социолошката наука и затоа препорачуваме и понатаму да се анализира и да се проучува. Се разбира, идните истражувања на овие прашања потребно е да развиваат нови теориски и емпириски пристапи, имајќи ги предвид веќе постоечките. Есенцијално за социолошкиот пристап е проучување на економските, политичките, културните и комуникациските аспекти на глобализацијата, за во целост да се опфати нивниот глобален контекст.

## БИБЛИОГРАФИЈА

Алтагић П. Марко и Мацура Ђ. Миленко. 2013. „Утицај глобализације на пословну филозофију модерне националне државе економски аспекти" во Вулетић, Владимир, Ћирић Јован, Шуваковић, Урош. *Глобализација и десуверенизација.* Косовска Митровица: Српско социолошко друштво Београд, Институ за упоредно право Београд, Филозфски факултет Универзитета у Приштини, Косовска Митровица стр. 53-72.

Amin, Samit. 1997*Capitalism in the Age of Globalization.* London:1997.

Arleck, Pamela & Settle, Robert. 2004. *The Survey Research Handbook, Third Edition 3rd Edition.* McGraw-Hill/IrwinSeries in marketing.

Bavati Jagdiš. 2008. *U odbranu globalizacije.* Beograd: Službeni GLASNIK.

Bauman, Zygmunt.1998. *Globalization. The Human Consequences.* New York: Columbia University Press.

Beck, Ulrich. 2001. *Što je globalizacija*? Zagreb:Vizura.

Beck, Ulrich. 2000. The Cosmopolitan Perspective.On the Sociology of the Second Age of Modernity. *British Journal of Sociology,* 51: 79- 105, London: London School of Economics

Berger L. Peter. and Luckmann, Thomas. 1991. *Social Construction of Reality: A Treatise in Sociology of Knowledge.* Pegnuin Books.

Berkovitch, Nitza. 2004. The Emergence and Transformation of the International Women.s Movement,. in Frank J. Lechner and John Boli eds. *The Globalization Reader* (Victoria: Blackwell Publishing,2004), 251-254.

Brayman, Alan. 2012. *Social Research Methods.* Oxford Press.

Castells, Manuel. 2002. *Moć identiteta. Zagreb: Golden marketing.*

Kastels, Manuel. 2014. Moć komunikacija. Beograd: Clio.

Dawne Bacsu, Juanita. (2007), *Measuring citizen attitudes toward globalization,* магистерска теза одбранета на University of Saskatchewan Saskatoon, Канада.

Дафилд Марк. 2012. *Глобално владеење и нови војни.* Скопје: Арс Ламина.

Дракуловска Чукалевска, Марија. 2011. *Односот на глобалното и локалното во културата: случајот на Република Македонија,* Необјавена докторска дисертација, Универзитет Св. Кирил и Методиј, Скопје, Филзофски факултет.
Дракуловска Чукалевска, Марија. 2015. *Социологија на глобализацијата.*Скопје: Универзитет Св. Кирил и Методиј, Скопје, Филозофски факултет.

Drakulovska Chukalevska, Marija. 2012. Global Processes: Treath for the national languages the Macedonian context во *Социолошка ревија The Sociological Review* No. 2/212 Volume XIII стр.53-65.

Duch, Raymond M. 1993. 'Tolerating Economic Reform: Popular Support for Transitionto a Free Market in the Former Soviet Union', *American Political ScienceReview,* 87(3):590–608.

Edwards S. Martin. 2006.Public opinion regarding economic andcultural globalization: evidence froma cross-national surveyво *Review of International Political Economy 13:4 October 2006: 587–608,* Routledge Taylor & Francis

Friedman Thomas. 1999. *The Lexus and the Olive Tree, Understandig globalisation,* New York: FarrarStraus Giroux.

Фридман, Томас. 2003. Лексусот и маслиновото дрво. Скопје: Тера Магика.

Friedman Thomas. 2007. The World is Flat: A Brief History of the Twenty-First CenturyNew York: FarrarStraus Giroux.

Fukuyama, Francis. 1992.*The end of History and the Last Man.* New York: The Free Press.

Gabel Matthew & Whitten, D. Guy. 1997. „Economic Conditions, Economic Perceptions, and Public Support for European Integration" во Vol. 19, No. 1, The Economics of Politics in Comparative Perspective Revisited, Vol. 19, No.1, New York,Springer стр. 81-96.

Garrett, Geoffrey. 1998. *Partisan Politics in the Global Economy,* New York: CambridgeUniversity Press.

Георгиевски, Т. Петре. 2012. *Социологијата како критика на општествената образовната и културанатa промена.* Скопје: МАТИЦА МАКЕДОНСКА.

Gidens, Entoni. 1998. *Posledice modernosti.* Beograd: Filip Višnjić.

Giddens, Anthony. 2000. "The Globalizing of Modernity". во David Held, Anthony McGrew, eds., *The Global Transformations Reader.* Cambridge: Polity Press, 92-108.

Giddens, Anthony. 2005. *Odbjegli svijet – kako globalizacija oblikuje naše živote.* Zagreb: Naklada Jesenski i Turk.

Гиденс, Ентони. 2003. *Забеган свет.* Скопје: Филозофски факултет.

Gidens, Entoni. 2005. *Sociologija,* Beograd: Ekonomski fakultet.

*Global Opinion on globalization, 2002, GlobeScan*

Golubović, Zagorka. 2006. *Poruke i dileme minulog veka.* Beograd: Filip Višnjić.

Gradishka – Temenogova, Olga. 2003. „Globalizacija – haotičan ili upravan proces" во*Ekonomske teme 2003-2.Niš: Ekonomski fakultet.*

Gray George and Guppy Neil. 2007. Successful Surveys> research Methods and Practice Nelson College Indigenous.

Груевски, Томе. 2004. *Комуникации и култура.* Скопје: Студентски збор.

Habermas, J., 1969. *Javno mnjenje.* Beograd: Kultura.

Habermas. Jurgen. 1983. The Theory of the Communicative Action. Volume 1, *Reason and*

*The Rationalization of Society* Boston: Beacon Press.

Held, David, McGrew, Anthony, Goldblatt, David and Paraton, Jonathan, 1999. Researching Globalization,. *The Global Transformations Website.* Online.

Held, David, McGrew, Anthony, Goldblatt, David and Perraton, Jonathan .1999. 'Globalization', *Global Governance,* 483–496.

Held, David., McGrew, Anthonyeds., 2000. *The Global Transformations Reader.* Cambridge: Polity Press.

Held, Dejvid. 1997. *Demokratija i globalni poredak,* Filip Višnjić, Beograd.

Jantol Tomas. 2004. *Politička javnost,* Zagreb: Birotisak.

Jie Xu. 2013. Public Attitudes toward Globalization in East Asia Findings from a Cross-National Survey, In: *Journal of Intercultural Communication, ISSN 1404-1634, issue 32, July 2013.*

Kaufman, Robert R. and Zuckermann, Leo. 1998. Attitudes toward EconomicReformin Mexico: The Role of Political Orientations, *American Political ScienceReview,* 92(2):359–75.

Kin, Džon. 2003. *Civilno društvo. Stare slike, nove vizije.* Beograd: Filip Višnjić.

Koković, Dragan. 2007. *Društvo i medijski izazovi Uvod u sociologiji masovnih komunikacija.* Novi Sad: KriMel, Budisava.

Колодко Гжегож. 2004. *Глобализацијата и перспективите за развој на постсоцијалистишките земји.* Скопје: Магор.

Корубин, Јован. 2005. *Социолошки теми за јазикот.* Скопје: Филозофски факултет.

Kovačević, P. Braco. 2013. „Neoliberalizam i erozija suverenosti" во Вулетић, Владимир, Ћирић Јован, Шуваковић, Урош. *Глобализација и десуверенизација.* Косовска Митровица: Српско социолошко друштво Београд, Институ за упоредно право Београд, Филозфски факултет Универзитета у Приштини, Косовска Митровица, стр. 449-463.

Крејк, Џон и Линк Мајкл. 2009. *Глобализацијата и иднината на трудовто право.* Скопје: Академски печат.

Kriesi Hanspeter, laveneks, sandra, Eser Frank, Mates, Jerg, Bilman, Mark, Bohsler, Danijel. 2013. *Demokrtaija u eri globalizacije i medijatizacije.* Beograd: Albatros Plus.

Кунчик Михаил, Ципфел Астрид, 1998. *Вовед во науката за публицистика и комуникации,* Скопје: Фондација „Фридрих Еберт".

Lagos, Marta (2003) „Global Trends in Culture and Trade", *International Journal of*

*Public Opinion Research,* Oxford: Oxford University Press. стр: 335–351.

Ljosa, Vargas, Mario. 2003. Kultura slobode. Bo Nušić, O. Veličković, D. ( ed). *Glokalni svet.* (стр. 99 – 111). Beograd: Alexandria Press.

Matthews, Jessica, Shift T..Power,.2004. *„Perspectives on Trade and Poverty Reduction A Survey"*во Frank J. Lechner and John Boli eds. *The Globalization Reader* Victoria: Blackwell Publishing, 2004. 270-276. 25.

Mayda, Anna Maria and Rodrik, Dani. 2005. 'Why Are Some People (And Countries) More Protectionist Than Others?', *European Economic Review,* 49:1393–430.

Milardović, Anđelko (ur). 2001. *Globalizacij.* Osijek-Zagreb-Split: PanLiber.

Milardović, Anđelko. 2004.*Populizam i globalizacija.* Zagreb: CPI.

Milardović, Anđelko. 2004. *Pod globalnim šeširom.* Zagreb: CPI.

Milivojević, Snježana. 2009. „Javna sfera, mediji i javnost", во *Reč,* Beograd:Fabrika knjiga стр. 179-185.

Министерство за информатичко општество и администрација. 2005. *Национална стратегија за развој на инфомратичко општество и Акционен план.* Скопје: Влада на Република Македонија Комисија за информатичка стратегија
Moren, Edgar. 1989. *Kako misli Evropa.* Sarajevo: Svetlost.

OECD*, 2010. Measuring Globalisation: OECD Economic Globalisation Indicators.* Paris: OECD Rights and Translation unit (PAC)

O'Rourke, Kevin H. and Sinnott, Richard. 2001. 'The Determinants of IndividualTrade Policy Preferences: International Survey Evidence', *Brookings TradeForum.*

Петреска Бешка, Виолета/ 2009. *Подготовка за истражување во психологијата.* Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Филозфски факултет.

Pečujlić Mihajlo. 1997. *Izazovi tranzicije, Novi svet i postsocijalistička društva,* Beograd Pravni fakultet.

Pink, Daniel, 2006. The Changing Work Place во Global The Challenges of Globalization EJournal USA, Washington: Judith S. Siegel.

Pieterse Nedeerven, Jan. 2009. *Globalization and Culture: Global Mélage.* Lanhan: Rowman & Littlefield Publishers, INC.

Posavec, Lamza, Vesna. 1995. *Javno mnijenje,* Zagreb: Alinea.

Przeworski, Adam. 1996. 'Public Support for Economic Reforms in Poland', *ComparativePolitical Studies,* 29:520–44.

Rantanen, Tehri. 2005. *The media and globalzaition*, London: SAGE Publication.

Reinert, S. Erik. 2006. *Globalna ekonomija*. Beograd: Čigoja.

Ricer, Džordž. 2012. *Savremena sociološka teorija i njeni klasični koreni*. Beograd: Glasnik.

Ritzer, Barrys Smart eds., *Handbook for Social Theory*. London: SAGE Publications.

Robertson, Ronald. 1992. *Globalization: Social Theory and Global Culture*. Thousand Oaks, CA: Sage.

Robertson, Ronald. 2001. *„Globalization Theory 2000+:* Major Problematics". во George

Robinson William. 2001. *Social Theory and Globalisation, The Rise of Transnational StatemTheory and Society*, Renewal and Critique in Social Theory, Vol. 30/2, April 2001.

Santos B. De Soza Boaventura. 2002. "Procesi globalizacije", Rec, br. 68 (14 decembra 2002).

Scheve, Kenneth F. and Slaughter, Matthew J. (2001) *Globalization and the Perceptions of American Workers,* Washington: Institute for International Economics.

Schuman Howard, Presser stanley, 1996. Questions and Answers in Attitude Surveys: Experiments on Question Form, Wording, and Context (Quantitative Studies in Social Relation) SAGE Publication, USA.

Shamir, Jacob & Michal Shamir, 2000. *The Anatomy of Public Opinion*. Ann Arbor, MI: The University of Michigan Press.

Slijepcevic Djoko. i dr., 2008. *Nova ekonomija u uslovima globalizacije i informatickog drustva* Banja Luka: Ekonomski fakultet.

Сорос, Џорџ. 2003. *О глобализицији,* Београд.
Steger, B. Manfred. 2009. *Globalization*. New York:Sterling Publishing.

Стиглиц,Е. Џозеф. 2002. *Противречности глобализације*, Београд: SBM – X.

Stiglitz, E. Dzozev. 2009. *Uspjeh globalizacije: novi koraci do pravednoga svijeta*. Zagreb: Algritam.

The World Economic Forum Poll. 2002. *Global Public Opinion on Globalization*. GlobeScan.

Tomić, Zorica. 2003.*Komunikologija,* Beograd, Čigoja.

Vlajki, Emili. 2006. *Americki teror: o naciji koja nije prestajala ratovati od svog postojanja* Banja Luka: Besjeda.

Volf, Vesna. 2003. Da li ce nacionalne drzave preziveti globalizaciju, u: Globalizacija – mit ili stvarnost: socioloska hrestomatia, prir. V. Vuletic (Beograd: Zavod za udzbenike i nastavna sredstva.

Вотерс, Малком. 2003. *Глобализација*. Скопје: Институт за демократија, солидарност и цивилно општество.

Vuletić, Vladimir. 2003. *Globalizacija – mit ili stvarnost*. Beograd: Zavod za udžbenike i nastava sredstva.

Вулетић, Владимир, Ћирић Јован, Шуваковић, Урош. 2013. *Глобализација и десуверенизација*. Косовска Митровица: Српско социолошко друштво Београд, Институт за упоредно право Београд, Филозфски факултет Универзитета у Приштини, Косовска Митровица.

Чокревски, Томислав. 2000. *Социологија на комуникации*. Скопје: Правен факултет.

Wallerstein Immanuel. 1974. *The Modern World System,* New York: Academic.

Wallerstein Immanuel. 1986. Suvremeni svejtski sistem. Zagreb: Cekade

Зенделовски, Нацев, 2014: *Глобалзиацција мирот и безбедноста.* Скопје: Универзитет Св. Кирил и Методиј, Филозофски факултет.

Шолте, Арт, Јан.2008. *Глобализација.* Скопје: Академски печат.

***Посебни извори:***

***Интернет:***

Global Internet Report 2014. Global Internet Report 2014, http://www.internetsociety.org/map/global-internet-report/?gclid=CJC3tZvis8ICFcjHtAod6BUATw). (последен пристап 15.IX. 2015)

Европска комисија соопштението на комисијата до европскиот парламент и до советот 2011. (достапно на http://www.mchamber.mk/upload/%D0%95%D0%92%D0%A0%D0%9E%D0%9F%D0%A1%D0%9A%D0%90%20%D0%9A%D0%9E%D0%9C%D0%98%D0%A1%D0%98%D0%88%D0%90%20%D0%98%D0%97%D0%92%D0%95%D0%A8%D0%A2%D0%90%D0%88%20%D0%97%D0%90%20%D0%9D%D0%90%D0%9F%D0%A0%D0%95%D0%94%D0%9E%D0%9A%D0%9E%D0%A2%20%D0%9D%D0%90%20%D0%A0%D0%9C%202011%5b1%5d.pdf ) (последен пристап 15.IX. 2015)

www.lse.ac.uk/cgi-bin/cacshed. (последен пристап 15.IX. 2015)

YourDictionary.com (2008) достапно на http://www.yourdictionary.com/search/results/?q=globalziation (последен пристап 15.IX. 2015)

http://www.president.gov.mk/ (последен пристап 15.IX. 2015)

http://www.balkanalysis.com/macedonia/international-organizations/ (последен пристап 15.IX. 2015)

http://www.siofa.gov.mk/data/file/Ramkoven_dogovor_mk.pdf. (последен пристап 15.IX. 2015)

http://media.mk/article/86713/sto-sodrzi-dogovorot-od-2-juni-potpisan-vo-eu-rezidencijata-vo-przino (последен пристап 15.IX. 2015)

**Законски документи:**

Закон за добивка ("Службен весник на РМ" бр.27/2006, 139/2006).

Закон за персоналниот данок на доход ("Службен весник на РМ" бр. 74/2006, 139/2006).

Законот за Технолошки Развојни Индустриски Зони (ТРИЗ) ("Службен весник на РМ" бр. 14/2007: чл. 5, чл. 6 и чл.8).

Закон за трговските друштва, „Службен весник на Република Македонија" бр.28/04, 84/05. 71/06, 25/07 и 87/08).

Царинскиот закон ("Службен весник на РМ" бр. 39/2005).

**Статистички извештаи:**

***Државен завод за статистика на Р.Македонија (ДЗС)* Користење ИКТ во** домаќинствата според тип на домаќинство, по години (во %) МАКСтат база (достапно на:
http://makstat.stat.gov.mk/pxweb2007bazi/Database/StatistikaPoOblasti/InfOpstestvo/InfOpstestvo.asp) (последен пристап 15.IX. 2015)

Државен завод за статистика на Р.Македонија (ДЗС). 2014.*Користење Деловни субјекти кои имаат пристап на Интернет (%)Деловни субјекти кои имаат веб-страница и/или домашна (почетна) страница (%)Деловни субјекти кои употребуваат Интернет за интеракција со јавната власт (е-влада) (%)МАКСтат база.*

*Државен завод за статистика на Р.Македонија (ДЗС). 2014. Користење Деловни субјекти кои имаат пристап на Интернет (%)Деловни субјекти кои имаат веб-страница и/или домашна (почетна) страница (%)Деловни субјекти кои употребуваат Интернет за интеракција со јавната власт (е-влада) (%)МАКСтат база.*

*Државен завод за статистика на Р.Македонија (ДЗС). 2014. Користење Деловни субјекти кои имаат пристап на Интернет (%)Деловни субјекти кои имаат веб-страница и/или домашна (почетна) страница (%)Деловни субјекти кои употребуваат Интернет за интеракција со јавната власт (е-влада) (%)МАКСтат база.*

*Државен завод за статистика на Р.Македонија (ДЗС). 2012. Патување на домашното население. Статистички преглед: Транспот, туризам и други услуги 8.4.12.02.726*

Скопје *Државен завод за статистика на Р.Македонија*

*Државен завод за статистика на Р.Македонија (ДЗС). 2015. Статистички годишник на Република Македонија, 2015. Скопје Државен завод за статистика на Р.Македонија*

*Срански директни инвестиции во република МакедонијаСтатистички преглед:Национална економија и финансии Транспот, туризам и други услуги 3.4.9.01.612, Скопје Државен завод за статистика на Р.Македонија*

*Државен завод за статистика на Р.Македонија (ДЗС). 2009. Странски директни инвестиции во република МакедонијаСтатистички преглед:Национална економија и финансии Транспот, туризам и други услуги 3.4.9.01.612, Скопје Државен завод за статистика на Р.Македонија*

Народна банка на република Македонија

(достапно на:
http://www.nbrm.mk/default.asp?ItemID=750FC531FC3D1B49B16440313562D400
(последен пристап 15.IX. 2015)

# ПРИЛОЗИ

## Прилог 1. Табеларен приказ на селектирани истражувања во кои се обработува глобализацијата

| Реализатор | Наслов | Тема | Дефинирана глобализација |
|---|---|---|---|
| German Marshall Fund.s Trade and Development Program. | Персепективите на трговијата и намалувањето на сиромаштијата / Perspectives on Trade and Poverty Reduction | Меѓународна трговија, намалување на сиромаштијат а економски развој | Не |
| GlobeScan Inc | Што посакуваат лидерите за 2020: лидерите на НВО Погледи кон глобализацијата и одржливоста / What NGO Leaders Want for the Year 2020: NGO Leaders. Views on Globalization, Governance and Sustainability survey | Визијата на стејкхоледрите во однос на визијата за владееењето и глобализацијата во 2020, за иницијативите, политикитие и институционалните актери | Не |
| Ekos Research Associates Inc | Ставовите на канаѓаните кон меѓународната трговија / Canadian Attitudes Toward International Trade | Глобализацијатат е споменатата во модалитетите | Не |
| Pollara | Јавниот придонес кон иднината на здравствената заштита (Public Input on the Future of Health Care ) | Глобализација, медицинска помош, човечки ресурси во здравството | Не |
| Pew Research Centre for the People and the Press under the Princeton Research Associates in 2002 | Глобални ставови – Национално истражување (Global Attitudes: Nation Major Survey). | | Не |
| Roper Center for the Program on International Policy Attitudes (PIPA) | Истражуавање за глобализацијата (Globalization Survey) | | Кластер дефиниции |
| GlobeScan Inc | 2020 Панел на Стејкохолдерите: Кон иднината која ја посакуваме за нашите деца (2020 Global Stakeholder Panel: Towards the Future We Want for Our Children) | | |
| Center for Research and Information Canada (CRIC) | Трговијата, глобализацијата и канадските вредности (Trade, Globalization and Canadian Values) | | Јасни аспекти економија или трговија |
| Leger Marketing | Како се чувствуваат канаѓаните во однос на глобализацијата (How Canadians Feel About Globalization) | | Економска димензија |
| Globescan | Национално истражување за глобални теми ( Nation Poll on Global Issues) | | Меѓународна трговија |
| Washington Post, Kaiser Family | Темите во изборите 2000: економско истражуавање | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Foundation and Harvard University in October 2000. | (Issues in the 2000 Election: The Economy surves) | | |
| Chicago Council on Foreign Relations and the German Marshall Fund of the United States by Harris Interactive in 2002. | Истражување на погледите на свет 2002 (World Views 2002 Survey) | | Домашна економија |
| Ekos Research Associates | Политички Political Landscape, Economic Outlook, and Globalisation: Creeping Continentalism or 21st Century Nationalism | | Широка економска дефинциија |
| Women in International Trade Charitable Trust (WIIT) | Fifth Annual Survey of Public Opinion on International Trade | | еконономија |
| Chicago Council on Foreign Relations (CCFR) | American Public Opinion and US Foreign Policy Survey | | |
| | American and Japanese Attitudes Very Different On | | Економија |
| World economic Forum GlobeScan Incorporated | Глобалното јавно мислење за глобализацијата (Global Public Opinion on Globalziation | ставови кон глобализацијата; очекувања од глобализацијата; јавно мислење за | Економија |
| Филозфски факултет, Докторски труд, Докторска Марија Дракуловска Чукалевска | Односот на глобалното и локалното во културата: случајот на Република Македонија | Личниот однос кон глобализацијата; чувството за присуство на глобализацијата во секојдневниот живот и последиците од глобализацијата | Култура |

## Прилог 2. Структура на анкетниот прашалник

**АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК**
**Глобализацијата и јавноста: македонски контекст**

*Почитувани,*
*Целта на ова истражување е да го истражи мислењето на јавностаза глобализацијата и нејзиното присуство во Р.Македонија.Ве молиме, внимателно да го прочитате секое прашање и да го заокружите бројот пред избраниот понуден одговор. Избраниот одговор е оној модалитет со кој најмногу се согласувате или најдобро го претставува Вашето мислење.*
*Сите информации ќе се третираат целосно анонимно и ќе бидат искористени за изготвување на магистерскиот труд пријавен на Филзофскиот факултет,*
*Ви благодариме на соботката и довербата*

**1. Пол:** 1. машки 2. женски

**2. Возраст** ( впиши години)

**3. Степен на образование**
1. основно2. Средно3. Вишо4. Високо5. магистратура и докторат

**4. Работен статус**
1. вработен/а 2. невработен/а 3. Домаќинка
4. пензионер/пензионерка 5. студент, ученик 6. Друго

**5. Дали сте информирани за глобализацијата?**
1. не сум информиран/а 2. сум информиран/а

**6.Вашиот личен став кон глобализацијата би го одредиле како:**
1. позитивен 2. негативен 3. неутрален

**7. Според Вас, што претставува глобализацијата?** *(заокружете **најмногу 4** модалитети)*
1. процес наметнат од моќните земји (проект).
2. реален процес (ненаметнат, историски).
3. процес на слабеење на националната држава.
4. интеграција на националните држави.
5. процес на создавање светско општество.
6. зголемување на меѓузависноста меѓу државите.
7. процес на ширење на моќта на мултинационалните компании.
8. слободна трговија.
9. пренесување на моќта на националните влади на глобалните институции (ММФ, Светска банка).
10. интеграција на пазарот.
11. поделба на светското население на глобално богати и локално сиромашни.
12. полесна и побрза комуникација.
13. процес насочуван од развојот на комуникациските технологии.
14. друго_______________ (не читај).

**8. Според Вас, кои од овие организации се најприсутни во Р. Македонија?** *(заокружете **најмногу 4** модалитети)*
1. Меѓународен монетарен фонд (ММФ).
2. Светска банка.
3. Светска трговска организација.
4. НАТО.
5. Мултинационалните компании.
6. Европска Унија (ЕУ).
7. Обединетите Нации (ОН).

8. друго_______________ (не читај)

**9. Според Вас, во кои од наведените сфери е највидливо присуството на глобализацијата во светски рамки?** *(заокружете **најмногу 4** модалитети)*

1. Економија.
2. Мултинационални компании.
3. Политика.
4. Туризам.
5. Филмови.
6. Трговија.
7. Јазик.
8. Техника (smart tehnology).
9. Музика.
10. Медиуми.
11. Интернет.
12. друго_______________ (не читај)

*Во продолжение следат тврдења кои се однесуваат на присуството на глобализацијата во Р.Македонија во сферата на економијата, политиката и културата. Одговорете дали се согласувате со овие тврдења.*

**10. Глобализацијата има влијание во Р. Македонија: глобализација**

1. да 2. не

**11. Глобалната економија и директните странски инвестиции се присутни во економијата во Р. Македонија:**

1. да 2. не

**12. Слободната пазарна економија треба да се поддржува, иако на сметка на ова некои луѓе се збогатуваат, а други стануваат посиромашни:**

1. да 2. не

**13. Глобализацијата има влијание врз политиката во Р. Македонија?**

1. да 2. не

**14. Глобализацијата има влијание врз медиумската сфера во Р. Македонија?**

1. да 2. не

**15. Порастот на трговијата и бизнис-врските помеѓу Р. Македонија и другите земји, според Вас:** 1. има големо значење за Р. Македонија 2. има мало значење за Р. Македонија
3. нема значење за Р. Македонија

**16. Според Ваше мислење, сè побрзата комуникација и поголемите шанси за патувања во странство:** 1. има големо значење за Р. Македонија 2. има мало значење за Р. Македонија
3. нема значење за Р. Македонија

**17. Според Ваше мислење, достапноста на филмовите, тв и музика од различни делови од светот:** 1. има големо значење за Р. Македонија 2. има мало значење за Р. Македонија
3. нема значење за Р. Македонија

**18. Во однос на тврдењето дека светот сè повеќе се поврзува преку економските врски и забрзаната комуникација, за Вас: глобализација**
1. има големо значење за Р. Македонија 2. има мало значење за Р. Македонија
3. нема значење за Р. Македонија

**19. Дали очекувате дека економијата во Р. Македонија во наредните 12 месеци:** 1. Ќе се подобри 2. Ќе остане иста 3. Нема да се подобри

**20. Вообичаено луѓето според својата политичка ориентација се делат на лево ориентирани, центар и десно ориентрани. Одредете ја вашата позиција:**
1. лево ориентиран 2. центар 3. десно ориентиран

**21. Интернет користам за следниве потреби (*заокружете <u>најмногу 5</u> модалитети*) :**
1. Социјалните мрежи.
2. Проверка на маил.
3. Гледање на телевизија преку интернет.
4. Гледање филмови/серии/емисии.
5. Online купување.
6. Слушање на музика.
7. Читање списанија.
8. Следење на спортски резултати.
9. Организирање на патувања.
10. Читање вести.
11. Електронска наплата.
12. Едуцирање.
13. Научно истражувачки цели.
14. Водење на бизнис.
15. Реализација на работниот процес преку интернет.
16. Читање книги.
17. Играње на видео игри.
18. Друго (наведете).

**22. Во изминативе 12 месеци, дали сте биле доведен/а во ситуација да немате доволно пари за храна?** 1. да 2. не

**23. Кој од следниве ставови се поблиску до Вас?**
1. го сакам модерниот начин на живот 2. не го сакам модерниот начин на живот

**24. Кој од следниве ставови се поблиску до Вас?** 1. масовната потрошувачка и комерцијализација се закана за македонската култура
2. масовната потрошувачка и комерцијализација не се закана за македонската култура

**25.Кој од следниве ставови се поблиску до Вас?**
1. постепно го губиме нашиот традиционален начин на живот
2. традицијата и традиционалниот начин на живот зајакнува